5	Одделот за Дневна болница - Дијагностика и лекување на хематолошки заболувања во услови на Дневна болница во хематологијата	5.5 месеци
6	Амбуланско-поликлиничка дејност во хематологијата	5 месеци
7	Трансфузиологија	0,5 месец
8	Ултразвучна дијагностика на абдомен	1 месец
9	Онкологија	1 месец
10	Патолошка анатомија	1 месец
11	Биохемија	1 месец
12	Имунологија (ХЛА ДНК типизација)	1 месец
13	Микробиологија	1 месец
14	Нуклеарна медицина	0,5 месец
15	Детска хемато-онкологија	1 месец
16	Трансфузиологија	0,5 месец
17	Општа или специјализирана болница	2 месеца
18	Ургентен центар при клиника	1 месец
19	Лекување на пациент во здравствен дом	3 месеца
20	Итна медицинска помош	1 месец
	Вкупно	**48 месеци**

Практични вештини во напреднат дел од специјализацијата по Хематологија

Турнус	**Траење / Начин на изведување**	
Постапка/интервенција	**Асистира**	**Изведува самостојно**
Турнус на Одделот за Клиничко лекување на болни со хематолошки заболувања	**6 месеци**	
Работа со хоспитализирани болни • **да изведува точно насочени анамнеза и физикален преглед** • **водење на медицинска документација** • **да обработи најмалку 100 пациети**		

годишно. На одделот е задолжен да следи 5 пациенти • **да ги знае индикациите и контраиндикациите за иследувањата, техниките на нивно изведување и толкување на резултатите од испитувањата** • **да се оспособи за поставување на диференцијална дијагноза, третман и следење на пациентите со хематолошки заболувања** **Процедури што треба специјализантот да ги совлада под контрола на менторот:** • **Стернална пункција** • **Биопсија на коска** • **Лумбална пункција**	**30** **20** **5**	**30** **20** **5**

Турнус	**Траење / Начин на изведување**	
Постапка/интервенција	**Асистира**	**Изведува самостојно**
Турнус на Лабораториски иследувања во хематологијата	**4 месеци**	
Процедури што треба специјализантот да ги совлада под контрола на менторот: • **Основни познавања за мерење на концентрацијата на хемоглобин, ретикулоцити, леукоцити, тромбоцити** • **Тест за осмотска резистенција**	**100**	**100**

Подготовка и боење со фиксација на ериферни размаски, аспирати на коскена срцевина		
Цитолошки преглед на • **пунктат од коскена срцевина,** • **периферна крв,** • **ликвор**	**20**	**20**
Подготовка и боење на имунохистохемија на пунктат од коскена срцевина • **познавање на цитохемиски боења (алкална фосфатаза, мијелопероксидаза, естераза, кисела фосфатаза)**	**20**	**20**
Цитолошки преглед на коскена срцевина за присуство на паразити	**5**	**5**
Лабораториска дијагностика на железодефицитна анемија, дефицит на Б 12 и фолати		
Евидентирање на пореметувања на ниво на имуноглобулини (електрофореза, имунофиксација) • **парапротеин, Бенце-Јонес протеин во урина**	**20**	**20**
Анализа на примерок за проточна цитометрија и нивна интерпретација	**20**	**20**
Познавање на цитогенетските абнормалности кај малигните хематолошки заболувања	**10**	**10**
Тестови за хемостаза, тест за оценка на коагулацијата, фибринолиза, инхибитори на коагулацијата	**50**	**50**

Турнус	**Траење / Начин на изведување**	
Постапка/интервенција	**Асистира**	**Изведува самостојно**
		6 месеци

Турнус на Одделот за Индукциона хемотерапија и интензивно лекување на малигните хематолошки заболувања		
Процедури кои треба специјализантот да ги совлада под контрола на менторот, и резултатите квалитетно и коректно да ги интерпретира:		
Совладување на техниката на цитолошка пункција на коскена срцевина (стернална пункција)	**20**	**20**
Иницијален дијагностички алгоритам за поставување на дијагноза на малигно хематолошко заболување	**50**	**50**
Познавање на современите терпевтски протокои за алигните хематолошки заболувања, примена на истаите, превенција на потенцијалните компликации, препознавање на комликациите и соодветен тераписки приод	**50**	**50**
Фебрилна неутропенија	**30**	**30**
Земање на примероци материјал за микробиолошка анализа и	**50**	**50**
Принципите на современта цитостатска терапија, начини на аплицирање и	**50**	**50**
Интратекална примена на цитостатици	**5**	**5**
интензивна нега во хематологијата,	**100**	**100**
индикации за трансфузија,	**100**	**100**
избор на крвни компоненети,	**100**	**100**
препознавање на посттрансфузиоските реакции	**50**	**50**
лекување на хеморагичен шок,	**5**	**5**
компликации кај хематолошко-	**100**	**100**

онколошки болни.		

Турнус	Траење / Начин на изведување	
Постапка/интервенција	Асистира	Изведува самостојно
Турнус на Одделот за Лекување со трансплантација на хематопоетски матични клетки	6 месеци	
Работа со хоспитализирани болни		
• Да се оспособи за поставување индикација за лекување со автологна и алогена трансплантација на матични хематопоетски клетки	50	50
• Да ги познава изворите на матични хематопоетски клетки и начините на нивна апликација	50	50
• Да со оспособи за спроведување на протоколи за кондиционирање пред автологна трансплантација	20	20
• Да со оспособи за спроведување на протоколи за кондиционирање пред алогена трансплантација	20	20
• Да го познава ХЛА системот и техниките на ХЛА ДНК типизација	10	10
• Да ги познава протоколите за радиотерапија и ТБИ	10	10
• Да се сопособи за препознавање, дијагностицирање, патофизиолошките и клиничките манифестации на графт версус хост дисеасе	5	5
• да ги познава протоколите за превенција и лекување на графт версус хост дисеасе	5	5
• Да стекне знаења за дијагностички и терапевтски постапки при комликации	20	20

од интервенцијата • **Да се запознае со поставување, обезбедување, на централен венски кататер (субклависки, фенорален)** • **познавање на основните принципи на асепса и стерлизација** • **познавање на инфективните причинители и емпириски постулати за антибиотски, антивирусни и антимикотични лекови** • **на имуносупресивната терапија, начини на апликација, дозирање** • **запознавање со протоколи за мобилизација на периферни матични клетки,** • **запознавање со процедура на афереза на периферни матични клетки** • **запознавање со процедура на криопрезервација на периферни матични клетки** • **постапки за одржување на централен венски катетер** • **да стекне знаења за одредување на ризик од фебрилна неутропенија** • **да стекне знаења за одредувања на степенот и ризик од орален мукозитис и негово лекување** • **препознавање и третман на црнодробна венооклузивна болест, хеморагичен цистит кај трансплантирани болни и лекување** • **Одредување на број на матични клетки во харвестите на коскена срцевина и периферни матични клетки преку цитолошки препарат како и одредување на бројот на ЦД 34 + клетки со проточна цитометрија** • **следење на болни лекувани со автологна и алогена трансплантација , нега препораки за хигенодиететски резим, препознавање на рани и доцни компликации и нивен третман**	**20** **5** **100** **50** **20** **20** **10** **50** **50** **50** **10** **10** **20**	**20** **5** **100** **50** **20** **20** **10** **50** **50** **50** **10** **10** **20**

Турнус	Траење / Начин на изведување	
Постапка/интервенција	**Асистира**	**Изведува самостојно**
Турнус на Одделот за Дневна болница - Дијагностика и лекување на хематолошки заболувања во услови на Дневна болница во хематологијата	**6 месеци**	
Работа со хоспитализирани болни во дневна болница: • **да изведува точно насочени анамнеза и физикален преглед** • **водење на медицинска документација** • **да обработи, дијагностицира, и лекува пациенти со хематолошки заболувања во услови на дневна болница**	**50** **50** **50**	**50** **50** **50**

Турнус	Траење / Начин на изведување	
Постапка/интервенција	**Асистира**	**Изведува самостојно**
Турнус на Амбуланско-поликлиничка дејност во хематологијата	**5 месеци**	
Работа со болни во амбулантска - поликлинишкиот дел		

• **да изведува точно насочени анамнеза и физикален преглед** • **водење на медицинска документација** • **дијагностички и терапевстски процедури на хематолошки заболувања кои се лекуваат во услови на амбулантмно-поликлинички дел**	**100** **100** **100**

Предвидени колоквиуми
Клиничко лекување на болни со хематолошки заболувања
Лабараториски иследувања во хематологијата
Одделот за Индукциона хемотерапија и интензивно лекување на малигните хематолошки заболувања
Оддел за лекување со трансплантација на хематопоетски матични клетки
Дијагностика и лекување на хематолошки заболувања во услови на Дневна болница во хематологијата
Амбулантско-поликлиничка декност во хематологијата

За сите турнуси кои траат до два месеца ќе се врши проверка на знаење (колоквиум) според услови и посечена литература на Катедрата на високообразовната институција каде се изведува турнусот. Проверката на знаењето треба да се изврши најдоцна еден месец по завршување на турнусот, а специјализантот треба да го положи најдоцна до завршување на наредниот турнус

Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје

ВРЕМЕ НА ТРАЕЊЕ, ПЛАН И ПРОГРАМА НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО ЕПИДЕМИОЛОГИЈА

Специјалистичкиот стаж трае 36 месеци

Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика	26
Микробиологија и паразитологија	3
Инфективни болести и фебрилни состојби	3
Фамилијарна медицина	2
Изработка на специјалистички труд	2

Програмата за теоретска настава е предвидено да се изведува како предавања, семинари, работа во мали групи	
Прва и втора година	Задолжителна теоретска настава предвидена за сите специјализанти – Научно истражувачка работа – Донесување на клиничка одлука – Комуникациски вештини – Јавно здравство – Способност за стекнување и пренесување на знаење – Етика и прописи – Промоција на здравјето

План по години	Настава (часови)	Стаж (месеци)	Стажот се изведува во установи што вршат дејност по:
Прва година			
I. Биостатистика со медицинска информатика	**Вкупно 49**	**Вкупно 6**	Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика
I – 1 Дескриптивна и инференцијална статистика	11	2	
I – 2 Демографска и витална статистика и медицинска информатика	12	2	
I – 3 Статистика и информатика во пракса	26	2	
II. Општа епидемиологија	**Вкупно 90**	**Вкупно 6**	Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика
II – 1 Општа епидемиологика – прв дел	30	2	
II – 2 Општа епидемиологика – втор дел	30	2	
II – 3 Општа епидемиологика –трет дел	30	2	
Втора година			
I. Инфектологија	**Вкупно 20**	**Вкупно 3**	Инфективни болести и фебрилни состојби
I – 1 Инфектологија – теоретски дел	12	2	
I – 2 Инфектологија – практичен дел	8	1	
II. Микробиологија со паразитологија	**Вкупно 24**	**Вкупно 3**	Микробиологија и паразитологија
II – 1 Микробиологија – теоретски дел	12	1	
II – 2 Микробиологија – практичен дел	12	2	

Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје

III. Фамилијарна медицина	**Вкупно 10**	**Вкупно 2**	Фамилијарна медицина
III – 1 Фамилијарна медицина	10	2	
IV. Специјална епидемиологија-прв дел	**Вкупно 30**	**Вкупно 4**	Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика
IV – 1 респираторни заразни болести	15	2	
IV – 2 цревни заразни болести	15	2	
Трета година			
I. Специјална епидемиологија-втор дел	**Вкупно 67**	**Вкупно 10**	Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика
I – 1 контакни заразни болести	13	2	
I – 2 трансмисивни заразни болести	13	2	

Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје

I – 3 природноогнишни болести и зоонози	13	2	
I – 4 хронични незаразни заболувања	13	2	
I – 5 интервентна епидемиологија	15	2	
II. Изработка на специјалистички труд	**Вкупно 20**	**Вкупно 2**	Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика
Изработка на специјалистички труд	20	2	
Вкупно	**310**	**36**	

2.1. Програма - теоретски дел

	Предмети	Број на часови
I	**Биостатистика со медицинска информатика**	
1	Дескриптивна анализа	1
3	Распределба на фреквенциите и веројатноста	1
4	Хипотези (t – тест)	1
5	Анализа на варијанса	1
6	Pearsonov X^2 – тест	1
7	Регресиона анализа и линеарна корелација	1
8	Мерки на корелација базирани на рангирани податоци	1
9	Непараметарски тестови – независни примероци	1
10	Непараметарски тестови – зависни примероци	1
11	Испитување на динамика на појавите	1
12	Анализа на времето на преживување	1
13	Демографска статистика	4
14	Витална статистика	3
15	Медицинска информатика	5
	Вкупно	**23**
II	**Општа епидемиологија**	
1	Цели и историја на епидемиологијата	2
3	Епидемиолошки методи (дескриптивен, аналитички и експериментален)	15
4	Показатели на заболувањата, нарушувањето на здравјето и смртност	3
5	Епидемиски процес	2
6	Епидемиолошки модели	2
7	Настанување на инфекцијата и заразните болести	2
8	Механизам на настанување и пренесување на заразните болести	2
9	Превенција на болестите и нарушување на здравјето	2
10	Епидемиолошки надзор	2
11	Елиминација и ерадикација на заразните заболувања	2
12	Имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса	4
13	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација	2
14	Интрахоспитални инфекции	5
15	Епидемиолошки доктрини на воените судири и вонредните состојби	6
16	Клиничка епидемиологија	12
	Вкупно	**63**
III	**Специјална епидемиологија**	
1	Епидемиолошки карактеристики на респираторни заразни болести	10
2	Епидемиолошки карактеристики на цревни заразни болести	10
3	Епидемиолошки карактеристики на контакни заразни болести	10
4	Епидемиолошки карактеристики на трансмисивни заразни болести	10
5	Епидемиолошки карактеристики на природноогнишни заразни болести	10
6	Епидемиолошки карактеристики на зоонози	10
7	Епидемиолошки карактеристики на хронични незаразни заболувања	10
8	Интервентна епидемиологија	6
	Вкупно	**76**

Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје

IV	**Инфектологија**	
1	Функционирање и работата на инфективните одделенија	4
2	Модерна дијагностика и терапија на заразните болести	4
3	Протокол за работа со пациенти со заразни заболувања	4
	Вкупно	**12**
V	**Микробиологија со паразитологија**	
1	Бактериологија	1
2	Вирусологија	1
3	Паразитологија	1
4	Имунологија	1
5	Лабораториски техники	1
6	Земање, чување и праќање на материјал	1
	Вкупно	**6**
VI	**Фамилијарна медицина**	
1	Знаења, ставови и вештини во ПЗЗ	2
2	Превентивни програми во Р.Македонија	2
3	Имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса	2
	Вкупно	**6**

2.2. Програма – практичен дел

	Предмети	Број на часови
I.	**Биостатистика со медицинска информатика**	
1	Индекси на динамика	2
2	Модус и медијана	2
3	Проценка на параметри на примерок	2
4	Студентов t-тест	2
5	X^2 - тест	2
6	Корелација	2
7	Линеарен тренд на временските серии	2
8	Сезонски индекс	2
9	Демографската и виталната статистика – примери од пракса	3
10	Употреба на информатичка технологија вклучувајќи онлајн датабази	3
11	Базична обука со компјутерски статистички програм	4
	Вкупно	**26**
II.	**Општа епидемиологија**	
1	Проценка на ризик за појава на одредена болест	2
2	Правилници и закони од доменот на епидемиологијата	3
3	Валидност и сигурност на дијагностички тестови	3
4	Интрахоспитални инфекции – примери од пракса	3
5	Семинарска тема – изработка и презентација	6
6	Изработка на научен труд за публикување	10
	Вкупно	**27**
III.	**Специјална епидемиологија**	
1	Анализа, дизајн и имплементирање на системи за следење	2
2	Планирање и развивање на истражување на случај на епидемија	2
3	Обработка на примери на хидрични епидемии	3
4	Обработка на примери на алиментарни епидемии	3
5	Обработка на примери на аерогени епидемии	3
6	Обработка на примери на трансмисивни епидемии	3
7	Обработка на примери на контакни епидемии	3
8	Презентирање на резултати од согледувања и анализи и давање на препораки до релевантните авторитети	2
	Вкупно	**21**

**Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика,
Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје**

IV.	**Микробиологија**	
1	Протокол за работа со инфективен материјал	1
2	Садење и пресадување	1
3	Боење	1
4	Микроскопирање	1
5	Серолошки анализи	1
6	Интерпретација на резултати	1
	Вкупно	**6**
V.	**Инфектологија**	
1	Техника на преглед и анамнеза на пациент со заразно заболување	1
2	Поставување на дијагноза на инфективен болен	2
3	Одредување на терапија на инфективен болен	2
4	Следење на ефектите на терапијата на инфективен болен	2
	Вкупно	**8**
VI.	**Фамилијарна медицина**	
1	Медицина базирана на докази	4
	Вкупно	**4**

ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО ИМУНОЛОГИЈА

1. НАСТАВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ПО ИМУНОЛОГИЈА

Специјалистичкиот стаж трае 48 месеци

1.	Институт за имунобиологија и хумана генетика (ИИБХГ)	17 месеци
2.	Институт за трансфузиона медицина (ИТМ)	5 месеци
3.	Интерна медицина	8 месеци
4.	Педијатрија	4 месеци
5.	Микробиологија и паразитологија	1,5 месец
6.	Хематологија	2 месеци
7.	Дерматовенерологија	1,5 месец
8.	Инфективни болести	1 месец
9.	Неврологија	1 месец
10.	Гинекологија и акушерство	1 месец
11.	Офталмологија	1 месец
12.	Оториноларингологија	1 месец
13.	Радиотерапија и онкологија	0,5 месец
14.	Медицина на труд	0,5 месец

Програмата за теоретска настава е предвидено да се изведува како предавања, семинари, работа во мали групи	
Прва и втора година	Задолжителна теоретска настава предвидена за сите специјализанти – Научно истражувачка работа – Донесување на клиничка одлука – Комуникациски вештини – Јавно здраство – Способност за стекнување и пренесување на знаење – Етика и прописи – Промоција на здравјето

2. ПЛАН И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ПО ИМУНОЛОГИЈА

	Настава (часови)	Стаж (месеци)	Стажот се изведува во установа што врши дејност по
1. Општи компетенции	20	2	ИИБХГ

2. Вроден имун одговор	20	2	ИИБХГ
3. Б и Т клеточен имун одговор	20	2	ИИБХГ
4. Имуни ефекторни механизми	10	1	ИИБХГ
5. Имуни реакции кај здрави и болни луѓе	30	1	ИИБХГ
6. Експериментална имунологија	10	2	ИИБХГ
7. Имуногенетика	60	3+3	ИИБХГ + ИТМ
8. Имуни реакции кон крв и крвни деривати	20	2	ИТМ
9. Имун одговор кон микроорганизмите	20	1,5	Микробиологија
10. Имунолошка дијагностика	10	4	ИИБХГ
11. Имунолошки заболувања кај деца	30	4	Педијатрија
12. Системски имунолошки заболувања	15	2	Ревматологија
13. Имунолошки заболувања на кожата	15	1,5	Дерматовенерологија
14. Имунолошки заболувања во хематологијата	20	2	Хематологија
15. Имунолошки заболувања на ендокриниот систем	5	1	Ендокринологија
16. Имун одговор при инфективни заболувања	10	1	Инфективни болести
17. Имунолошки заболувања на дишните органи и алергии	10	2	Пулмологија
18. Имунолошки заболувања на бубрезите	20	2	Нефрологија
19. Имунолошки заболувања на Гастроинтестиналнит тракт	5	1	ГЕХ
20. Имунолошки заболувања на очите	3	1	Офталмологија
21. Имунолошки заболувања на уво, нос и грло	3	1	ОРЛ

22. Имунолошки заболувања на нервниот систем	5	1	Неврологија
23. Имунологија на репродуктивниот систем	10	1	Гинекологија и акушерство
24. Имунологија на тумори	5	0,5	Радиотерапија и онкологија
25. Професионални имунолошки заболувања	4	0,5	Медицина на труд
26. Изборен дел и Изработка на специјалистички труд		3	според интерес и вработување
вкупно	380	48	

2.1 Програма на специјализација

2.1.1. Теоретски дел

1.	**Општи компетенции**
	1.Медицинска етика и деонтологија
	2. Вештина на комуникација со пациентите, колегите и други стручни лица – комуникациски вештини
	3. Дефинирање, прибирање и правилно докуметирање на релевантни податоци
	4. Разбирање на важноста на научниот пристап на струката и учество во научноистражувачка работа со почитување на етичките начела
	5. Примена на принципите на медицина заснована на докази
	6. Важност за водење на медицинска документација, ефикасност во документирањето и примена на важечките прописи
	7. Тимско работење, координирање на приоритети и ефикасно делување во мултидисциплинарни тимови
	8. Познавање на здравствената регулатива, поврзана со специјализацијата и заштита на правата на пациентите
	9. Познавање на текот, распоредот и контролана на работните процеси и основи на управувањето со ресурсите, особено финансиските
	10. Мерки на сигурност во лабораторија
	11. Стерилизација и дезинфекција
	12. Ракување и складирање на биолошки примероци
	13. Обезбедување на систем за квалитет
2.	**Вроден имун одговор**
	1. Надворешна одбрана кон предизвикувачите
	2. Фагоцитните клетки ги убиваат микроорганизмите
	3. Комплементот учествува во фагоцитозата
	4. Комплементот учествува во акутната воспалитена реакција

	5. Белковините на акутна фаза се зголемуваат при инфекција
	6. Интерлеукини (IL1, IL-6 ...)
	7. Туморски некрозни фактори
	8. Интерфероните ја инхибираат репликацијата на вирусите
	9. Сосирување на крвта, воспаление и одбрана
	10. Тромбоцитни атхезивни молекули
	11. Еикозаноиди и липидни медијатори
	12. Клетки природни убијци - КПУ (биологија на КПУ; КПУ во хематопоезата; КПУ вобактериска инфекција; КПУ во вирусни инфекции; КПУ во трансплантација; КПУ во туморската биологија; КПУво бременоста)
	13.Макрофаги (биологија на макрофагите, молекуларна основа на макрофагната активација,макрофагите во контрола на хематопоеза, макрофагите во вирусна инфекција, макрофагите во бактериска инфекција, макрофагите во паразитна инфекција, макрофагите во автоимунитетите и примарните имунодефицити, макрофагите во туморска имунологија, макрофагите во кардиоваскуларен систем и во ЦНС).
	14. Неутрофили (неонатално созревање, кинетика и функција; неутрофилни рецептори имодулација на имуниот одговор; пренесување сигнал; фагоцитоза и убивање).
	15.Неутрофилнинарушувања(неутрофилнадисфункција;вроденинеутрофилнинедостатоци; неутрофилно остварено ткивно оштетување; терапевтска модулација на неутрофилите).
3.	**Б и Т клеточен имун одговор**
	1. Клетки и органи во имуниот систем
	2. Антигени
	3. Имуноглобулини: структураифункција
	4. Реакции антиген: противтело
	5. Организација и експресија на имуноглобулинските гени
	6. Б клеточно созревање, активација и диференцијација
	7. Антигена обработка и прикажување
	8. Т клеточен рецептор
	9. Т клеточно созревање, активација и диференцијација
4.	**Имуни ефекторни механизми**
	1. Цитокини
	2. Комплементен систем
	3. Леукоцитна миграција и воспаление
	4. Клеточно остварен имун одговор
	5. Хуморално остварен имун одговор
5.	**Имуни реакции кај здрави и болни луѓе**
	1.Вакцини
	2."Вродени" реакциина преосетливост
	3. Тип 1 преосетливост
	4. Тип 2 преосетливост
	5. Тип 3 преосетливост
	6. Тип 4 преосетливост
	7. Автоимунитет
	8. Вродени и стекнати имуни недостатоци
	9. Туморска имунологија

6.	**Експериментална имунологија**
	1. Поттикнување и откривање на имуниот одговор
	2. Мерење и употреба на антителата
	3. Испитување на лимфоцитите
	4. Анализа на имуниот одговор во интактен организам
	5. Манипулации на имуниот систем
	6. Култура на клетки и ткива.
7.	**Имуногенетика**
	1. ХЛА систем (СМН): Вовед, историски развој на сознанијата, генетски комплекс, крвна група, улога во трансплантација, трансфузија, антропологија, имуна одбрана, актуелни сознанија.
	2. H-2 систем: Модел кај глувции, сличности со човек.
	3. СМН кај животни: Амфибии,птици, цицачи.
	4. Генетика на ХЛА систем: Гени од I-класа, локуси, дистрибуција, структура и нивни производи.
	5. Генетика на ХЛА систем: Гени од II-класа, локуси, дистрибуција, структура и нивнипроизводи.
	6. Генетика на ХЛА систем: Гени од III-класа, локуси, дистрибуција,структура и нивнипроизводи. Други гени локализирани во ХЛА регија.
	7. Гени од ХЛА во антропологија и еволуција: Антрополошка распределеност, динамика на популации, полиморфизам и еволуција.
	8. Улога на ХЛА систем во имунологијата: Распознавање свое/туѓо, Т клеточен рецептор и помагачки молекули, презентација на пептиди, клеточен пролиферативен одговор, клеточен цитотоксичен одговор.
	9. Улога на ХЛА систем во имунологијата: Тимусна селекција на лимфоцити,суперантигени, противканцерозно преживување, генетска контрола, вакцинација, одомаќинети гени.
	10. Алоген имун одговор: Алоген Т одговор, распознавање директно и индиректно. МЛР, ЦМЛ.
	11. Улога во гестацијата: Дистрибуција во трофобласт, мајка/татко/фетус, стерилтет,абортус. Клеточен и хуморален одговор. Вештачење татковство.
	12. Улога во трансфузиологијата: Дистрибуција на крвни клетки, политрансфундираност. Тромбоцитни и леукоцитни трансфузии.
	13. Пресадување: Избор пар дарител / прима тел, компатибилност, вкрстенапроба, имунатолеранција, трансфузиски протокол. Отфрлање.
	14. Пресадување: Пресадување на бубрег и други органи. Пресадувањенакоскена срцевина. Реакција калем против домаќин. Имуносупресија.
	15. ХЛА и болести: Генетски врски, асоцијации. Автоимуни болести, системски болести, малигни болести, алергиски, неуролошки. и др.
	16. Имун одговор кон ткивни трансплантати.
8.	**Имуни реакции кон крв и крвни деривати**
	1. Имунологија на еритроцитите
	2. ABO, Kell, Lewis, Lu, MNS и P крвни групи
	3. Резус (Rh) крвно групен систем
	4. Еритроцитни автоантитела

	5. Еритроцитна неподносливост *in vivo*
	6. Хемолитички трансфузиски реакции
	7. Хемолитичко заболување на фетус и новородено
	8. Имуни реакции кон леукоцити
	9. Имуни реакции кон тромбоцити
	10. Имуни реакции кон крвни продукти
9.	**Имун одговор кон микроорганизмите**
	1. Интеракција на микроорганизмот и домаќинот во патогенезата на инфекциите.
	2. Неспецифична и специфична одбрана на површината на телото, посебни одбрамбени механизми на слузокожите на системите: респираторен, дигестивен систем, урогенитален систем, очи и други, одбранана ткивата и крвта - конститутитвна, неспецифична одбрана; индуцирана одбрана со антитела, активирани макрофаги и цитотоксични Т клетки, фактори од кои зависи одбраната; Одбрана од бактериски инфекции; Одбрана од вирусни инфекции Одбрана од микотични инфекции; Одбрана од протозои и хелминти
	3. Механизми на патогеност и вируленција; Фактори на вируленција кои се одговорни за колонизацијата и инвазија на површината на телото, орофаринкс, респираторен тракт, гастро-интестинал ен тракт, урогенитален тракт, конјунктиви и други слузокожи; Манифестации кои се јавуваат непосредно по колонизацијата.
	4. Интеракција на микроорганизмот со фагоцитите и механизми на опстојување и ослободување од фаголизозомот.
	5. Елиминирањето од организмот на домаќинот, механизми на латенција, перзистенција со исфрлање на микроорганизмот надвор од домаќинот, перзистенција без исфрлање на микроорганизмот.
	6. Реакции на микроорганизмот на имуниот одговор на домаќинот: Имун одговор со создавање антитела; Т клеточен имун одговор, Толеранција, имуносупресија, присуство на микроорганизмите на недостапни места за имуниот систем, индукција на неефикасни антитела, антитела кон растворливите антигени, антигенски варијации на микроорганизмот.
	7. Генетски основи на детерминација на вируленцијата. Гени за регулација на вируленцијата.
	8. Експериментални модели за испитување интеракцијата на микрооганизмот и домаќинот,Дизајнирање на експерименталниот систем. Мерење на вируленцијата. Идентификација на потенцијалните фактори на вируленција. Експерименти ин виво, експерименти ин витро.
	9. Патогенеза на инфекции по системи и органи. Патогенеза на инфекциите во респираторниоттракт, урогениталниот тракт, дигестивниот тракт, септични состојби, меките ткива, коските и зглобовите, централниот нервен систем и менингите.
	10. Вакцини и други начини за модулација на имуниот одговор: фактори на вируленција и рационално дизајнирање на вакцините особини на добра вакцина, пасивна имунизација, други имуностимулатори.
	11. Тестирање на специфични микробни антигени во патолошките материјали.
	12. Испитување на специфични микробни антиген-специфични антитела.
	13. Визуелизација или детекција на антиген - антитело реакциите.
10.	**Имунолошка дијагностика**
	1. Заштитни мерки во имунолошката лабораторија.
	2. Основни серолошки дијагностички методи.
	3. Аглутинациски дијагностички методи.
	4. Преципитациски методи во имунодијагностиката.

	5. Електрофорезни техники.
	6. Обележувачки методи во имунолошките одредувања.
	7. Автоматизирани мунодијагностички методи.
	8. Комплементна фиксација. Неутрализирачки процедури. Криоглобулини.
	9. Молекуларнобиолошки техники во имунологијата.
	10. Имунодијагностицирање реакции на преосетливост.
	11. Имунодијагностицирање имунопролиферативни заболувања.
	12. Имунодијагностицирање автоимуни заболувања.
	13. Имунодијагностицирање на системски еритематозен лупус.
	14. Имунодијагностицирање ревматски артрит.
	15. Имунодијагностицирање на пресадување.
	16. Имунодијагностицирање на тумори.
	17. Имунолошкји дијагностички процедури во стоматологијата.
11.	**Имунолошки заболувања кај деца**
	11.1. Имунолошки развојни особености на фетусот и однос мајка-плод.
	11.2. Карактеристики на имунолошките реакции кај недоносено и новородено.
	11.3. Вродени имунодефициенции - клиничко сомнение и дијагностички алгоритам.
	11.4. Вродени пореметувања на фагоцитниот систем.
	11.5. Вродени пореметувања на комплементниот систем.
	11.6. Вродени пореметувања на клеточниот имун одговор.
	11.7. Вродени пореметувања на противтелниот имун одговор.
	11.8. Комбинирани пореметувања на клеточниот и противтелниот имун одговор.
	11.9. Слузокожен имун одговор.
	11.10. Имунолошки карактеристики на хумано млеко и улога на доењето во зреењето на имуниот систем.
	11.11. Исхрана на детето, нејзини пореметувања и влијание врз имунолошките функции.
	11.12. Имунизација.
	11.13. Имунолошкиодговор при инфекција.
	11.14. Системски имунолошки одговор.
	11.15. Орган - локализирани имунолошки болести во детска возраст.
	11.16. Имунолошки систем и неоплазми.
	11.17. Влијание на стрес, траума, хируршки интервенции и анестезија врз имуниот систем на детето.
	11.18. Имунолошки интервенции во детска возраст.
	Клиничка алергологија во детска возраст
	11.19. Физиопатологија на имуноглобулин Е одговорот кај дете.
	11.20. Атописки бол ести - етиопатогенеза и тераписки перспективи.
	11.21. Клиничко сомнение за алергиска болест и дијагностички алгоритам.
	11.22. Атописки дерматит.
	11.23. Уртикарија и ангиоедем.
	11.24. Алергија на храна.
	11.25. Алергиски манифестации причинети од протеини на кравје млеко.
	11.26. Астма во детска возраст.
	11.27. Превенција и лекување на алергиски болести кај дете.

12.	**Системски имунолошки заболувања**
	1. Имунолошки нарушувања на вроден и стекнат имун систем (вродени и стекнати имунодефицити).
	2. Автоимуни системски заболувања (ревматоиден артрит, СЛЕ, полимиозит, Сјегренов синдром, прогресивна системска склероза, болест на Бечет).
	3. Васкулити со имунолошка основа.
13.	**Имунолошки заболувања на кожата**
	1. Имунолошки заболувања на кожата.
	2. Алергиски заболувања на кожата (алергиски дерматит, атописки дерматити, професионални дерматози).
	3. Уртикарија и ангиоедем.
	4. Нутритивна алергија.
	5. Медикамнетозна алергија
	6. Алергија на инсекти
	7. Анафилактичен шок и други итни состојби во алергологијата
	8. Псевдоалергиски заболувања
14	**Имунолошки заболувања во хематологијата**
	1. Автоимуни заболувања во хематологија
	2. Малигни заболувања во хематологија
	3. Трансплантација на коскена срцевина
	4. Регистер на дарители за матични хематопоетични клетки
	5. Имунолошка терапија во хематологија
15.	**Имунолошки заболувања на ендокриниот систем**
	1. Автоимуни ендокрини заболувања (тироидна жлезда, панкреас, надбубрег, полови органи, хипофиза и други).
16	**Имун одговор при инфективни заболувања**
	1. Имун одговор при инфекции кон бактерии, вируси
17.	**Имунолошки заболувања на дишните органи и алергии**
	1. Алергиски забол увања на респираторниот систем (алергиски ринит, риносинузит, бронхијална астма, хиперсензитивен пневмонит, АРДС, еозинофилни белодробни синдроми).
18.	**Имунолошки заболувања на бубрезите**
	1. Имунолошки заболувања на бубрег.
	2. Листа на чекање за бубрежна трансплантација
	3. Трансплантација на бубрези, избор на пар дарител-прима тел
	4. Имуносупресивна терапија при трансплантација на бубрези
	5. Отфрлање и терапија при отфрлање на трансплантиран бубрег
	6. Долгорочно следење, контроли и анализа на преживување
19.	**Имунолошки заболувања во гастроинтестиналниот тракт**
	1. Преосетливост на храна

	2. Автоимуни заболувања на желудник, хепар, панкреас
	3. Целијакија
	5. Улцеративен колитис
20.	**Имунололошкизаболувања на очите**
	1. Имунолошки заболувања на очите.
	2. Алергиски заболувања на очите (алергиски конјуктивит, кератит и слично).
21.	**Имунололошкизаболувања на уво, грло и нос**
	1. Имунолошки заболувања на увото, грлото и носот.
	2. Алергиски заболувања на увото, грлото и носот.
22.	**Имунолошки заболувања на нервниот систем**
	1. Имунолошки заболувања на нервниот систем од антитела
	2. Имунолошки заболувања на нервниот систем од клеточен тип
23.	**Имунологија на репродуктивниот систем**
	1. Имунолошки заболувања во гинеколоијата.
	2. Повторувачки абортуси.
	3. Стерилитет.
24.	**Имунологија на тумори**
	1. Со вирус поттикнати Т-клеточни малигни заболувања
	2. Туморска имунологија.
25.	**Професионални имунолошки заболувања**
	1. Професионални имунолошки заболувања.
	2. Професионални алергиски заболувања.

2.1.2. Практичен дел со број на изведби потребни за комплетирање на турнусите од практичната настава

1. Општи компетенции		
	1.1. Ракување со примероци / мостри	**Број**
	- Земање, ракување, складирање	20
	- Примероци со висок ризик – земање, ракување, складирање	5
	- Ракување со медицински отпад	5
	1.2. Медицинска документација и осигурување на квалитет	
	- Стандардни оперативни постапки (СОП) – пишување и ажурирање	5
	- Медицински записи – подготвување, складирање, пребарување	20
	- Определување на контролни вредности, внатрешна и надворешна контрола	5
	- Надзор над лабораторијата	5
	1.3. Мерки на сигурност во лабораторијата	

	- Управување и надзор на ризици	3
	- Правилник за заштита и сигурност на работа – обработка и анализа	1
	- Дезинфекција и деконтаминација	1
	- Заштита од биолошка контаминација, јонизирачко зрачење – анализа	1
	1.4. Основна лабораториска опрема	
	- Контрола на потрошувачката – рационална употреба на ресурси	10
	- Калибрација на инструменти и приборот	10
	1.5. Основни лабораториски процеси	
	- Пипетирање	50
	- Вагање	5
	- Центрифугирање	50
	-Подготовка на пуфери и медиуми	5
	1.6. Вештини на комуникација	
	- Комуникација со пациенти и нивните семејства	20
	- Комуникација со колеги и други стручни лица	20
	1.7. Примена на принципите на медицина заснивана на докази	
	- Избор и критичка проценка на лабораториски тестови	5
	- Проценка на техничка и дијагностичка изведливост на лабораториски докази	5
	- Проценка на клиничка корист на лабораториските тестови	5
	1.8. Здравствена регулатива и правата на пациентите	
	- Анализа на тековните здравствени регулативи	1
	- Закон за права на пациенти – анализа	1
2.	**Вроден имун одговор**	
	1. Отстранување честички од ретикулоендотелниот систем	5
	2. Квантитативен нитроблу тетразолиум тест	20
	3. Испитување интраклеточна бактерицидност *in vitro*	5
	4. Лизозимска активност	5
	5. NK клетки – број и активност	5
3.	**Б и Т клеточен имун одговор**	
	1. Канилирање на ductusthoracicusи собирање на лимфоцити	3
	2. Клетки во имуниот систем: двоење лимфоцити на градиент на густина; магнетно сепарирање на Т и Б лимфоцити, определување на проценти на лимфоцитни субпопулации	20
	3. Директен антиглобулински тест; индиректен антиглобулински тест	20
	4. Структура и функција на антитела: изолирање на ИгГ од серум; имуноелектрофореза	10
4.	**Имуни ефекторни механизми**	
	1. Испитување CH50 и минимум хемолитичка доза	10

	2. Броење имуноглобулин М секретирачки спленоцити	5
	3. Определување циркулирачки имуни комплекси (ЦИК)	30
	4, Определување на цитокини во хумани телности	5
	5. Митоген одговор на лимфоцити (ЛТТ)	5
	6. Мешана лимфоцитна култура (МЛЦ)	5
5.	**Имуни реакции кај здрави и болни луѓе**	
	1. Реакција калем против домаќин кај Ф1 хибрид со внес од родителски клетки	1
	2. Анафилактична преосетливост ин витро (тип 1 преосетливост)	5
	3. Инхибиторен тест за миграција на макрофаги (тип 4 преосетливост)	5
6.	**Експериментална имунологија**	
	1. Примарни лимфоидни клеточни култури	5
	2. Клонирани лимфоидни клеточни линии	1
	3. Молекуларна имунологија – изолација на ДНК	50
	4. Молекуларна имунологија – PCR	50
7.	**Имуногенетика**	
	1. Типизација на антиген од локусите А, В. С (серолошка)	10
	2. Типизација на антиген од локусите А, В, С, DR, DQ (молекуларна – SSO, SSP)	50
	3. Типизација на антиген од локусите А, В, С, DR, DQ (молекуларна - xMAP)	50
	4. Испитување на ХЛА антитела – откривање и идентификација	
	5. Вкрстена проба и интерпретација.	25
	6. Избор на компатибилен пар дарител-прима тел	25
	7. ХЛА и болести – определување на релативен ризик и интерпретација	50
	8. Полиморфизам на цитокинските гени	25
	9. Полиморфизам на КИР гените.	25
8.	**Имуни реакции кон крв и крвни деривати**	
	1. Откривање еритроцитни антигени - изведба, принцип и толкување	50
	2.Откривање на еритроцитни антитела - изведба, принцип и толкување	50
	3. Противглобулински тестови - изведба, принцип и толкување	50
	4. Ензимски тестови - изведба, принцип и толкување	50
	5. Одбирање компатибилна крв - изведба, принцип и толкување	20
	6. Пострансфузиски реакции на крв и крвни продукти - анализа и постапка за спречување	10
	7. Хемовиилност - принцип и толкување	10
9.	**Имун одговор кон микроорганизмите**	
	1. Идентификација на микроорганизмите со докажување на антигените	5
	2. Мерење на вируленцијата, идентификација на потенцијалните фактори на вируленција на микроорганизмите ин витро и *invivo*	5
	3. Испитување на способноста на микроорганизмот за колонизација	5
	4. Принципи на изведување на тестовите на хемаглутинација, инхибиција на хемаглутинација, аглутинација, преципитација, гелдифузија, неутрализација и латекс тестови и нивна конкретна примена	5
	5. Принципи на изведување на тестовите на врзување на комплемент и	5

	имобилизација и нивна конкретна примена	
10.	**Имунолошка дијагностика**	
	1. Белковини на акутна фаза	30
	2. Интерлеукини и интерферони	30
	3. Луминометрија	30
	4. Турбидиметрија	30
	5. Нефелометрија	30
	6. Индиректна имунофлуоресценција	30
	7. Проточна цитометрија (противтромбоцитни антитела, лимфоцитна фенотипизација и др.).	15
	8. Електроимунодифузија и агарозна електрофореза (КІку, К2, имуноглобулински потокласи, олигоклонски имуноглобулини и др.).	5
	9. Имунолошки методи со лимфоцитна микроцитотоксичност.	5
	10. Одредување автоантитела со ЕЛИСА.	100
	11. Одредување вкупен и специфичен ИгЕ, ИгГ и ИгА со ЕЛИА.	50
	12, Направени *in vivo* тестови за дијагноза на алерии кај возрасни и деца	50
	13. Дијагностички постапки во стоматологијата (серолошки и генетски).	10
	14. Имунолошка дијагностика на дијабет и толкување.	15
	15. Дијагностика на автоимуни заболувања на ендокриниот систем и толкување.	50
	16. Дијагноза на хемохроматоза и толкување.	25
	17. Тестови за дијагноза на интолеранција на храна и толкување.	50
	18. Складирање на матични клетки од папочна врпца.	5
	19. Имунолошки испитувања за автоимуни хепатити и толкување.	25
	20. Пред трансплантациски испитувања кај пациент и дарител на бубрег, коскена срцевина и црн дроб и толкување.	40
	21. Имунолошка дијагностика на ревматски артритис, СЛЕ, васкулити, Sjorgen, Behcet, Bechterew синдром и толкување.	50
	22. Имунолошки постапки во дијагнозата на стерилитетот и повторувачките абортуси и толкување.	50
11.	**Имунолошки заболувања кај деца**	
	1. Имунолошки специфичности кај дете - препознавање и толкување.	40
	2 Вродени имуни недостатоци - дијаноза и лекување.	10
	3. Имунолошка дијагностика кај дете - карактеристики, препознавање и толкување.	50
	4. Имуна терапија кај деца.	20
	5. Вакцинација.	30
12.	**Системски имуни заболувања**	
	1. Прегледи, дијагноза и терапија на пациенти со автоимуни ревматски заболувања.	80
	2. Прегледи, дијагноза и терапија на пациенти со автоимуни системски заболувања.	40
13.	**Имунолошки заболувања на кожата**	
	1. Амбулантски прегледи, обработка на пациенти.	30
	2. Кожни тестови.	40
	3. Хипосензитизација.	30
	4. Третман на алергиска реакција од убод на инсекти и контактен дерматитис.	30

14.	**Имунолошки заболувања на крвта**	
	1. Прегледи, дијагноза и терапија на автоимуни хематолошки заболувања.	20
	2. Прегледи, дијагноза и терапија на малигни хематолошки заболувања.	20
	3. Трансплантација на коскена срцевина со периферни матични клетки и нивно издвојување.	10
	4 Имунолошка терапија при трансплантација на коскена срцевина.	10
	5. Дијагноза и терапија на GVHD.	5
	6. Долорочно следење и контроли на трансплантиран пациентсо коскена срцевина.	20
15.	**Имунолошки заболувања на ендокриниот систем и метаболизмот**	
	1. Автоимуни заболувања на тироидеата - преглед, дијагноза и терапија.	15
	2. Автомунин дијабет - преглед, дијагноза и терапија.	15
	3. Други а втоимуни ендокрини заболувања (панкреас, надбубрег, полови органи, хипофиза и други) - преглед, дијагноза и терапија.	15
16.	**Имунолошкиот систем и инфекции**	
	1. Амбулантски прегледи, обработка и прием на пациенти.	30
	2. Имунолошка дијагностика и лекување на инфективни заболувања.	30
	3. Дијагноза и лекување на стекнати имуни недостатоци.	10
17.	**Имунолошки заболувања на дишните органи и алеролошки заболувања**	
	1. Прегледи, дијагноза и терапија на пациенти со астма.	60
	2. Функционални белодробни тестови - толкување и терапија.	20
	3. Алерген специфична имунотерапија.	40
18.	**Имунолошки заболувања на бубрезите**	
	1. Прегледи, дијагноза и терапијана имуни заболувања на бубрези.	50
	2. Прегледи на пациети со ХБИ и подготовка за трансплантација.	20
	3. Имуносупресивна терапија при трансплантација – избор, дозирање, следење.	20
	4. Дијагноза и терапија на отфрлање на трансплантат.	5
	5. Долорочно следење и контроли на трансплантиран пациент.	20
19.	**Имунолошки заболувања на гастроинтестиналниот систем**	
	1. Преглед, дијагноза и терапија на автоимуни заболувања поврзани со преосетливост на храна.	15
	2. Преглед, дијагноза и терапија на гастроинтестинални заболубвања кои предизвикуваат имун недостаток	15
	3. Преглед, дијагноза и терапија на имунолошки заболувања на дебелото црево.	15
	4. Преглед, дијагноза и терапија на автоимуни заболувања на ГИТ.	15
20.	**Имунолошки заболувања на очите**	
	1. Амбулантски прегледи на пациенти со имуни конјуктивитиси и терапија.	15
	2. Конјуктивални алерген провокациски тестови.	10
21.	**Имунолошки заболувања на уво, грло и нос**	
	1. Амбулантски прегледи, обработка и терапија на пациенти со имунолошки	25

	заболувања.	
	2. Риноскопија - дијагностичка метода и терапија.	20
22.	**Имунолошки заболувања на нервниот систем**	
	1. Амбулантски прегледи, обработка на пациенти.	15
	2. Дијагностика и лекување на радикулопатии.	15
	3. Автоимуни неуропатии – дијагноза, обработка, анализа и терапија.	15
23.	**Имунологија на репродуктивниот систем**	
	1. Дијагностика на стерилитет – преглед, дијагноза и терапија.	40
	2. Повторувачки абортуси - преглед, дијагноза и терапија.	40
	3. Имунолошки проблеми во бременоста - преглед, дијагноза и терапија.	40
24.	**Имунологија на тумори**	
	1. Амбулантски прегледи, обработка и прием на пациенти.	10
	2. Туморски обележувачи - средство за дијагноза на малигни заболувања и следење на терапијата	5
	3. Молекуларна дијагностика на тумори - средство за дијагноза на малигни заболувања и следење на терапијата.	5
	4. Дијагноза на тумори по различни системи.	25
25.	**Професионални заболувања**	
	1. Амбулантски прегледи, обработка на пациенти.	15

ВРЕМЕТРАЕЊЕ, НАСТАВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ПО КЛИНИЧКА ФАРМАКОЛОГИЈА

Специјалистичкиот стаж трае 48 месеци

1. Фармакодинамија	2 месеци
2. Фармакокинетика	2 месеци
3. Основи на токсикологија	2 месеци
4. Фармакогеномика	2 месеци
5. Фармакокинетика кај посебни пополациони групи (деца, постари лица, бременост, лактација, лица со патолошки состојби)	2 месеци
6. Мониторирање на концентрации на лекови	2 месеци
7. Индивидуализација на терапија	2 месеци
8. Клинички испитувања на лекови	2 месеци
9. Биоеквивалентност и биорасположивост на лекови	2 месеци
10. Анестезија и реанимација	1 месец
11. Фармакотерапија на болести кај деца	1 месец
12. Фармакотерапија на болести на дишни патишта	1 месец
13. Инфективни болести и нивна терапија	1 месец
14. Неврофармакологија	1 месец
15. Клиничка имунологија	1 месец
16. Фармакотерапија на болести на крвта	1 месец
17. Фармакотерапија на ендокрини заболувања	1 месец
18. Нефрологија и дијализа	1 месец
19. Фармакотерапија на малигни болести	1 месец
20. Психофармакологија	1 месец
21. Клиничка токсикологија	2 месеци
22. Фармакотерапија на болести на срце	2 месеци
23. Фармакотерапија на болести на дигестивен тракт	2 месеци
24. Фармакоепидемиологија и фармакоекономика	1 месец
25. Фармаковигиланца	2 месеци
26. Фармацевтска легислатива	2 месеци
27. Рационална употреба на лекови	2 месеци
28. Изработка на специјалистички труд	6 месеци

Програмата за теоретска настава е предвидено да се изведува како предавања, семинари, работа во мали групи	
Прва и втора година	Задолжителна теоретска настава предвидена за сите специјализанти – Научно истражувачка работа – Донесување на клиничка одлука – Комуникациски вештини – Јавно здраство – Способност за стекнување и пренесување на знаење – Етика и прописи – Промоција на здравјето

1.0 План

	Настава (часови)	Стаж (месеци)	Стажот се изведува во установи што вршат дејност по:
Прва година			
1. Фармакокинетика	15	2	претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
2. Фармакодинамија	15	2	претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
3. Основи на токсикологијата	10	2	претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
4. Фармакогеномика	10	2	претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
5. Фармакокинетика кај посебни популациони групи	15	2	претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
6. Мониторирање на концентрации на лекови	15	2	претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
Втора година			
1. Индивидуализација на терапија	10	2	претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
2. Фармаковигиланца	25	2	претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
3. Клинички испитувања на лекови	15	2	претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
4. Анестезиологија и реанимација	6	1	анестезиологија и реанимација
5. Фармакотерапија на болести кај деца	6	1	педијатрија
6. Фармакотерапија на болести на дишни патишта	6	1	пулмоалергологија
7. Инфективни болести и нивна терапија	6	1	инфективни болести
8. Неврофармакологија	6	1	нервни болести
9. Клиничка имунологија	6	1	имунологија и хумана генетика
Трета година			
1. Фармакотерапија на болести на крвта	6	1	хематологија
2. Фармакотерапија на ендокрини заболувања	6	1	ендокринологија
3. Нефрологија и дијализа	6	1	нефрологија
4. Фармакотерапија на малигни болести	6	1	радиотерапија и онкологија
5. Психофармакологија	6	1	психијатрија
6. Клиничка токсикологија	12	2	токсикологија
7. Фармакотерапија на болести на срце	12	2	кардиологија
8. Фармакотерапија на болести на дигестивен тракт	12	2	гастроентерохепатологија
9. Фармако-епидемиологија и	6	1	епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика и

фармакоекономика			претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
Четврта година			
1. Фармаковигиланца	12	2	претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
2. Фармацевтска легислатива	12	2	претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
3. Рационална употреба на лекови	12	2	претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
4. Изработка на специјалистички труд		6	претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
Вкупно	**274**	**48**	

2. ПРОГРАМА ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ПО КЛИНИЧКА ФАРМАКОЛОГИЈА

2.1. Теоретска настава

ПРЕДМЕТ
• **Фармакокинетика** – Транспорт на лековите преку клеточните мембрани; начини на примена на лековите (перорално, парентерално, ректално, со инхалација, локално и др.), дигестивен систем (лигавица на уста, желудник, тенко црево, дебело црево, фактори од кои зависи интестиналната ресорпција), абсорпција преку белите дробови, преку кожа и др. видови. – Дистрибуција на лековите во крвта и врзување за плазматските протеини; дистрибуција во ткивата, врзување и депонирање, дистрибуција во мозок и плацента, волумен на дистрибуција. – Места каде се одигрува биотрансформацијата на лековите; видови на метаболни реакции; фармаколошко значење на биотрансформацијата; фактори кои влијаат на биотрансформацијата; влијание на лековите врз биотрансформацијата. – Излачување преку бубрези, жолчка и други патишта; кинетика на елиминацијата (поим за биолошко полувреме, фреквенција на примена на лековите). – Кумулација на лековте и интеракции помеѓу лековите (синергизам и антагонизам) – Испитување на фармакокинетиката на лековите кај животни, значење на податоците добиени кај животни и нивна екстраполација на луѓе.
• **Фармакодинамија** – Видови на фармакодинамски дејства – Специфичност и селективност на лекови – Видови на терапија (етиолошка, симптоматска) – Механизам на дејство на лековите, теории за рецепторите, регулација на рецептори, интеракции лек-рецептор, класификација на рецепторите, јонски канали, молекуларни принципи на дејството на лековите други механизми на дејство на лековите; сооднос доза и фармаколошки одговор; сооднос структура и фармаколошки одговор; јачина и ефикасност на лековите. – Фактори кои влијаат на дејствата на лековите: фармаколошки, биолошки, индивидуална осетливост, толеранција кон лековите, возраст, пол, телесна тежина, патолошки состојби.
• **Основи на токсикологијата** – Акутна токсичност, – Токсичност по повеќекратна администрација – Токсичност врз процесите на репродукција – Мутагено и канцерогено дејство – Ефекти на токсичните материи во организмот – Можни патишта на експозиција на токсични материи

– Тестови за испитување на токсичноста и процена на ризикот *(In vivo и In vitro истиувања)* – Терапија на труења со лекови (специфична и супортивна)
• **Фармакогеномика** – Геномска основа на фармакогенетиката – Фармакогенетски истражувања – Фармакогенетиката во клиничката практика – Генска терапија
• **Фармакокинетика кај посебни популациони групи** – Фармакокинетика кај деца – Фармакокинетика кај постари лица – Фармакокинетика во бременост и лактација – Фармакокинетика кај лица со патолошки состојби
• **Мониторирање на концентрации на лекови** – Биолошки материјал за мониторирање на концентрации на лекови – Методи за мониторирање на концентрации на лекови – Клиничко значење на мониторирањето на концентрациите на лековите – Интерпретација на резултатите од мониторирањето
• **Индивидуализација на терапија** – Индивиуален пристап во дозирањето на лековите – Фактори на варијабилност од страна на пациентот – Фактори на варијабилност од страна на лекот – Индивидуализација на дозирањето према тераписките концентрации – Индивидуализација на дозирањето према терапискиот ефект
• **Клинички испитувања на лекови** – Откривање на нови молекули и развој на лековите – Претклинички испитувања на лековите – Карактеристики на потенцијален лек и утврдување на фармаколошкиот профил – Испитувања на безбедноста и подносливоста на потенцијалниот лек. – Клинички испитувања на лековите √ Дефиниција, поим и значење на клиничките испитувања во развојот на лековите √ Типови и видови на клинички испитувања √ Фази на клинички испитувања на лековите (фаза I, фаза II, фаза III, фаза IV). – Дизајнирање и спроведување на клинички испитувања √ Планирање и подготовка на клиничкото испитување √ Правење на пресметка и составување на договор за клиничко испитување √ Регрутирање и вклучување на испитаници во клиничко испитување √ Постапки и мерки за време на клиничко испитување √ Безбедност во клиничките испитување √ Набљудување (мониторинг), надзор (одит) и инспекција на клиничките испитување √ Осигурување на испитаниците и осигурување на клиничкото испитување √ Регулатива на клиничките испитување и други правни аспекти √ Плацебо во клиничките испитувања √ Етички аспекти во спроведувањето на клиничките испитувања.
• **Биеквивалентност и биорасположивост на лекови** – Биорасположивост и биоеквивалентност-дефиниции, основни принципи, потреба и значење – Биоеквивалентноста на лековите како фундаментален концепт во развојот на генеричките лекови. – Дизајн на биоеквивалентни студии √ Биоеквивалентни студии со еднократна апликација на лек √ Биоеквивалентни студии по повеќекратна апликација на лек √ Биоеквивалентни студии со апликација на лек на гладно и во присуство на храна – Планирање и подготовка на биоеквивалентни студии – Клинички дел на биеоквивалентни студии – Биоаналитички дел на биоеквивалентни студии – Фармакокинетска и статистичка обработка

– Евалуација и финален извештај од биоеквиваленти студии
• **Анестезија и реанимација** – Видови на анестезија и влијание на анестетиците врз организмот – Медикаметнозна премедикација – Општи и локални анестетици – Опиоидни аналгетици – Фармакотерапија на акутна и хронична болка
• **Фармакотерија на болести кај деца** – Специфични методи за дијагностицирање на заболувања во детската возраст (неонатален, доенечки период и други возрасни категории) – Употреба и дозирање на лекови кај деца
• **Фармакотерија на болести на дишни патишта** – Дијагностички методи во пулмоалергологијата – Фармакотерапевтски пристап во лекувањето на бронхијална астма и алергиски ринитис – Лекови кои најчесто се користат за лекување на болести на дишните патишта и нивно комбинирање.
• **Инфективни болести и нивна терапија** – Дефинирање на поимот инфекција и антинфективен имунитет. – Запознавање со патегенезата на инфективните заболувања. – Принципи на дијагностика на антиинфективни заболувања. – Принципи на терапија на инфективните заболувања. – Антиинфективна терапија (антибиотерапија, антивирусна терапија, антипаразитарна терапија, антифунгална терапија. – Принципи на имунопрофилакса.
• **Неврофармакологија** – Невротрансмисија во централниот и вегетативниот нервен систем – Дијагностички методи во неврологијата. – Фармакотерапевтски пристап во лекувањето на епилепсија кај возрасни. – Лекови кои најчесто се користат за лекување на болести во неврологијата и нивно комбинирање.
• **Клиничка имунологија** – Клетки и органи во имуниот систем – Имуни ефекторни механизми – Имуни реакции кај здрави и болни луѓе
• **Фармакотерапија на болести на крвта** – Дијагностички методи во хематологијата – Фармакотерапевтски пристап во лекувањето на анемии – Употребата на тераписки протоколи во хематологијата и нивно значење
• **Фармакотерапија на ендокрини заболувања** – Дијагностички методи во ендокринологијата – Фармакотерапевтски пристап во лекувањето на дијабетес мелитус – Лекови кои најчесто се користат за лекување на ендокрини болести
• **Нефрологија и дијализа** – Дијагностички методи во нефрологијата – Фармакотерапевтски пристап во лекувањето на инфекции на уринарниот тракт – Лекови кои најчесто се користат за лекување на болести во нефрологијата и кај пациенти на хемодијализа и можности за нивно комбинирање
• **Фармакотерапија на малигни болести** – Тераписки протоколи во третманот на малигни заболувања и нивно значење – Тераписки можности кај пациенти со малигни заболувања – Терапија на болка кај пациенти со малигни заболувања
• **Психофармакологија** – Дијагностички методи во психијатријата – Фармаколошки и нефармаколошки третмани кај пациенти со психички растројства – Лекови кои најчесто се користат за лекување на болести во психијатријата и можности за нивно комбинирање.

- **Клиничка токсикологија**
  - Методи за дијагностицирање на акутно труење
  - Најчести труења со лекови и нивна терапија
  - Терапија на труење со инсектициди и габи и при ингестија на корозивни материи
- **Фармакотерапија на болести на срце**
  - Дијагностички методи во кардиологијата
  - Фармакотерапевтски пристап во лекувањето на хронична коронарна артериска болест, нестабилна ангина пекторис, акутен миокардијален инфаркт, акутна и хронична срцева слабост и аритмии.
  - Лекови кои најчесто се користат за лекување на болести во кардиологијата и нивно комбинирање.
- **Фармакотерапија на болести на дигестивен тракт**
  - Дијагностички методи во гастроентерохепатологијата
  - Фармакотерапевтски пристап во лекувањето на улкусната болест, хроничен хепатитис и хронични воспалителни цревни заболувања.
  - Лекови кои најчесто се користат за лекување на болести на дигестивниот тракт и нивно комбинирање.
- **Фармакоепидемиологија и фармакоекономика**
  - Основни поими и значење
  - Задачи и цели на фармакоепидемиологијата и фармакоекономијата
  - Популациона статистика
  - Трошоци (фиксни трошоци, променливи трошоци, просечен трошок, маргинален трошок, трошоци на прираст
  - Видови на фармакоекономска процена.
- **Фармаковигиланца**
  - Фармаковигиланца-дефиниција, поим и значење
  - Фармаковигиланцата како фундаментлен концепт за безбедноста на лековите
  - Цели и задачи на фармаковигиланцата
  - Несакани дејства и несакани настани при употреба на лековите
  - Организирање на систем на фармаковигиланца
    - √ Воспоставување на локален систем за фармаковигиланца
    - √ Поврзување на локалниот систем со глобалниот систем за фармаковигиланца
    - √ Откривање, собирање и анализа на безбедносни сигнали од употребата на лековите
    - √ Превземање на мерки и активности поврзани со безбедната употреба на лековите
    - √ Изготвување на план за справување со ризици
  - Преглед на бази на податоци
- **Фармацевтска легислатива**
  - Национална легислатива (процедури / правилници за добивање одобрение за пуштање на лек во промет во Република Македонија)
  - Основи на ЕУ институции и фармацевтска легислатива
  - EMA, ICH, Eudravigilance
  - Процедури за добивање на одобрение за пуштање на лек во промет
  - Европски процедури за ставање на лек во промет
  - Типови апликации за добивање на одобрение за ставање на лек во промет
  - Водичи за различни типови апликации за добивање на одобрение за ставање на лек во промет
  - Национална легислатива за фармаковигиланца
  - Национална и ЕУ легислатива за спроведување на клинички испитувања
  - Потребна документација за добивање на одобрение за ставање на лек во промет во зависност од тип на апликација – подготовка и организирање на CTD формат
- **Рационална употреба на лекови**
  - Фармакодинамски групи на лекови
  - Тераписките насоки како основа за рационална употреба на лекови
    - √ Упатства за медицина базирана на докази
    - √ Процес на создавање на упатства и проблеми во примената
    - √ Упатства за пропишување на антимикробни лекови

√ Упатства за пропишување на антихипертензивни лекови √ Упатства за пропишување на хиполипемични лекови √ Упатства за пропишување на лекови кај бронхијална астма √ Упатства за пропишување на анксиолитици √ Упатства во лековуањето на болката и употреба на аналгетици √ Упатства за за употреба на нестероидни антиревматични лекови √ Упатства за употреба на хормонска супституциона терапија √ Упатаства за употреба на лекови кај бремени жени

2.2. Практичен дел со спроведување на потребниот вид на постапки

ТУРНУС	Број
1. ФАРМАКОДИНАМИЈА	
• Примарна фармакодинамија (дефинирање, евалуација и процена на значењето на примарните фармакодинасмски параметри)	5
• Секундарна фармакодинамија (дефинирање, евалуација и процена на значењето на секундарните фармакодинасмски параметри)	5
• Фармакодинамски модели	5
• Интеракции помеѓу лекови и други форми на интеракции, практично нивно значење и интерпретација	5
• Интерактивни вежби од областа на фармакодинамијата со користење на софтверот Interactiv Clinical Pharmacology	5
2. ФАРМАКОКИНЕТИКА	
2.1 Општи компетенции	
• Работа со примероци на биолошки материјал	50
– Земање на примероци од биолошки материјал	
– Ракување со примероци од биолошки материјал	
– Складирање и чување на примероци од биолошки материјал	
– Диспозиција и уништување на примероци од биолошки материјал	
• Водење на лабораториска документација и обезбедување на квалитет	10
– Лабораториски записи-подготвување, складирање и ажурирање	
– Стандарни оперативни процедури согласно стандардите за Добра Лабораториска Пракса	
2.2 Лабораториска опрема	
• Општа лабораториска опрема: центрифуги, водени купатила, ваги, pH-метри, центрифуги и фрижидери	
• Автоматизиран систем на мониторирање на концентрации на лекови во биолошки материјал	
• Апарати за припрема на вода: апарати за дестилирана вода и дејонизирана вода	
• HPLC (UV и флуоресцентен детектор)	
• Капиларна електрофореза	
• Центрифугален евапоратор	
• Мануелен систем за цврсто-фазна екстракција	
• Хомогенизатор на ткива	
• Повеќенаменски читач (фотометар) наменет за ELISA-метода и останати техники на дериватизација	
2.3 Специфични компетенции	
2.3.1 Биоаналитичка лабораторија	
• Подготовка на биолошки примероци за определување на концентрации на лекови	50
• Екстракциони техники	5
• Определување на концентрации на лекови во биолошки материјал	5
3. ОСНОВИ НА ТОКИСИКОЛОГИЈА	

• Модели за испитување на токсичност на лекови	2
– Акутна токсичност	
– Субакутна токсичност	
– Хронична токсичност	
– Мутагено дејство	
– Канцерогено дејство	
– Токсични ефекти врз репродукционите процеси	
• Тестови за испитување на токсичноста и процена на ризикот	2
– *In vitro* испитувања	
– *In vivo* испитувања	
4. ФАРМАКОГЕНОМИКА	
• Фармакогенетика и метаболизам на лекови (практични аспекти)	
• Генетски полиморфизам (практични аспекти)	
• Влијание на генскиот полиморфизам на фармакодинамијата на лековите (теоретски случаи)	5
• Влијание на генскиот полиморфизам на фармакокинетиката на лековите (теоретски случаи)	5
5. ФАРМАКОКИНЕТИКА КАЈ ПОСЕБНИ ПОПУЛАЦИОНИ ГРУПИ	
• Фармакокинетски модели кај деца	3
• Фармакокинетски модели кај пациенти со ренална инсуфициенција	3
• Фармакокинетски модели кај пациенти со хепатална инсуфициенција	3
• Фармакокинетски модели кај постари лица	3
• Фармакокинетски модели кај бремени жени	3
6. МОНИТОРИРАЊЕ НА КОНЦЕНТРАЦИИ НА ЛЕКОВИ	
• Антиепилептични лекови	20
– Одредување на концентрации на антиепилептици во серум	
– Клиничка интерпретација на добиените резултати на концетрациите на антиепилептиците	
• Имуносупресивни лекови	20
– Одредување на концентрации на имуносупресиви во крв	
– Клиничка интерпретација на добиените резултати на концетрациите на имуносупресивите во крв	
• Катехоламини	10
– Одредување на вредноста на катехоламини во урина	
– Клиничка интерпретација на добиените резултати на концетрациите на катехоламини во урина	
• Антимикробни лекови	20
– Одредување на концентрацијата на антимикробни лекови во серум	
– Клиничка интерпретација на добиените резултати на концетрациите на антимикробните лекови.	
7. ИНДИВИДУАЛИЗАЦИЈА НА ТЕРАПИЈА	
• Индивидуализација на режимот на дозирање кај пациенти кои примаат антиепилептични лекови во однос на добиените концентрации во биолошки материјал	20
• Индивидуализација на режимот на дозирање кај пациенти со трансплантиран бубрег кои примаат имуносупресивни лекови во однос на добиените концентрации во биолошки материјал	20
• Индивидуализација на режимот на дозирање кај пациенти на терапија со антимикробни лекови со мала тераписка ширина во однос на добиените концентрации во биолошки материјал	20
8. КЛИНИЧКИ ИСПИТУВАЊА НА ЛЕКОВИ	
• Стандарди за Добра Клиничка Пракса	1
• Стандардни Оперативни Процедури	1
• Учество во подготовка на документација за спроведување на клиничко испитување:	3

– Изготвување на протокол	
– Тест листа	
– Информирана согласност	
– Припремање на документација за добивање на одобрение од Етичка комисија	
– Припремање на документација за добивање на одобрение од Агенција за лекови	
– Учество во спроведување на клиничка студија	
9. БИОЕКВИВАЛЕНТНОСТ И БИОРАСПОЛОЖИВОСТ НА ЛЕКОВИ	
• Учество во спроведување на испитувања на биоеквивалентност на лекови	10
– Подготовка на документација за спроведување на биоеквиваленти испитување:	
√ Протокол	
√ Тест листа	
√ Информирана согласност	
√ Специфични формулари и листи	
√ Припремање на документација за добивање на одобрение од Етичка комисија и Агенција за лекови	
– Постапки и активности поврзани со испитуваните лекови	
– Обезбедување и контрола на квалитет	
– Регрутирање и вклучување на испитаници	
– Клинички дел на биоеквивалентни студии	
– Биоаналитички дел на биоеквивалентни студии	
– Фармакокинетска обработка на добиените резултати	
– Статистичка обработка на фармакокинетските параметри	
– Финален извештај од испитувањата	
10. АНЕСТЕЗИЈА И РЕАНИМАЦИЈА	
• Совладување на вештини од реаниматологијата и интензивна терапија при третман на ургентни медицински состојби и третман на критичен болен.	5
• Одржување на проодност на дишните патишта.	3
• Индикации за употреба и практична употреба на дефбрилатори.	3
• Практични принципи за евалуација и третман на болката	
11. ФАРМАКОТЕРАПИЈА НА БОЛЕСТИ КАЈ ДЕЦА	
• Практично запознавање со специфични дијагностички методи за детската возраст	
• Обработка на случај со одредување на терапијата	10
12. ФАРМАКОТЕРАПИЈА НА БОЛЕСТИ НА ДИШНИ ПАТИШТА	
• Практично запознавање со дијагностичките методи во пулмоалергологијата	
• Обработка на случај со одредување на терапијата кај пациенти со бронхијална астма – 5	5
• Обработка на случај со одредување на терапијата кај пациенти со алергиски ринитис – 5	5
13. ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ И НИВНА ТЕРАПИЈА	
• Практично запознавање со специфични дијагностичките методи кои се користат во инфектологијата	
• Обработка на случај и одредување на имунопрофилакса	5
• Обработка на случај кај пациент со инфективно заболување од бактериска етиологија и одредување на терапијата	5
• Обработка на случај кај пациент со инфективно заболување од вирусна и одредување на терапијата	5
14. НЕВРОФАРМАКОЛОГИЈА	
• Практично запознавање со дијагностичките методи во неврологијата	
• Обработка на случај со одредување на терапијата кај пациенти со епилепсија	5
• Обработка на случај со одредување на терапијата кај пациенти со зголемен	5

интракранијален притисок	
15. КЛИНИЧКА ИМУНОЛОГИЈА	
• Практично запознавање со имуните реакции кон крв и крвни деривати и нивно толкување	
• Практично запознавање со ин виво тестовите за дијагноза на алергии кај возрасни и деца	5
16. ФАРМАКОТЕРАПИЈА НА БОЛЕСТИ НА КРВТА	
• Прегледи, дијагноза и терапија на автоимуни хематолошки заболувања	5
• Прегледи, дијагноза и терапија на малигни хематолошки заболувања	5
• Имунолошка терапија при трансплантација на коскена срцевина	2
17. ФАРМАКОТЕРАПИЈА НА ЕНДОКРИНИ БОЛЕСТИ	
• Практично запознавање со дијагностичките методи во ендокринологијата	
• Обработка на случај со одредување на терапијата кај пациенти со дијабетес мелитус	5
• Обработка на случај со одредување на терапијата кај пациенти со нарушување на тироидната жлезда	5
18. НЕФРОЛОГИЈА И ДИЈАЛИЗА	
• Практично запознавање со дијагностичките методи во нефрологијата	
• Запознавање со хемодијализа и перитонеална дијализа	
• Обработка на случај и одредување на терапијата кај пациенти со трансплантиран бубрег	5
19. ФАРМАКОТЕРАПИЈА НА МАЛИГНИ БОЛЕСТИ	
• Обработка на случај на пациент со малигно заболување и терапевтски опции	5
• Обработка на случај на пациент со болка при малигно заболување и одредување на терапијата	5
20. ПСИХОФАРМАКОЛОГИЈА	
• Практично запознавање со дијагностичките методи во психијатријата	
• Практична примена и интерпретација на Хамилтон-ова скала за анксиозност	3
• Практична примена и интерпретација на Хамилтон-ова скала за депресивност	3
• Практична примена и проценка на скала за проценка на суицидален ризик	3
21. КЛИНИЧКА ТОКСИКОЛОГИЈА	
• Практично запознавање со дијагностичките методи во клиничката токсикологија	1
• Обработка на случај со одредување на терапија кај пациенти со акутно труење од лекови	5
22. ФАРМАКОТЕРАПИЈА НА БОЛЕСТИ НА СРЦЕ	
• Практично запознавање со дијагностичките методи во кардиологијата	
• Обработка на случај со одредување на терапијата кај пациенти со хронична коронарна артериска болест, нестабилна ангина пекторис, акутен миокардијален инфаркт, акутна и хронична срцева слабост или аритмии	20
23. ФАРМАКОТЕРАПИЈА НА БОЛЕСТИ НА ДИГЕСТИВЕН ТРАКТ	
• Практично запознавање со дијагностичките методи во гастроентерохепатологијата	
• Обработка на случај со одредување на терапијата кај пациенти со улкусна болест	10
• Обработка на случај со одредување на терапијата кај пациенти со хронични воспалителни цревни заболувања	5
24. ФАРМАКОЕПИДЕМИОЛОГИЈА И ФАРМАКОЕКОНОМИКА	
• Анализа на вкупни трошоци-основни техники	1
• Анализа на минимизација на трошоците	1
• Анализа на трошоците и користа	1
• Анализа на трошоците и ефективноста	1
• Моделирање-анализа на одлуките	1
– Стебло на одлуки	
– Марковљев модел	
– Процена на фармакоекономските студии	
• Статистичка анализа на фармакоепидемиолошки студии	3

• Опсервациони кохортни студии	3
• Режими на издавање на лекови-практични аспекти	1
• Употреба на генерички лекови.	1
• Основни принципи на стимулација на соработливост помеѓу пациентот и докторот	1
• Анализа на национална политика за лековите (национална стратегија за лековите, листа на есенцијални лекови, позитивна листа на лекови, болничка листа на лекови, листа на лекови во слободна продажба без рецепт).	1
• Анализа на цени на лековите.	3
• Контрола над начинот на пропишување и издавање на лековите.	1
25. ФАРМАКОВИГИЛАНЦА	
• Пријавување на несакани дејства на лекови	10
• Обработка на пријави за несакани дејства на лекови	50
• Класификација на несаканите дејства на лековите	50
• Процена на тежината на несаканите дејства на лековите	50
• Процена на поврзаноста на несаканите дејства/настани со употребата на лекот	50
• Детекција и анализа на безбедносни сигнали поврзани со употребата на лековите	5
• Користење на бази на податоци за несакани дејства на лекови	5
• Обука за користење и работа со електронскиот систем за фармаковигиланца на Р. Македонија	1
• Обука за користење и работа со базата на податоци на СЗО за несакани дејства на лекови	1
• Обука за користење и работа со базата на податоци на Европската Агенција за Лекови за несакани дејства на лекови	1
• Процена на периодични извештаи за безбедноста на лековите	5
• Процена на планови за справување со ризици	5
26. ФАРМАЦЕВТСКА ЛЕГИСЛАТИВА	
• Припремање на документација за добивање на одобрение за ставање на лек во промет во зависност од тип на апликација – подготовка и организирање на CTD формат	10
• **Стекнување на основни познавања кои се значајни за процена на:**	10
– Претклиничката документација за лекот	
– Клиничката документација за лекот	
– Спроведени клинички студии	
– Спроведени биоеквивалентни студии	
– Збирни извештаи за особините лекот и упатства за употреба на лекот	
– Периодични извештаи за безбедноста на лекот	
27. РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА ЛЕКОВИ	
• Практицирање на медицина базирана на докази	
– Обработка на случаи за рационално пропишување на антимикробни лекови согласно упатствата за медицина базирани на докази	5
– Обработка на случаи за пропишување антихипертензивни лекови согласно упатствата за медицина базирани на докази	5
– Обработка на случаи за пропишување на лекови за третман на бронхијална астма согласно упатствата за медицина базирани на докази	5
– Обработка на случаи за пропишување на хиполипемични лекови согласно упатствата за медицина базирани на докази	5
– Обработка на случаи за пропишување на анксиолитици и седативи согласно упатствата за медицина базирани на докази	5
– Обработка на случаи за пропишување на лекови за третман на акутна и хронична болка, како и антиревматични лекови согласно упатствата за медицина базирани на докази	5
– Обработка на случаи за пропишување на хормонска супституциона терапија	5

согласно упатствата за медицина базирани на докази	
– Обработка на случаи за пропишување на во текот на бременоста согласно упатствата за медицина базирани на докази	5

ВРЕМЕ НА ТРАЕЊЕ, ПЛАН И ПРОГРАМА НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ПО МЕДИЦИНА НА ТРУД

Специјалистичкиот стаж трае 48 месеци

- ФИЗИОЛОГИЈА НА ТРУД 4 месеци
- ЕКОЛОГИЈА НА ТРУДОТ 6 месеци
- ПРОФЕСИОНАЛНА ПАТОЛОГИЈА 22 месеци
- ОЦЕНКА НА РАБОТНА СПОСОБНОСТ 8 месеци
- ЗАШТИТА ОД ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ 2 месеци
- СЛУЖБА ЗА МЕДИЦИНА НА ТРУДОТ 6 месеци

1.План-48 месеци:

	Настава (часови)	Стаж (месеци)	Стажот се изведува во следните установи :
Прва година	50		
Физиологија на труд		2+2	Институт за медицина на труд на РСМ Институт за медицинска, експериментална и применета физиологија
Екологија на труд		3+3	Институт за јавно здравје на РСМ Институт за медицина на труд на РСМ
Професионална патологија-вовед		2	Институт за медицина на труд на РСМ
I колоквиум - Вовед во медицината на трудот			
Втора година	100		
Кардиологија		1	Клиника за кардиологија
Пулмологија и алергологија		1	Клиника за пулмологија и алергологија
Гастроентерохепатологија Ревматологија		1 (15+15дена)	Клиника за гастроентерохепатологија Клиника за ревматологија
Хематологија Нефрологија		1 (15+15дена)	Клиника за хематологија Клиника за нефрологија
Неврологија		1	Клиника за неврологија

Психијатрија		1	Клиника за психијатрија
Токсикологија		2	Клиника за токсикологија
Професионална патологија I		3	Институт за медицина на трудот на РСМ
Епидемиолошки методи во МТ		1	Институт за јавно здравје на РСМ
II колоквиум - Професионална патологија I			
Трета година	100		
Гинекологија Травматологија		1 (15+15дена)	Клиника за гинекологија или амулантно-поликлиничка установа –дејност гинекологија Клиника за травматологија, Ургентен центар
Инфективни болести		1	Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби
РТГ дијагностика		1	Институт за радиологија
Медицина на труд и вонредни услови, воена служба		2	Воено-медицински центар
Заштита од јонизирачко зрачење		2	Институт за јавно здравје на РСМ
Професионална патологија II		3	Институт за медицина на трудот на РСМ
Оценка на работна способност-привремена спреченост за работа		1	Фонд за здравствено осигурување-ЛК
Оценка на работна способност-законски рамки, работа на ИПК		1	Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на на Македонија-ИПК
III колоквиум - Професионална патологија II			
Четврта година	50		
Оценка на работна способност		6	Институт за медицина на трудот на РСМ
Служба за медицина на трудот (вклучително изработка на специјалистичкиот труд)		6	Институт за медицина на трудот на РСМ

Завршен комисиски испит (по реализирани сите турнуси, положени сите колоквиуми и одбранети два семинарски труда), практичен испит, одбрана на специјалистички труд и усен испит

2. Програма:

2.1. Теоретски дел:
Теоретската настава (300 часа) ја реализира Катедрата за медицина на трудот.

300 часа

	Вовед во медицината на трудот
	Дефиниција, задачи, принципи
	Медицина на труд - клиничко превентивна дисциплина: дефиниција, цел, задачи
	Основни принципи на аналитичка и научно-истражувачката работа во медицината на трудот
	Меѓународни организации и МТ (СЗО, МОТ, ICOH)-договори, програми, конвенции и др.
	Екологија на трудот
	Основни принципи на медицинската екологија, Екологија на труд
	Здравствено-еколошки ризици, проценка
	Здравствено-еколошки стандарди
	Заштита и унапредување на животната и работната средина
	Екосистем, Аерозагадување, Загадување на водите
	Принципи на добра пракса во медицината на трудот
	Екотехнолошки карактеристики на работниот процес, услови на работа, професионални ризици и штетни фактори од работната средина Еколошки мониторинг
	Одредување на запрашеност во работната средина
	Одредување на хемиски нокси во работната атмосфера
	Одредување-мерење на физичките фактори во работната средина (Микроклима ,бучава, вибрации, јонизирачко и нејонизирачко зрачење)
	Одредување на биолошки нокси во работната средина
	Физиологија на труд
	Физички фактори на работното оптеретување (физичка работа, напор)
	Антропометрија
	Сензорни оптеретувања
	Биоенергетика при работа
	Терморегулација
	Биолошки ритмови
	Замор, премор, одмор
	Регулација на метаболизмот на вода и електролити
	Психологија на трудот
	Психолошки фактори и работа

	Ментално здравје, стрес и реакции на стрес, мобинг, Burnout Sy
	Ергономија
	Ергономија: дефиниција и цели, Систем човек-машина, работна средина
	Ергономски аспекти на работното место
	Ергономски интервенции
	Медицина на труд и легислатива
	Основни законски и регулаторни прописи, норми
	Професионални болести: дефиниција, значење, медицински и легислативен аспект
	Болести во врска со работа
	Професионален трауматизам
	Превентивни медицински прегледи (видови, елементи, карактеристики, легислатива)
	Заштита на здравјето на одделни специфични сегменти на работничка популација (жени, млади работници, работници со понаредната возраст и др.)
	Заштита на здравјето на работници во услови на специфична професионална експозиција (посебни законски прописи)
	Основни епидемиолошки методи и принципи во медицина на трудот
	основни епидемиолошки параметри, индикатори за следење на професионалниот морбидитет и морталитет
	професионални болести и болести во врска со работа, повреди при работа
	Регистар на професионални болести
	Регистар на повреди при работа
	Регистар на професионални ризици и ризични работни места
	Апсентизам и презентизам
	Информациски системи во МТ
	Колоквиум I
	Професионална патологија
	Професионална патологија I
	Професионална токсикологија
	Основни проблеми во професионалната токсикологија Токсокинетика, Токсодинамика Биолошки мониторинг
	Професионално труење со:
	а) метали и нивни соединенија: манган, жива, олово, цинк, хром, берилиум, кадмиум, платина, кобалт, никел, антимон
	б) металоиди: арсен, фосфор
	в) алифатски и ароматски јагленоводороди: бензен и хомолози, како и деривати; феноли, амино и нитро- деривати на ароматичните јагленоводороди; халогени деривати на ароматичните јагленоводороди;

	халогени деривати на ациклични јагленоводороди, алкохоли, гликоли
	г) гасови: флуор, хлор, фозген, сулфурни гасови-сулфоводород, оксиди на сулфур, амонијак, нитрозни гасови, јаглен моноксид, цијановодороди, јаглендисулфид д) пестициди: органофосфорни инсектициди, органохлорни инсектициди, карбамати
	е) вештачки ѓубрива
	Колоквиум II
	Професионална патологија II
	Професионални имуноалергиски болести-вовед
	професионална астма
	алергиски бронхиолоалвоелитис
	алергиски заболувања на кожата
	други професионални имуноалергиски заболувања
	Професионални болести и оштетувања од физички и други фактори
	Бучава
	Вибрации
	јонизирачко зрачење
	нејонизирачко зрачење
	зголемен и намален атмосферски притисок
	зголемена и намалена температура во работната средина работа на отворено
	работа во услови на височина
	интензивен физички напор
	Пневмокониози
	Меѓународна РТГ класификација на пнумокониози
	дефиниција, класификација, етиологија, патогенеза, дијагностика, клиника, терапија, превенција
	Колагени и неколагени пнеумокониози
	Силикоза
	Азбестоза и болести предизвикани од азбест
	Сидероза
	Останати пневмокониози
	Професионални оштетувања од биолошки фактори
	Бактериски
	Вирусни
	Габични
	Паразитарни
	професионални заразни заболувања
	други професионални заболувања предизивикани со биолошки агенси -алергиски болести, малигни болести
	повреди кај здравствени работници, пред и постекспозициска профилакса
	Колоквиум III

	Професионална патологија по органи и системи: **Изработка на семинарски труд**
	професионалните оштетувања на црн дроб
	професионалните оштетувања на бубрези
	професионалните оштетувања на крвотворни органи
	професионалните оштетувања на бели дробови ХОББ, Акутен иритативен респираторен синдром, Акутни инхалаторни трески, Бисиноза
	професионалните оштетувања на КВС
	професионалните оштетувања на локомоторниот систем
	Репродуктивно здравје
	Професионални малигни заболувања
	Мултипла хемиска сензитивност
	Нанотехнологија и можни професионални ризици
	Професионални ризици во одделни дејности и специфични популациони групи **Изработка на семинарски труд**
	Професионални ризици во:
	шумарство, производство на лекови, црна и обоена металургија, металопреработувачка индустрија, индустрија за нафта и нафтени деривати, производство на ПВЦ и пластични маси, производство на пестициди и вештачки ѓубрива, градежништво, производство на детергенти, земјоделие, прехрамбена , текстилна индустрија, рударство, индустрија на кожа и гума, спорт и рекреација и др.
	Сообраќајна медицина
	Вулнерабилни групи работници (сектори со висок ризик, работници со поголема сензитивност, работници непокриени со услуги од медицина на трудот)
	Детски труд
	Миграција на работници
	Болести поврзани со патувања
	Оценка на работна способност
	оценка на работната способност: основни принципи
	привремена неспособност за работа
	трајна неспособност за работа
	професионална рехабилитација
	професионална ориентација и селекција
	ноќна работа, работа во смени
	ОРС во системот на осигурување
	Заштита при работа
	основни принципи и карактеристики
	мерки за заштита: организациони, технолошки, технички, лични заштитни средства, медицински мерки, законски мерки, едукација и тренинг
	Превентивна стратегија-нивоа

	Специфични мерки за заштита при работа при специфични професионални ризици (на пр.физички, хемиски нокси, запрашеност и др.)
	Социјална заштита
	Подготвеност на работниците за одговор на катастрофи
	Унапредување на здравјето на работа
	Основни принципи-промоција на здравје на работа
	Здрави животни навики
	Програми за интервенција
	Организација, управување и раководење во медицината на трудот
	основи на организација во медицината на трудот
	принципи на управување, раководење и финансирање, здравствен менаџмент во МТ, лидерство и тимска работа
	Етички принципи во медицината на трудот
	изработка на специјалистички труд

2.2. Практичен дел со спроведување на потребниот вид и број на постапки и интервенции:

1. Физиологија на труд		Број
	Изведување и интерпретација на ЕКГ	100
	Изведување и интерпретација на ергометрија	20
	Изведување и интерпретација на спирометрија	100
	Изведување и интерпретација на PEF- метрија	20
	Изведување и интерпретација на аудиограм	20
	Изведување и интерпретација на окулотест	20
	Изведување и интерпретација на антропометриски тестови	30
	Изведување и интерпретација на моторни тестови	20
	Изведување и интерпретација на тестовите за површински и длабок сензибилитет	20
2. Екологија на трудот		
	Проценка на ризик на работно место при експозиција на физички штетности на работно место	По 1 проценка на ризик за секоја шт.
	Учество во читањето на ТЛД	100
	Учество во мерењето на дозата и брзината на јонизирачко зрачење на работно место со проценка на ризик	10
	Литературен преглед на биолошките маркери на експозиција и на ефекти при експозиција на хемиски супстанци (специфичност и сензитивност на лабораториските методи, методи за земање примероци)	
	Учество во мерењата и анализа на резултатите при проценка на амбиентален мониторинг	5

	Учество во интерпретација на резултатите при проценка на амбиентален мониторинг	5
	Учество во работата на тимот за проценка на ризик на работното место	5
3. Професионална патологија		
	Земање на работна анамнеза	30
	Специфични токсиколошки анализи-запознавање на методи (D-DALK во крв/урина, феноли во урина, карбоксихемоглобин,јаглен моноксид, метали во биолошки материјал и др.)	50
	Интерпретација на алерготестови на општи и специфични алергени кожни(prick) епикутани(patch)	 10 10
	Интерпретација на резултатите од спирометрија при бронходилататорен тест	30
	Интерпретација на резултатите од спирометрија при бронхопровокативен тест	20
	Интерпретација на резултатите од риноманометрија	10
	Интерпретација на РТГ на бели дробови касј лица суспектни за пневмокониози спрема МОТ критериуми	20
	Интерпретација на РТГ на шепи, лакти и рамења, кај лица суспектни за вибраторна болест	10
	Експертиза на професионална болест	20
	Експертиза за насочена обработка на болен	30
4. Епидемиологија во медицината на трудот		
	Увид во медицинска документација релевантна за МТ	
	Индивидуални и збирни евиденции за општ и специфичен морталитет, општ и специфичемн морбидитет, извршена работа, Регистер за професионална болест и регистар за повреди на работа	
	Изработка на здравствено-статистички извештај за одреден проблем со користење на медицинската документација и евиденција (по задача)	
	Изработка на извештај за оценка на работна способност, за боледување и повреди на работа	
5. Оценка на работната способност		
	Учество во изведувањето на превентивни прегледи и оценка на работната способност:	
	Претходни превентивни прегледи	50
	Периодични превентивни прегледи	200
	Систематски превентивни прегледи	100
	Насочени превентивни прегледи	20
	Психолошки тестови (за оценка на когнитивен статус и способности, ПИЕ)	20

	Лекарско уверение за управување со моторно возило	20
	Лекарско уверение за поседување на огнено оружје	20
	Евалуација на работна способност (индивидуална и групна) Приказ на случај	
6. Заштита од јонизирачко зрачење		
Учество во проценката на екстерната и интерната дозиметрија		20
7. Служба за медицина на трудот		
	Евалуација на работното место-посета на одредени индустриски објекти (претпријатија)	5
	Изведување на превентивни медицински прегледи	
	претходни	20
	периодични	50
	систематски	100
	Обработка на пациент за упатување на инвалидско-пензиска комисија	10
	Учество во изработка на промотивен програм-здрав животен стил (по задача)	

3. 3. Програмата опфаќа и обука за:

Добра клиничка пракса

- следење и унапредување на здравјето на работниците
- превенција, дијагностика, терапија и рехабилитација на професионалните болести, повреди и болести во врска со работа,
- усвојување принципи на добра клиничка пракса
- оценка на работна способност, со посебен осврт на вулнерабилните групи и специфичната легислатива

Добра лабораториска пракса

- следење на факторите на работната средина и работното место кои може да го оштетат здравјето на работниците,
- идентификација на професионалните штетности и проценка на ризик, еколошки и биолошки мониторинг
- примена на интегрален еколошки концепт: работна и животна средина

Тимски и комуникациски вештини

-развивање на добри комуникациски вештини со колегите во СМТ и други специјалисти и здравствени работници и соработници
-издавање и доставување извештаи и лекарски уверенија во област на здравје и безбедност на работа, согласно принципите на добра клиничка пракса , важечката легислатива и етичките принципи
-ефикасна комуникација со членовите на тимот по хоризонтала и вертикала, со цел обезбедување на ефикасни услуги, вклучително и тимска работа и лидерски вештини

Подучување

-спроведување на принципите за унапредување на здравјето на работното место,
- развој на програми за промоција на здравје на работниците
-усвојување на подучувачки вештини преку учество во едукација и тренинг на здравтвени работници, работодавачи (советодавна улога) и работници (запознавање со ризици, мерки за заштита, промоција на здравје итн)
- подготвеност за спроведување обука за прва помош на вработените

ИТ вештини

-употреба на информатичката технологија вклучувајќи онлајн средства и датабази

Менаџмент обука

- примена на легислативни принципи во медицината на трудот.
- раководење, планирање, организирање и економика во службите на медицината на трудот.
- усвојување на принципите на менаџмент
- развој на мултидисциплинарен тим, работни и лидерски вештини

Истражување

- усвојување на научноистражувачки принципи и нивна примена во медицината на трудот
-поттикнување на специјализантите за учество во научно-истражувачка работа

ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ПО МЕДИЦИНСКА БИОХЕМИЈА ЗА ДОКТОРИ ПО МЕДИЦИНА И МАГИСТРИ ПО ФАРМАЦИЈА

Времетрање на специјализацијата: 48 месеци = 42 месеци стаж + 6 месеци научно-истражувачка и практична работа.
Програмата за теоретска настава е предвидено да се изведува во форма на предавања, семинари и работа во мали групи.
Јазик на изведување на програмата: македонски и англиски.

Предмет	Теоретска настава часови	Практична настава Часови	Катедра/ Институција каде што ќе се обавува теоретската настава
Медицинска хемија, биохемија, клиничка биохемија	236	240	Катедра по биохемија и клиничка биохемија, Медицински факултет Скопје
Имунологија и работа со радиоизотопи	12		Катедра по хумана генетика и имунобиологија, Катедра по нуклеарна медицина Медицински факултет Скопје
Хематологија	15		Катедра по интерна медицина Медицински факултет Скопје
Трансфузиологија	15		Катедра по трансфузиологија Медицински факултет Скопје
Медицинска микробиологија	15		Катедра по микробиологија Медицински факултет Скопје
Генетика	8		Катедра по генетика Медицински факултет Скопје
Биохемиски аспекти на патологија и онкологија	15		Катедра по патологија Медицински факултет Скопје
Фармакологија /фармакотоксикологија	8		Катедра по фармакологија Медицински факултет Скопје
Менаџмент и осигурување на квалитет во работата во лабораторија	16		Катедра по биохемија и клиничка биохемија, Медицински факултет Скопје
Вкупно Часови	**340**	**240**	Катедра по биохемија и клиничка биохемија, Медицински факултет Скопје
Специјалистички стаж		**Месеци**	
Медицинска биохемија со специјализирани лаборатории		31	Институт за МЕ биохемија; Институт за имунобиологија и хумана генетика; Институт за патофизиологија и нуклерана медицина; ЈЗУ Институт за клиничка биохемија; Лаборатории при ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болест и фебрилни состојби, ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, ЈЗУ геронтолошки завод „13 ноември“ Скопје
Хематологија		2	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија
Трансфузиологија		2	ЈЗУ Републички завод за трансфузиологија
Медицинска микробиологија		2	Институт за микробиологија и паразитологија
Генетика		1	Лабораторија за генетика при ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести и Институт за имунобиологија и хумана генетика
Биохемиски аспекти на патологија и онкологија		1	Институт за патологија
Фармакологија /фармакотоксијкологија		1	Институт за претклиничка фармакологија , клиничка фармакологија и токсикологија
Менаџмент и осигурување на		2	Институт за МЕ биохемија

квалитет во работата во лабораторија			
Вкупно		**42 месеци**	
Научно-истражувачка и практична работа	**6 месеци**		Институт за МЕ биохемија Медицински факултет Скопје

ПЛАН ПО ГОДИНИ

ПРВА ГОДИНА	**Стаж, месеци**	**Институција каде што ќе се обавува стажот**
Медицинска биохемија	12	Институт за МЕ биохемија, Медицински факултет Скопје
ВТОРА ГОДИНА		
Медицинска биохемијаКлиничка биохемија	6 6	Институт за МЕ биохемија; Медицински факултет Скопје ЈЗУ Институт за клиничка биохемија; Лабораторија при ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести „Св.Наум Охридски“ -Скопје
ТРЕТА ГОДИНА		
Медицинска биохемија /клиничка биохемија	2,5	Институт за МЕ биохемија; Медицински факултет Скопје ЈЗУ Институт за клиничка биохемија; Лабораторија при ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести „Св.Наум Охридски“ -Скопје
Медицинска биохемија – специјализирани лаборатории:		
Биохемија на имуниот систем	1 месец	Институт за хумана генетика и имунобиологија, Медицински факултет Скопје
Педијатриска биохемија	15 дена	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести (биохемиска лабораторија)
Биохемија на инфективни заболувања	1 месец	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни заболувања и фебрилни состојби (лабораторија)
Биохемија во геријатрија	15 дена	ЈЗУ Геронтолошки завод „13 ноември“ Скопје (лабораторија)
Биохемија во гинекологија и акушерство	1 месец	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство (лабораторија)
Работа со радиоизотопи	15 дена	Институт за патофизиологија и нуклеарна медицина
Трансфузиологија	2	ЈЗУ Републички завод за трансфузиологија
Фармакологија /фармакотоксикологија	1	Институт за претклиничка биохемија и клиничка фармакологија и токсикологија Медицински факултет Скопје
ЧЕТВРТА ГОДИНА		
Генетика	1	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести
Биохемиски аспекти на патологија и онкологија	1	Институт за патологија
Хематологија	2	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија
Медицинска	2	Институт за микробиологија и паразитологија Медицински факултет Скопје

микробиологија		
Менаџмент и осигурување на квалитет во работата во лабораторија	2	Институт за МЕ биохемија, Медицински факултет Скопје
Научно-истражувачка и практична работа	**6 месеци**	Институт за МЕ биохемија, Медицински факултет Скопје

2. Програма

2.1. Теоретска настава со број на часови

Хемија и биохемија и клиничка биохемија	**Број на часови**
• Состав и структура на атом; периоден систем на елементите; • Хемиски врски; • Вода и раствори; • Пуфери; • Термодинамика; • Хемиска кинетика; хемиска рамнотежа; • Редокс реакции; • Хемија на јаглерод; • Алифатични јаглеводороди; незаситени јаглеводороди;органски соединенија со кислород; • Карбонилни соединенија; карбоксилни киселини; • Органски соединенија со азот; • Хетероциклични соединенија; • Структура и функција на протеините, аминокиселини, миоглобин, хемоглобин, метаболизам на протеини и аминокиселини; биосинтеза на неесенциелни аминокиселини, катаболизам на протеини и азот во аминокиселини, катаболизам на јаглеродниот 'рбет на аминокиселините, претворба на аминокиселините во специфични производи; • Ензими, механизам на дејство, ензимска кинетика, регулација на ензимска активност; • Биоенергетика-улога на АТП, биолошка оксидација, респираторен синџир и оксидативна фосфорилација; • Општ преглед на метаболизмот; • Јаглехидрати - гликолиза и оксидација на пируват, метаболизам на гликоген, гликонеогенеза и контрола на гликолизата во крвта, пентозофосфатен пат, метаболизам на други хексози; • Липиди - биосинтеза на масни киселини и еикозаноиди, разградба на масни киселини и кетогенеза, метаболизам на ацилглицероли и сфинголипиди, транспорт и складирање на липиди, синтеза, транспорт и екскреција на холестеролот; • Структура, функција и репликација на информациски макромолекули-нуклеотиди и метаболизам на нуклеотидите, нуклеински киселини - структура функција, организација и репликација на ДНК, синтеза модификација и процесирање на РНК, синтеза на протеини и генетски код, регулација на генска експресија, молекуларна генетика и технологија на рекомбинантна ДНК; • Структура и функција на биомембрани; • Ендокрин систем; дејство на хормоните и сигнална трансдукција; • Исхрана варење и апсорпција; • Витамини и минерали; • Слободни радикали и антиоксидатвни хранливи материи; • Интраклеткино движење и распоредување на протеините;	**213 часови**

• Гликопротеини; • Екстраклеткин матрикс; • Мускули и цитоскелетон; • Протеини на плазма и имуноглобулин - албумин, алфа – бета глобулини имуноглобулини, хаптоглобин, трансферин, С-реактивен протеин (CRP) идр. • Хемостаза и тромбоза; • Црвени и бели крвни клетки; • Цереброспинална течност (ликвор): создавање на ликвор и циркулација; состав на ликвор и споредба со составот на серумот; наследени и стекнати пореметувања на хомеостазата на ликворот;	
• Биохемиски резултати - значењето на резултатите во медицината, фактори кои влијаат врз биохемискуите резултати; лабораториски испитувања од земање на примерок до издавање на резултат; референтни вредности и фактори кои влијаат врз референтните вредности; • Автоматизација и информација во лабораторија; • Испитувања покрај креветот на болниот (point of care testing-POCT); • Вода и електолити -нарушувања во метаболизмот на водата и минералите-калиум и натриум; нарушувања во метаболзмот на калциумот, фосфорот и магнезиумот; • Ацидобазна рамнотежа- нарушување на хомеостазата на водородниот јон, проценка на ацидобазниот статус, нарушувања во оксигенацијата на ткивата; • Шеќерна болест - биохемиско иследување и клинички менаџмент; • Хипер-и хиполипидемија, типизација по Fredrickson; • Протеини во плазма; хипо – и хиперпротеинемија, дијагностичко значење на плазмапротеини: албумини, фибриноген, ЦРП, трансферин, церулоплазмин, алфа-1 антитрипсин и др. • Деградативни производи, хипо- и хиперсостојби, гихт; • Порфирии- вродени нарушувања во синтезата на хемот; • Клиничко значење на ензимите и изоензимите; • Нарушувања во ендокриниот систем- заболувања на хипоталамус, хипофиза и надбубрежна жлезда, нарушување на тироидна жлезда, нарушувања во половиот развој, хормонален аспект на неендокрини заболувања; • Клиничка биохемија на женската репродуктивна функција, бременост, контрацепција и хормон заместувачка терапија; • Репродуктивните функции кај мажите; • Клиничка биохемија на нутрицијa, хипо-и хипервитаминоза и нарушување во нутриција и менаџирање на состојбите на нутриција; • Клиничко биохемиско значење на есенциелните микроелементи;Клиничка биохемија на кардиоваскуларниот систем; инфаркт на миокард и шок; ензимски профил и протеински маркери на КВС; хипертензија;Клиничка биохемија на гастроинтестинален тракт- ензими во различни делови на дигестивен тракт со егзокриниte функции на црниот дроб и панкреасот; излачување на хлороводородна киселина, бикарбонати и жолчка; излачување на течности и електролити; апсорпција во ГИТ; гастроинтестинални хормони; наследени и стекнати пореметувања на дигестивниот тракт; малапсорпција и малапсорпција на витамини;Егзокрина функција на панкреасот: акутен и хроничен панкреатитис;Црн дроб и и билиарен систем: метаболизам и физиологија на црниот дроб, биотрансформација; екскреција; ентерохепатална циркулација; метаболизам на билирубин и жолчни бои; метаболизам на жолчни киселини, нарушена фунција на црниот дроб; акутно и хронично црнодробнозаболување, жолтица, хепатитис, цироза, холестаза, некроза; • Бубрези и уринарен тракт: физиологија; нормална функција на бубрезите, излачување на супстанции во плазма и урина; брзина на гломеруларна филтрација и клиренс; преглед на урина, активност и ефект на диуретиците; клиренс на слободната вода; пореметена бубрежна функција, протеинурија; акутна и хронична бубрежна инсуфициенција, нефритис, нефротски синдром;	

• Биохемија на локомоторен систем: коски- заболувања на коскениот матрикс, коскени маркери за ресорпција и градба на коските, метаболни заболувања на коските, • Заболувања на мускули и на зглобовите; • Вродени метаболни заболувања; • Педијатриска клиничка биохемија; • Испитување на цереброспинална течност; биохемиски аспекти на невролошките заболувања; • Биохемија и дијгностика на тумори, тумор маркери; • Слободни радикалии оксидативен стрес. • **Запознавање со принципте на техниките кои се применуваат во медицинско-биохемиските лаборатории**: спектрофотометриски, фотометриски, нефелометриски; електрофоретски техники (celogell, SDS-PAGE, градиентна недатурирачка PAGE; хроматографија, гел филтрација; принцип на јонселективни анлизатори; ELISA; хемилуменисценција, флуоцитометрија.	
МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ: - Предавања/теоретска настава; - Нагледна практична работа/стекнување на вештини; - Самостојно учење. **НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ:** Проверка на знаењето: - преку 3 усни колоквиуми и - евалуација на стекнатите вештини, - практична активност. **УСЛОВУВ ЗА ПОТПИС И ПОЛАГАЊЕ НА КОЛОКВИУМИ:** - Редовност.	
Биохемија на имуниот систем • **Противгени и противтела**: Имуногеност наспроти противгеност, епитопи, основна структура на противтела, противтелни врзни места, противтелно остварени противтелни функции, противтелни класи и биолошка активност, противгени одредници врз имуноглобулините, Б-клеточен рецептор, имуноглобулинска супер фамилија, моноклонски противтела • **Организација и прикажување имуноглобулински гени**: Создавање и генетски модел соодветен за Иг структурата, мултигена организација на Иг гените, преуредување гени во варијабилното подрачје, механизми за генско преуредување во варијабилното подрачје, создавање противтелно различие, превклучување класи во гените од константното подрачје, приказување Иг гени, синтеза склопување и лачење Иг, регулација на Иг генско препишување, противтелни гени и противтелен инженеринг. • **Противген противтелни меѓудејства: принципи и примени**: Јакост на противген противталните меѓудејства, вкрстена реактивност, површна плазмонска резонанција (ППР), таложни реакции, аглутинациски реакции, радиоимуно одредување, ензимско врзано имуносорбентно одредување, Вестерново дамкосување, имуно таложење, имунофлуоресценција, проточна цитометрија и флуоресценција, алтернативи на противтелно противгените реакции, имуноелектронска микроскопија. • **Систем на комплемент**: Функција на комплемент, Компоненти на комплементот; Активација на комплементот; Регулација на комплементот; Биолошки последици од активација на комплементот; Недостатоци во системот на комплемнет. • **Главен комплекс на ткивната совпадливост (ГТК=МНС) и презентација на противгените**: Општа организација и наследување на ГТК, Молекули и гени на ГТК; Детална геномска карта на ГТК гените; Клеточно прикажување на ГТК молекулите; Регулација на прикажувањето на ГТК молекулите; ГТК и подложност на болест; ГТК и имун одговор; ГТК рестрикција на Т клетките; Улога на противген прикажувачките клетки; Докази за различни патишта за процесирање и презентирање на противгени; ендогени противгени: цитосол – пат; егзогени	**8 часови**

противгени: ендоцитен пат; Вкрстено прикажување на надворешни противгени; Прикажување на непротеински противгени. • **Реакции на преосетливост:** Класификација на Гел и Кумбс; ИгЕ-остварена преосетливост (Тип-1); Антитело-остварена цитотоксична преосетливост (Тип-2); Имун комплекс-остварена преосетливост (Тип-3); и одложен тип на преосетливост (Тип-4). • **Имуна толеранција и автоимунитет:** Воспоставување и одржување на имуната толеранција; Орган-специфични автоимуни заболувања; Системски автоимуни заболувања; Механизам за индукција на автоимуност; Третман на автоимуните заболувања. • **Трансплантациона имунологија:** Имунолошка основа за отфрлање трансплантат; Клинички манифестации на отфрлање трансплантат; Општа имуносупресивна терапија; Специфична имуносупресивна терапија; Имуна толеранција на алотрансплантат; Клиничка трансплантација. • **Имун одговор кон заразни заболувања:** Вирусни инфекции, бактериски инфекции, паразитни болести, габични болести, појавување заразни заболувања. • **Вакцини**. Активна и пасивна имунизација, создавање вакцини со активна имунизација, живи, атенуирани вакцини, деактивирани или "убиени" вакцини, поединечни вакцини, коњугатни вакцини, ДНК вакцини, рекомбинатни векторски вакцини. • **Имуни недостатоци:** Првични имуни недостатоци, СИДА и други стекнати или вторични имунонедостатоци.	
Работа со радиоизотиопи • Вовед во работа со радиоактивни изотопи; • Инструменти за детекција и мерење на радиоактивноста (принципи на детекција, јонизациски и сцинтилациски детектори); • Тестови со користење на радиоактивни изотопи (тест за детекција на инфекција со Helicobacter pylori; одредување на ниво на витамин B_{12}, одредување на Holo-TC-II(холо-трнскобаламин-II), Schilling-ов тест, деоксиуридин супресиски тест); • Радиоимуноесеј (принцип, методологија, сензитивност, специфичност, апликација); • Правила и упатства за ракување, чување и складирање на радиоактивен материјал.	**4 часови**
ФАРАМАКОЛОГИЈА/ФАРМАКОТОКСИКОЛОГИЈА • **Основни поми за фармакокинетика.** Апсорбција, дистрибуција, биотрансформација и елиминација на лекови. Основни фармакокинетски параметри, начин на нивно пресметување и нивна интерпретација. • **Клинички испитувања на лекови.** Клинички развој на лековите, планирање и подготовка на клиничко испитување, регрутирање и вклучување на испитаници во клиничко испитување, дефинирањето на биохемиските маркери во спроведувањето на клиничкото испитување и нивното значење. • **Биолошка расположивост и биоеквивалентност на лекови.** Основни поими за биолошка расположивост и биоеквивалентност на лековите, значењето на биоеквивалентните студии во развојот на генеричките лекови, планирање и изведување на биоеквивалентни студии, дефинирање и интерпретација на биохемиските маркери при селекција на испитаници за спроведување на биоеквивалентни студии, биоаналитички методи за одредување на концентрации на лекови во биолошки материјал, валидација на методи, стандардни оперативни процедури. • **Мониторирање на концентрации на лекови во биолошки материјал**. Значењето на одредувањето на концентрациите на лековите во биолошки материјал и индивидуализација на режимот на дозирање во однос концентрациите на лековите во биолошки материјал, методи за одредување на концентрации на лекови во биолошки материјал, течно-течни и течно/цврсти екстракциони техники.	**8 часови**

ГЕНЕТИКА **Основи на генетика** • Структура и функција на ДНК; • Структура и функција на хромозомите; • Структура и функција на човечкиот геном; **Молекулска генетика** • Пристапи во молекуларна дијагностика; • Методи за анализа на нуклеински киселини (изолација на нуклеински киселини, PCR методи (PCR, RT-PCR, qfPCR), електрофореза на нукелински киселини (агароза гел, PAGE, капиларна електрофореза), Southern Blot, Northern Blot, ДНК секвенционирање; • Асоцијација на полиморфизми со болести; **Биохемиска генетика** • Таксономија на наследните метаболички нарушувања (НМН); • Скрининг на популацијата и селективен скрининг за НМН; • основни клинички и дијагностички карактеристики на лизозомните, пероксизомните и митохондријалните нарушувања и нарушувања на аминокиселинскиот и метаболизмот на сахаридите; • Диференцијална дијагноза и третман на перакутни и интермитентни; НМН, откривање на хетерозиготи. **Медицинска цитогенетика и флуоресцентна ин ситу хибридизација** • Нормална хромозомска варијабилност • Изработка на кариотип од лимфоцити на периферна крв • Изработка на кариотип од други ткива **Онкогенетика** • основни принципи на карциногенеза • видови на гени вклучени во карциногенеза (онкогени, тумор-супресор гени, микроРНА), геномска нестабилност **Едно-генски и повеќе-генски болести** • Дијагностика на генски болести во различни области на медицината • Мултифакториелни болести • Типови на наследување на болестите **Етика и квалитет во лабораториската генетика** • Етика на генетското тестирање и советување • Начините на организација на работата во лабораторија за молекуларна дијагностика • Самозаштита при работа и спречување на контаминација при работа со анализите кои се употребуваат во лабораторија за молекуалрна дијагностика • Обезбедување квалитет (OECD препораки, ECA упатства, Eurogentest-EQA-препораки, национални упатства), акредитација (ISO 15189). **Репродуктивна генетика** • Различни цитогенетски техники • Цитогенетска анализа кај брачен стерилитет • Изработка на кариотип од амнионска течност • Индикацииите, начинот на изведување и можностите на оплодувањето ин витро **Пренатална дијагноза и генетско советување** • Индикации за пренатална дијагноза	**8 часови**

• Психолошки методи	
БИОХЕМИСКИ АСПЕКТИ НА ОНКОЛОГИЈА И ПАТОЛОГИЈА • **Механизми на воспалението**, обновување на ткивото и природата на патолошките оштетувања во процесите на повеќе заболувања; употреба на биохемиски, имунолошки и молекуларни техники во модерната патолошка лабораторија; • **Утврдување стратегија** за детекција на карциноми преку биохемиски параметри, тумор маркери, скрининг на тумори: примена и ограничување на производите на туморите и ензимите во дијагноза и следењето на туморите: карцино-емброген антиген (CEA), алфа-фетопротеин (AFP), хуман хорин гонадотропин(hCG), вкупен и слободен специфичен антиген на простата (PSA), CA 19-9, CA 125 и други антигени; • **Онкогени ензими:** кисела фосфатаза, алкална фосфатаза, LDH; • **Хормонски рецептори**; одговор на терапија. • **Онкогенетика**: гени одговорни за појава на карциноми.	**8 часови**
ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА **Osnovi na transfuziologijata** • Прибирање на крв од доброволни дарители; • Специјални видови дарувања (матични клетки, тромбоцити, плазма) ; • Контрола и чување на крвта од дарители; • Клинички значајни еритроцитни крвногрупни антигени и антитела (ABO, Rh, Kell) • HLA систем и негова улога во трансфузиологијата и трансплантацијата; • Производство на крвни компоненти/деривати, нивно чување, рок на траење; • Индикации за употреба на крвни компоненти/деривати и несакани ефекти/реакции. **Op{ta hemostaza** • Патофизиолошки механизми на когулација; регулација на когулација; молекуларни основи на коагулација; физиолошки и патолошки инхибитори на коагулација; • Фибринолиза; **Пореметување на хемостаза** • Парофизиологија ан артериска и венска тромбоза • Хемофилии и M. Willebrand • Дисеминирана интравскуларна коагулација (DIC)	**15 часови**
ХЕМАТОЛОГИЈА: • **Физиологија и биохемија на крвни клетки**-морфологија на крвните клетки во коскена срцевина и хематопоеза, создавање на црвени крвни клетки, ензими, метаболизам, матурација (зреење) на еритроцити, леукоцити и тромбоцити во коскена срцевина; цитокините како регулаторни фактори на еритропоеза. • **Хематопоетски нарушувања**; мегалобластни анемии; хемолитичка анемија и анемија предизвикана од акутно губење на крв; апластилна анемија миелодисплазија, и синдром на нарушување на коскена срцевина; дефицит на железо и други хиперпролиферативни анемии; полчицитеија вера. • **Акутна и хронична миелоидна леукемија**-Морфолошка, цитохемиска и имуноцитохемиска молекуларни и цитогенетски испитувања во диференцијална дијагноза на акутните и хроничните леукемии, лимфоми и миелопролиферативни и	**15 часови**

миелодиспластични заболување. • Малигнитети на лимфоидни клетки. • Нарушувања на плазма клетки,. • Трансплантација на хематопоетски клетки. • **Патофизиологија на тромбоцитопенија** и тромбоцитоза кај реактивни и малигни процеси, имунотромбоцитопенија и тромботска тромбоцитопениска пурпура, улога на тромбоцитите во крварењето и во тромбозата; патофизиологија на наследените и стекнатите функционални пореметувања на тромбоцитите; лабораториски тестови за различни типови на вон Willebrand-ова болест, антитромбоцитна терапија, испитување на тромбоцитните анителa со флоуцитометрија.	
МИКРОБИОЛОГИА **Општи аспекти на микробиологијата** • Место и значење на микробиологијата; • Запознавање на специјализантите со нормална флора на човечкото тело и нејзиното значење; • Дефиниција на инфекција и инфективни заболувања; • Запознавање со најчести патогени: бактерии и вируси; • Патогенеза на инфекциите; • Видови класи на антитела и нивна продукција како одговор на домаќинот; • Вирусни инфекции и антивирусни агенси; • Стерилизација; • Дезинфекција и дезинфекциони средства; • Антимикробни средства. Техники за испитување на осетливоста на бактериите; ; • Техники на земање на примероци и начин на ракување со нив; • Теоретски аспекти при дијагностичките постапки за одбирање и земање на соодветен примерок за микробиолошка анализа (крв, спутум, пунктат, урина, фецес) • Садење на примерокот на соодветни подлоги, услови и време на култивација; • Анализа и идентификација на пораснатите колонии, биохемиски и автоматизирани тестови за идентификација; • Тестови за утврдување на осетливоста на бактериите кон соодветни антимикробни средства (диск дифузионен, Е тест, автоматизиран метод) ; • Запознавање со методите на серолошка дијагностика: DIF, IIF, ELISA и др. ; • Запознавање со методите на молекуларна дијагностика; • Анализа на одредени резултати и полемика за клинички и микробиолошки аспекти при одредени дијагнози и можности за аплицирање на соодветна терапија. **Општи аспекти на медицинска паразитологија со микологија** • Методи за дијагноза на миколошки заболувања: детекција на почестите етиолошки агенси (квасници, *Aspergillus spp*). Култивација на соодветни подлоги, специјални боења, серолошки, автоматизирани и молекуларни тестови. Тестови за осетливост на квасници кон антимикотици (класични и автоматизирани); • Анализа на адултни форми на паразити. Техники за детекција на цисти на протозои и јајченца на паразити.	**15 часови**
МЕНАЏМЕНТ И ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА РАБОТА ВО ЛАБОРАТОРИЈА • Организација и менаџмент на лабораторија: организација на рутинска, ургентна и клиничко-биохемиска лабораторија; избор на работни процедури; планирање во	**16 часови**

лабораторија, избор на опрема и методи, запознавање со "cost benefit" анализи со цени на чинење на тестовите, реагенси и апарати; избор и техничка процена на квалитетот на реагенсите и опремата, изработка на годишни планови на потребите на лабораторијата и изработка на завршни годишни извештаи за извршената работа на лабораторијата; • Извештаи за лабораториските анализи; • Проценка на квалитет во лабораторијата преку воведување на контрола на квалитет на работа, пратење и проценка за изведување на контролата; • Примена на лабораториска статистика: средна вредност, стандардна девијација, медијана, стандардна грешка, анализа на варијанса, Студент-ов т-тест, Ф-тест; и непараметриска анализа; регресиона анализа, методи за споредување, одредување на референтните вредност на биохемиски параметри, избор на примерок и големина на примерокот, статистичка анализа, итн • Подобрување на продуктивноста и ефективноста на работата во лабораторија; • Управување со лабораториска технологија; • Примена на стандарди и нормативи во лабораторија; • Спроведување на заштита на работата во лабораторијата од хемиски, биолошки и физички штетни материи, ракување и заштита од радиоизотопи; • Управување со податоците: медицинска информатика, испраќање на податоците, телекомуникација, презентација и ракување со добиените резултати; • Стратегија за ефикасноста на лабораториското испитување: дијагностичка осетливост, специфичност и точност на тестовите, ROC крива; медицина базирана на докази и дијагностички процес; • Идентификациони прашања: улога на лабораториските испитувања за унапредување на здравствениот исход на пациентот; однос меѓу тестот и исходот; мерење на исходот; план на испитувања и квалитет на доказите; • Пребарување на литература и релевантните бази на податоци; анализа и презентација на резултати; • Економска процена на дијагностичкиот тест: од доказ до протокол; улога на клиничкото преиспитување; • Постојана едукација на персоналот со најновите достигнувања во лабораториската медицина; • Едукација на персоналот за пишување и одржување на процедурите на системот на квалитет во лабораторијата; • Запознавање со начините на континуираната медицинска едукација: учество на семинари, стручни и научни состаноци, дискусија со колеги, презентација на резултатите од работа, пратење на стручна литература; • Основно познавање на клиничката епидемиологија; • Примена на законската и етичката регулатива: спроведување на етичките аспекти и конвенции при изработка, интерпретација, известување и користење на медицинско-лабораториските податоци; • Познавање на ISO стандарди принципи на серија ISO 9000, ISO 17025, ISO 15189; • Акредитација на лаборатории: вовед во лаборатории, одржување на системите на менаџмент на квалитет.	

2.2. Практичен дел со спроведување на потребниот вид на постапки

Медицинска / клиничка биохемија	стаж
Апарати и инструменти Специјализантот мора да ја совлада работата на апаратот и да знае да го применува во својата понатамошна работа: • Автоматски пипети и пипетор • Општа лабораториска опрема: центрифуги, водени купатила, ваги, микроскопи, pH-	**32 месеци**

метри ; • Апарати са припрема на вода: апарати за дестилирана вода и дејонизирана вода, методи за проверка на квалитетот на водата; • Спектрофотометри, рефрактометри, нефелометри; • Пламен фотометри (емисиона и атомска апсорпција); • Јон селективни анализатори: електролити и за друга намена; • Гасни анализтори; • Апарати за електрофореза и дензитометри; • Автоматски и полуавтоматски анализатори за клиничка биохемија, хематологија, хемостаза и разни имунолошки техники (хемилуминисценција, флуоресцентна поларизација); • Апарати за PCR и други амплификатори ; • Осмометри ; • Флуорометри; • HPLC; • Мали апарати потребни за дислоцирани лаборатории и за "point of care" испитувања; • Флоуцитометри. **Специјализантот, квантитативно, треба да знае да одреди:** • **Јаглехидрати:** гликоза. • **Липиди и липопротеини:** Триацилглицероли, вкупен холестерол, HDL и LDL-холестерол, ApoA1, ApoB-100, ApoE, електрофореза на липопротеини на целогел ленти; Lp(a), LCAT. • **Протеини и аминокиселини:** Вкупни протеин во серум и урина, албумин, електрофореза на протеини, имуноглобулини (IgG, IgA, IgM, IgE, IgD), комплемент систем, микроалбуминурија, CRP; Специфични протеини: простата специфичен антиген (PSA), трансферин, хаптоглобин, алфа-1-антитрипсин, карциноембриогени антиген (CEA), α-фетопротеин (AFP), хориогонадотропин (CG); фибриноген, , дијагноза на на хепатитис А, В и С со серолошки методи, β-2- микроглобулин, CIK, цистатин с, хомоцистеин. • **Деградативни производи:** Acidum uricum, уреа, креатинин. • **Биогени амини:** Метанефрин, ВМА. • **Електролити**: Na, K, Cl, HCO_3^-, вкупен и јонизиран Ca, P (неоргански), Mg; осмолалност , мерење на интраклеткини електролити. • **Железо и хемоглобин** Железо во серум, капацитет на врзување, заситување со железо, трансферин, феритин. • **Витамини и елементи во траги:** Витамин $Б_{12}$, фолна киселина Витамин К ; бакар и цинк; холекалциферол и метаболити. • **Ензими:** Алкална фосфатаза, амилаза, креатин киназа, γ-глутамил трансфераза, LDH, липаза, AST и ALT, протромбин, (време на коагулација); ацетилхолинестераза, ангиотензин конвертинг ензим (ACE), изоензими на CK; изоензими на LDH, AP, CK; • **Хормони:** Тест на бременост (hCG, квантитативен hCG), тироксин, T3, TSH, кортизол во плазма и урина, естрадиол, тестостерон, дехидроепиандростерон сулфат (DHEA-S), прогестерон, фоликул стимулирачки хормон (FSH), лутеинизирачки хормон (LH), пролактин, хормон на раст, инсулин; ACTH, алдостерон, гастрин, С-пептид, глукагон, паратироиден хормон, SHBG, андростендион, неконјугиран естриол; тиреоглобулин, атриален натриуретичен пептид. **Кандидатите мора да бидат запознаени со различните тестови поврзани со функцијата на органите, да знаат квантитативно да ги одредат, да ги валидираат резултатите добиени од испитување и да напишат медицинско толкување**	

(специјалистичко мислење) за функциите на одредени органи преку интерпретација на биохемиските маркери и тоа: • **Гастроинтестинален тракт и панкреас:** Ензими на панкреас (амилаза, липаза), пируват; • **Црн дроб:** Билирубин-вкупен, конјугиран (директен) и микро (во педијатрија); ензими: AST, ALT, γGT, серумски протеини, алфа-фетопротеин, имуноглобулини, LDH, протромбин и, амонијак; • **Бубрег и уринарен тракт:** Квалитативна и квантитавна анализа на уринатa, преглед на седимент на урина, кетонски тела во крв и урина, протеинурија, креатинин и уреа во крв, мерење на брзина на гломерулрна филтрација, креатинин клиренс, тестови на концентрација, анализа на бубрежни камчиња, метаболизам на водород, протеинурија, цистатин С, хомоцистеин, β-2–микроглобулин, β-NAG, нефротоксични лекови ензими во урина; • **Срцеви маркери:** Ензими: СК-МБ, изоформи на СК, тропонин, миоглобин, мониторирање на третманот со лекови преку лабораториските тестови; електролити и гасови во крв при хронични срцеви заболувања; атеросклероза: хомоцистеин, CRP, липиди, липопротеини, апопротеини во процена на ризикот и за следење на терапијата, Apo A, Apo B, Apo C, Apo E; Lp(a) HDL-, LDL-,VLDL, типизација по Fredrickson; • **Мускулно-коскени, артритиси и ревматски пореметувања:** Калциум, магнезиум, фосфор во серум, ензими во серум, ацидум урицум; серолошко лабораториски тестови, неорганski фосфор во крв и урина, паратироиден хормон, витамин Д, бифосфанати, остеокалцин и пиридинолин crosslink; • **Хематолошки заболување порфирини, хем и жолчни пигменти**: ензими и метаболизам; мерење на Хб, хемолитички состојби серумско железо, капацитет на врзување на железо; трансферин и феритин, жолчни пигменти, метаболизам и дијагноза на жолтица; одредување на хаптоглобин, миоглобинемија и миоглобинурија; анемија, хемолиза. • **Шеќерна болест:** лабораториски тестови за детектирање на шеќерна болест: Тип 1, тип 2, инсулин резистентен, гестациски диабет; изведување и интерпретација на OGTT и во бременост; кетоза и ацидоза со млечна киселина; диференцијална дијагноза на кома; хиперосмоларна кома; HbA1C; фруктозамин, албуминурија одредување на С-пептид, испитување на инсулин; • **Протеини, заболувања поврзани со метаболизмот на протеините и нутриција:** Протеини на акутна фаза; вкупни протеини во серум, албумин, електрофореза на протеини во серум и урина; причини и детекција на хипоалбуминемија; хипо-и хипералбуминемија, дефициенција на алфа-1-антитрипсин, позитивен и негативен азотен биланс; • **Заболувања на метаболизмот на пурините и пиримидините:** Ацидум урицум, во дијагноза на гихт и следење на третманот на гихт со лекови; бубрежни конкременти	
МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ: - Нагледна практична активност и самостојна активност. **НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ:** - Практична активност, евалуација на стекнатите вештини; **УСЛОВ ЗА ПОТПИС И УПАТУВАЊЕ НА ДРУГ ТУРНУС:** - Редовност и совладани вештини.	
СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ЛАБОРАТОРИИ – опфатени во рамките на турнусот по медицинска/клиничка биохемија	
Биохемија на имуниот систем **Имуногенетика** • Типизација на противген од локусите А, Б и Ц (серолошка)----5 • Типизација на противген од локусите А, Б и Ц (молекуларна)--10 • Типизација на противген од локусите ДР и ДКу (молекуларна)---10	**1 месец**

• Вкрстена проба и интерпретација.----15 • Избор на компатибилен пар дарител-прима тел--15 • ХЛА и болести – определување на релативен ризик и интерпретација --10 • Полиморфизам на цитокинските гени--10 • Полиморфизам на КИР гените---10 **Имунолошка дијагностика** • Одредување на концентрација на белковини на акутна фаза.--10 • Интерлеукини и интерферони со ЕЛИСА.---10 • Индиректна имунофлуоресценција.---10 • Проточна цитометрија (противтромбоцитни противтела, лимфоцитна фенотипизација и др.).----5 • Одредување на Кlку, К2, имуноглобулински потокласи, олигоклонски имуноглобулини и др. со методите на електроимунодифузија и агарозна електрофореза----5 • Имунолошки методи со лимфоцитна микроцитотоксичност----5 • Одредување автопротивтела со ЕЛИСА.-----50 • Одредување вкупен и специфичен ИгЕ, ИгГ и ИгА со ЕЛИА----20 • Дијагностички постапки во стоматологијата (серолошки и генетски)----5 • Имунолошка дијагностика на дијабет и толкување—5 • Дијагностика на автоимуни заболувања на ендокриниот систем и толкување.—20 • Дијагноза на хемохроматоза и толкување.—15 • Тестови за дијагноза на интолеранција на храна и толкување.—20 • Определување циркулирачки имуни комплекси (ЦИК)------ • Имунолошки испитувања за автоимуни хепатити и толкување.—15 • Пред трансплантациски испитувања кај пациент и дарител на бубрег, коскена срцевина и црн дроб и толкување. —5 • Имунолошка дијагностика на ревматски артритис, СЛЕ, васкулити, Sjorgen, Behcet, Bechterew синдром и толкување.—20 • Имунолошки постапки во дијагнозата на стерилитетот и повторувачките абортуси и толкување—.30 • Дијагноза на GVHD.—5 • Долорочно следење и контроли на трансплантиран пациент со коскена срцевина.—10 • Дијагноза на отфрлање на трансплантат.—5 • Долгорочно следење и контроли на трансплантиран пациент—10 • Одредување на концентрација на поствакцинални противтела—10	
Педијатриска лабораторија • Вадење на капиларна крв и крв кај новороденчиња, деца до 1 година и над 1 година и максимално користење на добиениот серум или плазма; • Хлориди во пот, цистинурија, скрининг на аминокиселини, ксилоза толеранс тест, лактоза толеранс тест, гликоза -6-фосфат дехидрогеназа , осмотска резистенција.	**15 дена**
Биохемија на инфективни заболувања • Флуорометри; • HPLC; • Лабораториска и серолошка дијагноза на инфективни заболувања; • Ацидобазна регулација: параметри на ацидобазна регулација: гасови во крв и pH на крв, карбоксихемоглобин, заситување со кислород, одредување на млечна киселина; • Испитување на ликвор: Глукоза, протеин, олигоклонални траки, специфични имуноглобулини, ензими, IgG/албумин однос .	**1 месец**
Геријатриска лабораторија	**15 дена**

• Испитување на биохемиски параметри поврзани со специфични заболувања на пациенти над 65 годишна возраст.	
Пренатална дијагноза, испитување и следење на ризична бременост • Испитување на амнионска течност; утврдување на диабетес мелитус и преeклампсија кај мајката; пренатална дијагноза на дефекти на невролошката туба и Dawn синдром, трисомина 18/13 во прв и втор триместар со испитување на F-βHCG, PAA, алфа-фетопротеин, hCG, неконјугиран естриол во крв на мајката; испитување AFP и други тестови на амнионска течност; тест на фетална зрелост на белите дробови-lamellar body cell; Rh-изомунизација,OGTT-скрининг за гестациски дијабет; одредување на билирубин кај новороденчиња • Параметри на гинеколошки онкологија.	**1 месец**
Работа со радиоизотопи -Институт за патофизиологија и нуклеранa медицина **Турнусот ќе се изведува со супервизија со едукатор** • Мерење на радиоактивност со јонизациски детектор; • Мерење на радиоактивност со сцинтилациски детектор; • Изведување на радиоимуноесеј;читање на резултати од радиоимуноесеј; • Контрола на квалитет на радиоимуноесеј ;	**15 дена**
ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА Во практичниот дел специјализантот по медицинска биохемија ќе се запознае и ќе ги совлада техниките/лабораториските тестови кои најчесто се користат во трансфузиологијата, како и нивната интерпретација за да може да ги користи во секојдневната пракса. **Базична трансфузиологија** • Собирање и чување на примероци на крв од дарители/болни/трудници за серолошки испитувања • Принципи на серолошки техники во имунохематологија • Клинички значајни еритроцитни крвногрупни антигени и антитела (ABO, Rh, Kell) – 50 тестови • Автоматизација во лабораториите за имунохематологија • Гел техники - 50 тестови • Директен и индиректен антиглобулински тест (Coombs) со разни техники и негово клиничко и лабораториско значење - 50 тестови • ELISA-принцип на тестот и примена во тестирање на крвта од дарители на ТТИ • Серолошка и молекуларна HLA типизациај - 10 тестови **Лабораториски тестови за испитување на хемостаза** • Земање на примероци крв за испитување хемостаза • Автоматиозација во лабораторија за хемостаза (коагулометри, агрегометри, бројачи и сл.) • Принципи на работа со разни апарати во лабораторија • Можни пропусти/грешки	**2 месеци**

• Скрининг хемостаза (PT, aPTT, TT, фибриноген)) – 50 тестови • Дијагностички алгоритми за испитување на пореметувањата на хемостазата • Тестови за испитување на антикоагулациски и антифибринолитички антитела (SLE, бременост и др) - 10 тестови • Молекуларна дијагностика на FV Leiden – 3 тестови • Молекуларна анализа на протромбин G20210A и MTHFR-3 тестови • Тестови за испитување на хиперкоагулабилност -10 тестови • Квантитативно одредување на коагулациските фактори • Агрегација на тромбоцити со разни реагенси- 10 тестови • Тестови заследење на оралната антикоагулантна терапија/ хепарин/ резистенција на хепарин и интерпретација – 50 тестови • Лабораториска дијагноза на хемофилиите / M. Willebrand- 5 тестови • Испитување на тромбофилија- 5 тестови • Одредување на тромбофилија PC, PS, ATIII, D-димер, LA, AFA- 30 тестови • Интерпретација на различни резултатите • Контрола на квалитет во лабораторија за хемостаза. • По завршениот турнус ќе биде направена евалуација на стекнатите знаења во облик на тест.	
МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ: - Нагледна практична активност и самостојна активност. **НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ:** - Практична активност и евалуација на стекнатите вештини; **УСЛОВ ЗА ПОТПИС И УПАТУВАЊЕ НА ДРУГ ТУРНУС:** - Редовност и совладани вештини.	
ХЕМАТОЛОГИЈА • Земање на примероци за хематолошки испитување и за хемостаза, принцип на работа на хематолошки бројач, одредување на крвна слика на хематолошки бројач, интерпретација на резултати, дијагностика на псеудотромбоцитопенија, изработка на крвна размаска и одредување на леукоцитна формула, одредување на клетки од коскена срцевина и специјални цитохемиски боења на размаска од коскена срцевина за препознавање на разните типови на клетки (ПАС и Судан блацк боење, пероксидаза и естераза боење, боење со кисела фосфатаза, алкална фосфатаза), боење на сидеробласти, корелација на наодите од размаската на периферна крв со морфологијата на размаската од коскена срцевина, одредување на ретикулоцити, одредување на седиментација на еритроцити, испитување на функција на тромбоцити, агрегација на томбоцити, одредување на томбоцитен фактор 4 (ТРФ-4), спроведување на контрола на квалитет на хематолошки бројач, **Автоматизација во хематологија** • Одредување на број на леукоцити, еритроцити и тромбоцити во крв на хематолошки бројач, мануелно одредување на Le и TR, пресметување на апсолутни вредности, концентрација хемоглобин, еритроцитни индекси; принципи на хематолошките бројачи, одредување на леукоцитарна формула со 3- и 5-diff технологија; микроскопска евалуација на периферна крвна размаска; референтни интервали за хематолошките параметри контрола на квалитет на хематолошките бројачи и Bull-ова анализа; мануелно и автоматско одредување на бројот на ретикулоцитите; интерпретација на резултатите од автоматското и мануелното одредување на бројот и морфологијата на крвните клетки, постапки за обработка на абнормален примерок и издавање на резултати, корелација на резултатите од добиената размаска на периферната крв со клиничката слика; **Анализа на размаска на периферна крв**	**2 месеци**

• Изработка на размаска на периферна крв, стандарни и специфични боења на крвната размаска, микроскопска евалуација на нормалната и абнормалната крвна размаска (морфологија на Er, Le и Tr); артефакти во анализата на морфологијата на Le, Er, и Tr; интерпретација на резултатите во корелација со резултатите добиени на хематолошки бројач; **Специфични лаборториски тестови во хематологија со основи на имунохематологија:** • испитување на карактеристиките и абнормалностите на крвните клетки со флоуцитометар, типизација на Т и Б лимфоцити, рутинска флоуцитометриска евалуација на леукоцитите (површински и интраклеткини маркери) принципи на флоуцитометриска анализа на субкласата на лимфоцитите, интерпретација на наодите добиени со флоуцитометрија во корелација со цитохемиските и имуноцитохемиските испитувања; типизација на леукоцитните и ткивните антигени, испитување на клеточните маркери со примена на моноклонални антитела, имунофлоуресцентни методи, клиничко значение и општи принципи на функцијата на тромбоцитите, агрегација на томбоцитите и ослободување на серотонин, антитела на тромбоцитите метаболизам на хем и на порфирини, определување на хемоглобин, синтеза и разградба на хемоглобин. **Пореметување на еритоцитите** • карактеристични лабораториски наоди во нормална, микроцитна и макроцитна анемија, лабораториска дијагностика на статусот на железото во организмот, недостаток на витамин $Б_{12}$ и фолна киселина; -патофизиологија и лабораториска дијагностика на интравскуларната хемолиза; хемоглобин С, хемоглобинопатии и таласемии, флоуцитометриски анализи на фетален хемоглобин, електрофореза на хемоглобин познавање на основите на ДНА техниките. **Пореметување на леукоцитите** • Морфолошка, цитохемиска и имуноцитохемиска молекуларни и цитогенетски испитувања во диференцијална дијагноза на акутните и хроничните леукемии, лимфоми и миелопролиферативни и миелодиспластични заболување; **Пореметување на тромбоцити** • Лабораториски тестови за различни типови на вон Willebrand-ова болест, антитромбоцитна терапија, испитување на тромбоцитните анТитела со флоуцитометрија.	
МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ: - Нагледна практична активност и самостојна активност; **НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ:** - Практична активност и евалуација на стекнатите вештини; **УСЛОВ ЗА ПОТПИС И УПАТУВАЊЕ НА ДРУГ ТУРНУС:** - Редовност и совладани вештини.	
ГЕНЕТИКА **Молекулска генетика** • Изолација на геномска ДНК -2 • Мерење на концентрација на ДНК, РНК и протеини -2 • Полимеразно верижна реакција-2 • Определување мутации-5 **Биохемиска и генетика** • Ензимска детекција-2 • Скрининг методи и Тандем мас дијагностика -5	**1 месец**

Медицинска цитогенетика и флуоресцентна ин ситу хибридизација • Кариотип со нормална резолуција (крв, амниоцити, фибробласти, коскена срцевина)----2 • Кариотип со висока резолуција (крв, коскена срцевина)---2 • Методи за автоматско кариотипизирање—1 **Репродуктивна генетика** • Амниоцентеза- анализа и интерпретација—1 **Неонатален скрининг** • Земање примероци на филтер хартија--1 • Интерпретација на резултати---2 **Етика и квалитет во лабораториската генетика** • Обезличување на генетски примероци --1 • Банка за складирање хумана ДНК---1 • По завршениот турнус ќе биде направена евалуација на стекнатите знаења и вештини во облик на тест.	
МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ: - Нагледна практична активност и самостојна активност; **НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ:** - Практична активност и евалуација на стекнатите вештини; **УСЛОВ ЗА ПОТПИС И УПАТУВАЊЕ НА ДРУГ ТУРНУС:** Редовност и совладани вештини.	
ПАТОЛОГИЈА СО ОНКОЛОГИЈА • Специјализантите ќе поминат по една недела турнус во следниве лаборатории: хистохемиска и имунохистохемиска, имунофлуоресцентна, електрон-микроскопска и во лабораторијата за молекуларна патологија • Специјализантите ќе се запознаат со дијагнистичките методи кои се работата во соодветните лаборатории, со интерпретација и апликација ан добиените резултати, особено при одредување на тумор маркери, онкогени ензими, хормонски рецептори и онкогените • По завршениот турнус ќе биде направена евалуација на стекнатите знаења и вештини во облик на тест.	**1 месец**
МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ: - Нагледна практична активност и самостојна активност; **НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ:** - Практична активност и евалуација на стекнатите вештини; **УСЛОВ ЗА ПОТПИС И УПАТУВАЊЕ НА ДРУГ ТУРНУС:** - Редовност и совладани вештини.	
ФАРМАКОЛОГИЈА/ФАРМАКОТОКСИКОЛОГИА **Клинички испитувања на лекови (биоеквивалентни студии)** • Учество во дизајнирање на протокол за спроведување на клиничко испитување-----2 • Дефинирање на инклузиони и ексклузиони критериуми за вклучување на испитаници во клиничко испитување--------2 • Дефинирање на биохемиски маркери за селекција на испитаници и нивно следење во биоеквивалентни студии----------2 • Учество во спроведување на биоеквивалентни студии----------2 **Мониторирање на концентрации на лекови во биолошки материјал**	**1**

• Одредување на концентрации на антиепилептици во серум-----5 • Клиничка интерпретација на добиените резултати на концетрациите на антиепилептиците------5 • Индивидуализација на режимот на дозирање кај пациенти кои примаат антиепилептични лекови во однос на добиените концентрации во биолошки материјал.-------5 • Одредување на концентрации на имуносупресиви во крв--------5 • Клиничка интерпретација на добиените резултати на концетрациите на имуносупресивите во крв-------5 • Индивидуализација на режимот на дозирање кај пациенти со трансплантиран бубрег кои примаат имуносупресивни лекови во однос на добиените концентрации во биолошки материјал.------5 • Одредување на катехоламини во урина------5 • Клиничка интерпретација на добиените резултати на концетрациите на катехоламини во урина-------5 • По завршениот турнус ќе биде направена евалуација на стекнатите знаења и вештини во облик на тест.	
МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ: - Нагледна практична активност и самостојна активност; **НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ:** - Практична активност и евалуација на стекнатите вештини; **УСЛОВ ЗА ПОТПИС И УПАТУВАЊЕ НА ДРУГ ТУРНУС:** - Редовност и совладани вештини.	
МИКРОБИОЛОГИЈА **Општи аспекти** • **Општи аспекти на бактериологијата**: дефиниција за инфекција и инфективна болест, патогенеза на инфекциите, одбирање на валиден примерок и правилно земање на примероци за микробиолошка дијагноза при одредени инфективни заболувања (крв за хемокултура, крв-серум за серолошки испитувања, урина, фецес, спутум), најчести етиолошки агенси (патогени бактерии и вируси), природен и болнички екосистем. • **Дијагностички постапки**: обработка на примероците: директен препарат, боење по Грам, култивирање на примероците на соодветни подлоги и во соодветни стандардни услови, биохемиска и автоматизирана идентификација (VITEK-2), тестирање на антимикробна осетливост на изолатите (класична и автоматизирана). Обработка на крв при септикемии и ендокардити (автоматизиран Bact/Alert систем), Обработка на примероци за молекуларна дијагностика (крв за PCR). Детекција на бактериски и вирусни антигени и присуство на антитела во серум на пациентите (серолошка дијагностика). • **Детекција на конкретни бактерии при одредени инфективни заболувања**: *Staphylococcus aureus*, *Streptococcus pyogenes*, *Streptococcus pneumoniae*, *Escherichia coli*, *Salmonella spp, Haemophilus influenza*e, *Helicobacter pylori*, *Mycoplasma spp*, *Chlamydia spp.* • **Серолошки испитувања (детекција на антигени и/или антитела) при вирусни инфекции предизвикани со**: *Herpes simplex virus*, *Cytomegalovirus*, *Epstein Barr virus*, *Hepatitis A*, *B*, *C*, *E virus*, HIV, *Coronavirus*, *Rotavirus*, *Morbilli virus*, *Parotitis virus*, *Rubivirus*, *Poliovirus.* • **Молекуларна дијагностика на голем број вируси (HPV)** • **Одредување на соодветна антимикробна терапија**	**2 месеци**

Медицинска паразитологија • Епидемиологија, застапеност, главни клинички знаци, техники на детекција на адултни форми (макроскопски) и јајченца (микроскопски). • Усвојување на вообичаените техники за детекција на етиолошки агенси на амебијаза, ламблијаза, маларија, токсоплазмоза, трихомонијаза, интестинални, уринарни и хепатични хелминтијази. **Медицинска микологија** • Детекција на агенси на миколошки заболувања, вообичаени техники за нивна изолација и идентификација (класична и автоматизирана). • Испитување на изолатите на осетливост кон антимикотични средства (со Е тестови и автоматизирана техника). • Молекуларна дијагностика на фунгални сепси. • По завршениот турнус ќе биде направена евалуација на стекнатите знаења и вештини во облик на тест.	
МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ: - Нагледна практична активност и самостојна активност; **НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ:** - Практична активност и евалуација на стекнатите вештини; **УСЛОВ ЗА ПОТПИС И УПАТУВАЊЕ НА ДРУГ ТУРНУС:** - Редовност и совладани вештини.	
МЕНАЏМЕНТ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА РАБОТА ВО ЛАБОРАТОРИЈА • Воспоставување на модел на организација на лабораторијата; • Методи и модели за пресметување на продуктивност на персоналот вработен во лабораторииите; • Пресметување на цената на чинење на анализите; изработка на комуникациски обрасци-начини на презентација; • Образование и пракса на персоналот кој работи во лабораторијата, планирање и селекција. • Менаџмент на квалитетот и испитување на истиот преку прирачници за квалитетот, акредитација, посета на курсеви и семинари, интернационално испитување на квалитетот, надворешно следење на квалитетот материјалите. • Критичка процена на дијагностичките испитувања преку користење на стандардизирани листи за проверка; • Пресметување на различни параметри, дијагностичка точност и нивна интерпретација; • Критичка процена на систематски прегледаните научни и стручни трудови. • Критичка проценка на лабораториски водичи; • Избор и примена на стандардите во лабораторијата; • Базично знаење од клиничка епидемиологија. • Сигурносни правила во лабораторијата: заштита од пожар, хемикалии, инфективен материјал; прирачници за заштита, програми за контрола на квалитетот, дисеминација на податоците за пациентите. • Личен менаџмент: опис на работните задачи, односи со надредените, интервјуи за работата, мотивација; • Правни регулативи за работа во лабораторија: Познавање на релевантната легислатива, компетенција за работа во лабораторија; • Организација на здравствената установа: интеракција помеѓу лабораторијата и останатиот дел на здравствената установа (болницата). • Професионална етика;	**2 месеци**

• Односи со јавноста, со болницата и со општеството. • Итност на лабораториските анализи и работа надвор од работните саати (дополнителна дејност) • По завршениот турнус ќе биде направена евалуација на стекнатите знаења и вештини во облик на тест.	
МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ: - Нагледна практична активност и самостојна активност; **НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ:** - Практична активност и евалуација на стекнатите вештини; **УСЛОВ ЗА ПОТПИС И УПАТУВАЊЕ НА ДРУГ ТУРНУС:** - Редовност и совладани вештини.	
Научно-истражувачка и практична работа	**6 месеци**

ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

Проверката на стекнатото знаење се врши по пат на усен/и колоквиум/и во присуство на најмалку два професори од Катедрата по биохемија и клиничка биохемија, а по завршувањето на теоретската настава, што е условувачки критериум за обавување на надворешните турнуси.

Семинарски трудови, континуирана медицинска едукација

A. Специјализантот, треба да ги посетува стручните состаноци, работилници на Македонското здружение за медицинска биохемија и лабораториска медицина и да присуства на семинари, симпозиуми и конгреси во државата и надвор, со што ќе биде веднаш вклучен во контунираната медицинска едукација од областа на биохемијата.

B. За време на специјалистичкиот стаж, специјализантот треба да изработи два семинарски труда, кои може да бидат интердисциплинарни и коишто треба да ги изложи пред Катедрата за биохемија и клиничка биохемија или на работилници на Македонското здружение за медицинска биохемија и лабораториска медицина.

Научно истражувачка и практична работа

Специјализантот/тите ќе треба да научат како се пишува научно-истражувачки т.е. стручен труд за кој ќе треба да покажат дека:

- знае да пребара релевантна литература за дадената област; да направи селекција и критична проценка на литературните податоци;
- знае да ги употреби основните статистички методи за определување на референтни вредности;
- дијагностичка сензитивност и специфичност на методот;
- знае да напише труд кој ги содржи сите делови;
- знае да цитира соодветне литература и истата коректно да ја прикаже;
- знае да напише апстракт кој соодветствува на податоците кои се изнесени во трудот;

За време на практичната работа специјализантот/тката обавува практична работа во која е должен:

- Активно да се вклучи во секојдневните лабораториски обврски т.е.:
- Да стекне вештини од преданалитичка фаза;Да ги контролира посебните барања за земање на примерок; Да ги контролира и ги избира правилните антикоагуланси;
- Да се грижи за идентификацијата, транспортот, складирањето на примероците како и за влијанието на температурата врз аналитите;
- Да знае да подготви и интерпретира резултати од контролен серум;
- Да знае да направи и интерпретира стандардни криви;
- Да знае да пресмета и интерпретира точност и прецизност;
- Да знае што се референтни методи и како да направи избор на истите;

- Да знае да направи статистичка споредба на методите;
- Да знае да ги евалуира податоците за контрола на квалитет како и податоците од надворешната контрола;
- Да знае да ги евалуира аналитичка специфичност и аналитичка осетливост
- Приготви стандардни криви;
- Направи калибрација;
- Да знае кои фактори интерферираат со одредени биохемиски параметри;
- Направи контрола на стандардните и калибрационите криви;
- Определи критични вредности;
- Да знае да ги користи и интерпретира референтните вредности;
- Да ги изработи биохемиски параметри кои се барани од страна на докторот кој го упатува пациентот во лабораторијата;
- Направи валидирање на резултатите;
- Да ги препознае специфичните комбинации на резултати карактеристични за определена болест;
- Напише специјалистичко мислење за добиените резултати;
- Да има познавање за електронска обработка на резултатите;
- Напише препораки за други лабораториски анализи од интерес за поставување на дијагнозата;
- Да знае кои постапки и методи се користат за обезбедување на сигурност на работата во лабораторијата;
- Да е запознаен со етичките начела за толкување, прикажување и користење на лабораториските податоци.

Завршен специјалистички испит:

- На крај од специјалзацијата, откако менторот ќе провери дека специјализантот ја ислушал предвидената теоретска настава, успешно ги поминал сите пропишани турнуси, ги совладал предвидените вештини, ги положил предвидените колоквиуми изработил/ла семинарски трудови, поминал турнус за научно-истражувачка и практична работа кандидатот пристапува на специјалистички испит.

По завршувањето на специјализацијата по медицинска биохемија докторот по медицина/фармацевтот - специјалист по медицинска биохемија:

I. Ќе стекне и ќе владее со суштинските знаења од областа на медицинска биохемија;

II. Ќе ја познава примента на клиничко-хемиските процедури во однос на:

1. Раното откривање на заболувањата и епидемиологијата на заболувањата;
2. Потврдување на дијагнозата за определеното заболување;
3. Проценка на функцијата на органите и органските системи;
4. Влијанието на лабораториските изменетите вредности врз виталните функции;
5. Пратења на фармакотерапевтскиот одговор преку добиените вредности на лабораториските анализи;
6. Значењето на добиените тераписки и токсични концентрации на лековите во биолошки медиуми;
7. Строго специфични лабораториски тестирања;
8. Пореметување на органските функции и нивното влијание врз вредностите на лабораториските тестови.

III. Ќе ги познава принципите и техничкото изведување на лабораториските методи.

IV. Ќе знае за влијанијата на собирањето и чувањето на примероците во однос на:

1. Местото и времето на собирањето на примерокот за анализа, конзервирањето, влијанието на исхраната, лековите, положбата на телото и т.н. ;
2. Изборот и правилната примена на антикоагулантните средства и начинот на транспорт на земениот биолошки материјал;
3. Грижата за примероците, нивната идентификација, транспорт, чување, влијанието на температурата, и влијание на замрзнување/одмрзнување на примерокот.

V. Ќе знае да направи верификација на користените методи за лабораториските анализи:

1. Лимит на детекција, лимит на кванитификација, опсег на линеарност и репродуцибилност, што е гаранција за прецизноста и точноста на користените лабораториски методи;
2. Предностите и негативностите на други постоечки методи за секој вид лабораториско испитување;
3. Специфичноста на применетите методи за секој вид лабораториско испитување;
4. Внатрешна контрола на квалитетот и надворешна контрола на квалитет на работата на лабораторијата;
5. Факторите кои поради интерференција може да влијаат врз точноста на добиените резултати.

VI. Ќе знае да направи медицинска евалуација, толкување на лабораториските тестови и методи врз основа на истите ќе врши:

1. Препознавање на комбинацијата на лабораториските наоди кои се типични за определеното заболување;
2. Развивање на стратегии на испитувања во однос на поставените клинички барања;
3. Препознавање и процена на можни влијанија врз резултатите преку споредувања со претходните вредности, патолошкиот профил на резултатите, екстремните вредности и т.н;
4. Користење на референтни вредности (влијанието на полот, возраста, начинот на живеење и т.н.), како и вредностите за одлучување и за граничните вредности;
5. Препознавање на комбинацијата на наодите кои се типични за едно заболување;
6. Стратегијата на испитувањето во однос на поставените клинички барања;
7. Лонгитудинални евалуации на текот на заболувањето и следењето на терапијата, критични разлики;
8. Независно изведување на анализите или сугестија за понатамошни испитувања;
9. Пишување на специјалистички лабораториски извештаи со евалуација на наодите и соодветни препораки.

VII. Ќе ги знае основните принципи на организација на лабораторијата и осигурување на квалитетот на работата врз основа на:

1. Организацијата на менаџментот на лабораториската работа;
2. Проценка на квалитетот на методите и на добиените податоци ;
3. Познавање на лабораторискиот информатички систем (ЛИС);
4. Едукација на персоналот во лабораториите;
5. Обезбедување на заштита на песоналот во лабораторијата и обезбедување сигурност при работата,
6. Познавање на законските и етичките начела на лабораториската работа;
7. Познаваање на принципите и барањата за акредитација на лабораторијата;

VIII. Да биде оспособен да ја изведува континуираната медицинска едукација (КМЕ) преку:

1. Следење и проучување на научна литература;
2. Консултација со колегите од својата и другите медицински специјалности;
3. Посетување на научни и стручни состаноци, симпозиуми и конгреси;
4. Изработка на научни и стручни трудови и оспособување за нивно изложување на научни и стучни состаноци, семинари и конгреси.

ПЛАН И ПРОГРАМА НА СПЕЦИЈАЛИЗЦИЈАТА ПО МЕДИЦИНСКА МИКРОБИОЛОГИЈА СО ПАРАЗИТОЛОГИЈА

Специјалистичкиот стаж трае 48 месеци

- Основи на практична работа во микробиолошка лабораторија 4 месеци
- Бактериологија 19 месеци
- Вирусологија 3 месеци
- Микологија 3 месеци
- Паразитологија 4 месеци
- Антимикробна осетливост 1 месец
- Серологија 3 месеци
- Молекуларни методи во микробиологијата 2 месеци
- Епидемиологија на заразни болести 1 месец
- Инфективни болести 3 месеци
- Санитарна микробиологија 2 месеци
- Социјална медицина 0,5 месец
- Хигиена 0,5 месец
- Биохемиска лабораторија 1 месец
- Патологија 1 месец

Програмата за теоретска настава е предвидено да се изведува како предавања, семинари, работа во мали групи	
Прва и втора година	Задолжителна теоретска настава предвидена за сите специјализанти – Научно истражувачка работа – Донесување на клиничка одлука – Комуникациски вештини – Јавно здраство – Способност за стекнување и пренесување на знаење – Етика и прописи – Промоција на здравјето

Програма за специјализантите по предметот Медицинска микробиологија со паразитологија по години

	Настава (часови)	Стаж (месеци)	Стажот се изведува во установи што вршат дејност по:	
Прва година			Институт за микробиологија и паразитологија	
1. Основи на практичната работа во микробиолошка лабораторија	10 10	2 2	Лабораторија за подготовка на подлоги Лабораторија за примарна обработка на примероци	
Бактериологија				
2. Дијагностика на горнореспираторни инфекции	7	1,5	Лабораторија за респираторни инфекции	
3.Дијагностика на долнореспираторни инфекции	8	2	Лабораторија за респираторни инфекции	
4. Дијагностика на гастроинтестинални инфекции 1	7	2	Лабораторија за гастроинтестинални инфекции	
5. Дијагностика на гастроинтестинални инфекции 2	8	1,5	Лабораторија за гастроинтестинални инфекции	
6. Дијагностика на инфекции на рани и меки ткива, анаеробни инфекции	9	2	Лабораторија за анаеробни инфекции, инфекции на рани и меки ткива	
7. Дијагностика на површни кожни инфекции	6	1,5	Лабораторија за анаеробни инфекции, инфекции на рани и меки ткива	
8. Дијагностика на сепси и менингити	15	2	Лабораторија за хемокултури, ликвори	
Втора година				
9. Дијагностика на генитални инфекции	12	2	Лабораторија за урогенитални инфекции	
10. Дијагностика на уринарни инфекции	12	2	Лабораторија за урогенитални инфекции	
11. Дијагностика на интрахоспитални инфекции	9	2	Лабораторија за интрахоспитални инфекции и нежива болничка средина	
12.Испитување на нежива болничка средина	5	1,5	Лабораторија за интрахоспитални инфекции и нежива	

			болничка средина	
Вирусологија				
			Институт за јавно здравје	
13. Детекција на причинители на одредени вирусни заболувања	4	1	Лабораторија за дијагностика на вирусни инфекции	
Трета година				
			Институт за микробиологија и паразитологија	
Микологија				
14. Дијагностика на етиолошки агенси на микози	6	1,5	Лабораторија за миколошки испитувања	
15.Дијагностика на етиолошки агенси на микози	6	1,5	Лабораторија за миколошки испитувања	
Паразитологија				
16. Дијагностика на протозои	6	2	Лабораторија за паразитарни заболувања	
17.Дијагностика на хелминти	6	2	Лабораторија за паразитарни заболувања	
Серологија			Институт за микробиологија со паразитологија	
18. Серолошка идентификација на етиолошки агенси	8	2	Лабораторија за серолошка дијагностика	
19.Серолошка дијагноза	8	2	Лабораторија за серолошка дијагностика	
20.Понови серолошки методи	4	1	Лабораторија за серолошка дијагностика	
21. Молекуларни испитувања во микробиологијата	8	2	Лабораторија за молекуларна дијагностика	
Четврта година				
Испитување на антимикробна осетливост			Институт за микробиологија и паразитологија	
22. Техники за испитување на осетливоста на микроорганизмите кон различни антимикробни средства	10	1	Лабораторија за испитување на антимикробна осетливост	
23. Епидемиологија на заразни болести	6	1	Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика	
24.Инфективни агенси и нивна осетливост	5	1,5	инфективни болести и фебрилни состојби	
25. Инфективни болести и терапија	5	1,5	инфективни болести и фебрилни состојби	
26. Санитарна микробиологија	6	2	Институт за јавно здравје	

27. Социјална медицина	**4**	**0,5**	**Институт социјална медицина**	
28. Хигиена	**4**	**0,5**	**Институт за хигиена**	
29. Биохемиска лабораторија	**6**	**1**	**Институт за медицинска и експериментална биохемија**	
30. Патологија	**4**	**1**	**Институт за патолошка анатомија**	

2. Конкретна програма по методски единици (со број на часови):
2.1. Теоретски дел:

	Основи на практичната работа во микробиолошка лабораторија	Број на часови
	Општо за микробиологијата како наука. Поделба	2
	Видови микроорганизми. Бактерии, габички, протозои	6
	Примероци за микробиолошка анализа, начин на правилно земање, услови на чување и правилен транспорт.	2
	Засадување на микроорганизмите и услови на култивација	2
	Видови подлоги за култивација и нивна подготовка. Хемокултури. Идентификација на микроорганизмите	2
	Стерилизација	3
	Дезинфекција	3
	Бактериологија	
	Класификација на бактериите	
	Општи карактеристики на етиологијата на респираторните инфекции **Бактерии предизвикувачи на респираторни инфекции**: *Streptococcus pyogenes*, *Bordetella pertusis*, *Streptococcus pneumoniae*, *Haemophilus influenzae Moraxella catharalis*, *Mycobacterium tuberculosis* **Предизвикувачи на атипични пневмонии**: *Chlamydia*: *Chlamydia pneumoniae, Legionella pneumophilla*, *Mycoplasma pneumoniae*,	15
	Општи карактеристики на етиологијата на гастроинтестиналните инфекции **Бактериски етиолошки агенси на гастроинтестинални инфекции и алиментарни интоксикации**: *Salmonella spp*, *Shigella spp*, *Campylobacter spp*, *Vibrio cholerae*, *Clostridium difficile*, *Bacillus cereus*	15
	Општи карактеристики на етиологијата на инфекциите на меки ткива **Бактерии предизвикувачи на инфекции на рани и меки ткива:** *Staphylococcus aureus, Propionobactreium, Bacillus spp, Bacillus anthracis, Clostridium spp, Streptococcus spp, Francisella tularensis*, **Карактеристики на анаеробни инфекции. Мешани инфекции, инфекции на изгоретини. Анаеробна култивација**. **Медицински значајни анаероби**: *Bacteroides spp, Bacteroides fragillis, Prevotella spp, Fusobacterium spp, Clostridium spp, Peptostreptococcus spp, Veillonella*	15
	Сепса, сапремија, ендокардит **Бактерии значајни во етиологијата на сепсите и ендокардитот:**	

	Streptococcus spp, Streptococcus viridians, Cardiobacterium, Staphylococcus spp, Staphylococcus epidermidis, Corynebacterium spp, Enterococcus spp, Грам - негативни бацили (ЕСБЛ+). **Бактериски етиолошки агенси на менингит**: *Neisseria meningitidis, E. coli* K1, *Listeria monocytiogenes, Streptococcus agalactiae*	15
	Општи карактеристики на етиологијата на сексуално преносливите инфекции **Бактерии значајни во етиологијата на сексуално преносливите болести**:*Treponema pallidum, Neisseria gonorrhoeae,Gardnerella vaginalis, Chlamydia trachomatis, Ureaplasma, Mycoplasma*	12
	Општи карактеристики на етиологијата на уринарни инфекции. Бактерии значајни предизвикувачи на уринарните инфекции: *E. coli, Klebsiella spp, Enterobacter spp, Serratia spp, Pseudomonas aeruginosa, Proteus spp*	12
	Болнички инфекции Видови болнички инфекции. Начин на настанување на инфекциите. Етиолошки агенси. Контрола на болничките инфекции. Медицински значајни бактерии. Бактерии кои поретко се јавуваат како етиолошки агенси на одредени заболувања.	14
	Вирусни инфекции Класификација на вирусите. Значајни етиолошки агенси на вирусните заболувања. *Picornaviridae, Adenoviridae, Herpesviridae, Ortomyxoviridae, Paramyxoviridae, Hepadnaviridae, Retroviridae,*	12
	Површни и системски микози. Етиолошки агенси на миколошки заболувања. Дерматофити. Квасници. Бифазни фунги	12
	Поделба на паразити и нивна градба. Карактеристики на најзначајните агенси на паразитарни заболувања.Протозои. Цестоди. Трематоди. Нематоди.	12
	Антимикробни средства: Антибиотици, антимикотици, антивирусни средства. Поделба, механизми на дејство. Механизми на резистенција. Рационална употреба на антибиотици. Антипротозоарни и антипаразитарни средства.	10
	Отпорност: вродена и стекната. Имун одговор на домаќинот Антигени и антитела.	8
	Принцип на молекуларната дијагностика и значење. Области во кои се применува. Нејзина важност во микробиологијата. Детекција на микроорганими. Детекција на гени кои кодираат фактори на патогеност икај микроорганимите. Детекција на гени за резистенција. Типизација на микроорганизмите со молекуларни методи.	8
	Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика Проучување на методите за превенција на заразните заболувања и можностите за пријавување на заразните болести. Откривање и следење на епидемии. Превенција за настанување на епидемија. Статистички анализи	6
	Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Инфективни болести и нивни причинители. Одбирање на соодветни примероци при одредени инфективни болести и фебрилни состојби. Параметри за донесување на правилна клиничка дијагноза кај	

	акутна респираторна инфекција, инфекција на ЦНС, акутен и хроничен гастроентероколит, интоксикација со храна, акутни урогенитални инфекции, грозници од непознато потекло, септични состојби, акутни и хронични вирусни хепатити, егзантемски инфекции типични за детската популација итн. Следење на причините за појава на интрахоспиталните инфекции: внатрешни и надворешни (спроведување на инвазивни дијагностички и терапевтски постапки). Мерки за превенција на појавата и ширењето на интрахоспиталните инфекции.	10
	Институт за јавно здравје Изучување на актуелности поврзани со следење на проблематиката во јавното здравје	10
	Институт за социјална медицина Запознавање со најновите законски и подзаконски акти во здравството, следење на упатства, стандарди и нормативи од СЗО, земјите на ЕУ и во РМ, генерално и посебно во микробиолошката лабораториска дејност. Правилно водење на медицинска документација и евиденција. Здравствена промоција и здравствена едукација. Менаџмент и финансирање на здравството со посебен осврт на микробиолошката дејност	4
	Принципи и правила за спроведување на хигиена Општа хигиена. Спроведување на општат хигиена. Хигиенски надзор во здравствените установи. Обезбедување на хигиенски исправна вода. Комунална хигиена	4
	Институт за медицинска и експериментална биохемија Проучување на сите можни биохемиски иследувања при различни инфективни заболувања	6
	Институт за патолошка анатомија Начини на утврдување на присуството на микроорганизмите во ткивата на пациентот и разгледување на причините за смртта post mortem	4

2. 2. Практичен дел со спроведување на потребниот вид и број на постапки и интервенции:

	Основи на практичната работа во микробиолошка лабораторија	**Број на постапки**
	Лабораторија за подготовка на подлоги	
	Подготовка на сите видови подлоги	100
	Постапки за механичко миење, дезинфекција и стерилизација (миење на лабораториските садови, дезинфекција на лабораториската средина, сува и влажна стерилизација, кварцање на воздух, техники за контрола на стерилизацијата)	60
	Лабораторија за примарна обработка на примероците	
	Правилно земање, пакување, транспорт и чување на сите примероци за микробиолошко испитување	100
	Засадување и обработка на примероци (брис од нос, брис од грло, брис од уво, брис од коњуктива, брис од кожа, брис од рана, гној, жолчка, пунктат, бронхоалвеоларен лават, трахеален аспират, брис од канила, брис од тубус, дијализатна течност, врв од катетер, некротично ткиво, брис од уретра, брис од вагина, брис од цервикс, исцедок од дојка, сперма, урина, спутум)	1000

	Подготовка на директни препарати и нивно боење според различните методи (боење по Грам, боење според Ziehl-Nelseen боење според Љубински)	100
	Обработка на примероци за серолошко испитување (крв, брис од цервикс, брис од коњунктива)	500
	Вештини од областа на бактериологијата	
	Обработка на примероците од респираторниот тракт • Секундарна обработка на примероците од горниот респираторен тракт (брис од грло, брис од нос, спутум, бронхоалвеоларен лават, трахеален аспират, брис од јазик). • Изолација и идентификација на микроорганизми (*Streptococcus pneumoniae, Streptococcus pyogenes, Haemophilus influenzae, Moraxella catharalis, Staphylococcus aureus, Klebsiella pneumoniae, Acinetobacter spp, Pseudomonas aeruginosa, E. coli, Stenotrophomonas spp, Burkholderia cepacea*) со интерпретација на добиените резултати.	500
	Обработка на примероци од гастроинтестиналниот тракт • Секундарна обработка на примероци од гастроинтестиналниот тракт (фецес, ректален брис, биоптичен примерок). • Изолација, идентификација и типизација на одредени микроорганизми: *Shigella, Campylobacter, Helicobacter pylori, Salmonella, ентеропатогена E. coli, ентерохеморагична E. coli, Clostridium difficile, Rotavirus, Adenovirus* со интерпретација на добиените резултати.	200
	Обработка на примероци од рани и меки ткива • Анаеробна култивација на бактериите. Услови и медиуми за анаеробно култивирање. Секундарна обработка на рани, пунктати, гној, некротични ткива, жолчка, секрет од дојка. • Изолација и идентификација на микроорганизми од овие примероци: *Staphylococcus aureus, Streptococcus spp, Pseudomonas spp, Acinetobacter spp, Klebsiella pneumoniae, E.coli, Stenotrophomonas, Peptostreptococcus, Clostridium, Bacillus, Corynebacterium spp, Bacteroides spp, Prevotella spp, Proteus spp, Enterobacter spp, Serratia spp, Candida spp,* мувли, со интерпретација на добиените резултати.	200
	Обработка на крв, ликвор, брисеви од очи, уши • Практична работа на автоматизираниот апарат за обработка на хемокултури – Bact/Alert. Изведување на целосната постапка при обработка на хемокултурите: од внесување на засадените медиуми во апаратот до обработка и анализа на препаратот обоен по Грам кај позитивните наоди. • Секундарна обработка на цереброспинални ликвори. Изработка на аглутинационен тест за детекција на антигени од ликворот (Slidex аглутинационен тест). • Изолација и идентификација на многу етиолошки агенси на менингит, сепса и ендокардит: *Haemophilus influenzae, Streptococcus pneumoniae, Streptococcus agalactiae, Streptococcus viridians, Neisseria meningitidis, Listeria*	200

	monocytogenes, Cardiobacterium, Staphylococcus aureus, Staphylococcus epidermidis, Corynebacterium spp, Enterococcus spp, E. coli, Brucella melitensis, Acinetobacter spp, Pseudomonas aeruginosa, други Грам - негативни бацили (ЕСБЛ+) *Candida albicans, Cryptococcus neoformans,* анаероби, мувли и др. • Изолација и идентификација на микроорганизми од брисеви од очи и уши.	
	Обработка на примероци од урогениталниот тракт • Секундарна обработка на примероците од гениталниот тракт (брис од вулва, брис од вагина, сперма, уретрален брис, брис од цервикс) • Изолација и идентификација на микроорганизми**:** *Neisseria gonorrhoeae, Gardnerella vaginalis, Ureaplasma, Mycoplasma,Candida albicans, Candida non-albicans, Enterococcus, Bacteroides, Peptostreptococcus, Mobiluncus, Streptococcus agalactiae, E. coli, Klebsiella, proteus, Pseudomonas, Enterobacter,* со интерпретација на добиените резултати. • Секундарна обработка на примероците од уринарниот тракт • Изолација и идентификација на микроорганизми**:** *Streptococcus agalactiae, E. coli, Klebsiella spp, Proteus spp, Pseudomonas aeruginosa, Enterobacter spp, Candida albicans, Candida non-albicans, Serratia spp* со интерпретација на добиените резултати.	500
	Обработка на примероците од хоспитализирани пациенти и нежива средина • Секундарна обработка на примероци од нежива средина (воздух, брисеви од предмети, инструменти), примероци од коска, спори, брис од тубус, брис од канила, централен венски катетер. • Изолација и идентификација на микроорганизми: (*Staphylococcus aureus, Staphylococcus aureus* резистентен на метицилин – MPCA, *Acinetobacter spp, Pseudomonas spp, Xanthomonas spp, Stenotrophomonas, Candida albicans, Candida non-albicans*, други Грам-негативни бацили со интерпретација на добиените резултати. • Испитување на стерилност на дијализатна течност и на други примероци. • Типизација на изолираните микроорганизми со фенотипски методи.	200
	Обработка на примероци за вирусолошка дијагностика • Практична примена на методите кои се актуелни во дијагностиката на вирусните инфекции:методи за изолација и идентификација на вирусните честички и антигени, детекција на специфичните антитела против вирусните антигени, анализа на добиените резултати како и превземање на сите можни актуелни заштитни мерки при изведување на тековните работни активности. • Активно учесто во методологијата на дијагноза на вирусните инфекции: Методи на аглутинација, диретна и индиректна	300

	ЕЛИСА, директна и индиректна имунофлуоресценција (*RSV, Adenovirus, Influenza* А и В вируси), детекција на микроорганизми со хемилуминисценција (*CMV, Rubella, Herpes simplex* тип 1 и 2), хемаглутинациски тестови за детекција на вируси (EBV итн).	
	Обработка на примероци за миколошки испитувања • Земање, начин на чување на примероците се до нивната обработка (брис од јазик, брис од кожа, влакно, струготини од нокт). • Секундарна обработка на примероците, изолација и идентификација на габи и мувли (*Candida albicans, Candida non-albicans, Cryptococcus spp, Trichophyton spp, Epidermophyton spp, Microsporum spp, Aspergillus spp, Penicillium spp, Pneumocystis carinii*) со толкување на добиените резултати.	50 50
	Обработка на примероците за паразитарни испитувања • Земање и обработка на примероци за паразитолошки испитувања (фецес, крв, урина) • Детекција и идентификација на цисти и јаченца на протозои и цревни паразити (*Entamoeba hystolitica, Entamoeba coli, Giardia lamblia, Trichomonas vaginalis, Taenia solium, Taenia saginata, Hymenolepis nanae, Ascaris lumbricoides,Enterobius vermicularis, trichuris trichiura*) со класични и современи техники кои се употребуваат во дијагностиката на заболувањата од областа на паразитологијата. • Докажување и идентификација на паразити во препарати од крв (*Plasmodium, Trypanosoma*) со класични и современи техники кои се применуваат во оваа област од микробиологијата. • Идентификација на паразити во разни телесни течности и различни пунктати (*Leishmania, Toxoplasma gondii, Pneumocystis carinii*) со класични и понови, современи техники кои се користат во областа на паразитологијата.	100 50 20 10
	Техники за испитување на осетливоста • Испитување на осетливоста на микроорганизмите кон антимикробни средства и дезифициенси со современи техники: диск дифузиона, агар дилуциона, бујон дилуциона, Е-тест, автоматизирани техники итн. • Детектирање на механизмите на резистенција кај микроорганизмите кон антимкробни средства со класични и молекуларни техники на испитување.	100 100
	Микробиолошки анализи во лабораторијата за серолошка дијагностика • Основни принципи за земање, транспорт и обработка на примероците за серолошки испитувања (крв, серум, ликвор, брисеви). • Техники за испитување на имуниот одговор на домаќинот, подготовка на серуми за испитување, детекција на антигени и антитела. • Интерпретација на добиените резултати од серолошките анализи. • Контрола на квалитетот на имунолошките тестови	

	Проучување на конкретни техники: • Детекција на антитела во серум со индиректна ЕЛИСА техника (*Chlamydia*) • Серолошка дијагноза на абдоминален тифус и паратифус со детекција на антитела во серум на пациентите • Техники на хемаглутинација за детекција на микроорганизми (*Echinococcus, EBV*) • Детекција на антигени и антитела со директна (ДИФ) и индиректна (ИИФ) имунофлуоресцентна техника (*Chlamydia, Legionella, Mycoplasma pneumoniae, Coxiella, Chlamydia pneumoniae, Adenovirus, RSV, Influenza A и B* вируси, *Leischmania* и други. • Детекција на микроорганизмите со хемилуминисценција (*Helicobacter pylori, CMV, Rubella, Herpes simplex virus* тип 1 и 2, *Toxoplasma*) • Нефелометриски методи за детекција на параметри поврзани со инфективни заболувања (AST, CRP, RF)	150 5 20 300 150 100
	Молекуларна дијагностика Правилно земање, транспорт и правилно чување на примероците наменети за молекуларни испитувања (брисеви, урина, фецес, ликвор, крв, ткиво, чисти култури од различни бактериски соеви). Проучување на постапките за: • Екстракција на ДНК од бактериска колонија • Екстракција на ДНК од примерок на пациент • Екстракција на РНК • Амплификација на сегменти од ДНК со PCR • Амплификација на сегменти од ДНК со Multiplex PCR • Подготовка на агарозен гел и апликација на PCR продуктите • Анализа на добиените резултати • Детекција на микроорганизми:*Human Papillomavirus, Adenovirus, Rotavirus, Astrovirus* и друго) со PCR, Multiplex PCR и реверзна хибридизација • Типизација на микроорганизми со молекуларни методи • Детекција на гени одговорни за вируленција и резистенција кај медицински значајни бактерии	50 10 10 10 10 10 10 10 10 10 10
	Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика • Методи за превенција на заразните заболувања • Пријавување на заразните болести • Откривање и следење на епидемии • Превенција за настанување на епидемија • Статистички анализи	10 10 10 10 20
	Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Правилно земање на примероци за микробиолошки преглед (земање на доволен број примероци и во право време). Интерпретација и толкување на микробиолошкиот наод во рамките на реалната клиничка состојба и параметрите од другите лабораториски наоди, апликација на соодветна антимикробна терапија. Прдевидени вештини: • Физикален болен на прегледот • Земање на примероци: крв за хемокултура, спутум, брис од кожни промени, урина за хемокултура, фецес, ректален брис, брис од назофарингс, крв за серолошки испитувања, примероци за молекуларни испитувања, итн.	15 60

	Институт за јавно здравје • Вештини поврзани со следење на проблематиката поврзана со јавното здравје	30
	Институт за социјална медицина • Следење на најновите законски и подзаконски акти во здравството • Следење на упатства, стандарди и нормативи од СЗО, земјите на ЕУ и во РМ, генерално и посебно во микробиолошката лабораториска дејност • Правилно водење на медицинска документација и евиденција • Здравствена промоција и здравствена едукација • Менаџмент и финансирање на здравството со посебен осврт на микробиолошката дејност	5 10 10 10 15
	Принципи и правила за спроведување на хигиена • Правила за спроведување на општа хигиена • Хигиенски надзор во здравствените установи • Обезбедување на хигиенски исправна вода • Грижа за комуналната хигиена	10 10 15 5
	Институт за медицинска и експериментална биохемија • Спроведување на сите биохемиски иследувања при различни инфективни заболувања	30
	Институт за патолошка анатомија • Идентификација на микроорганизмите во ткивата на пациентот • Анализа на причините за смртта со акцент на присуството на микроорганизми во различни ткива и органи post mortem	20 50

3. Програмата опфаќа и обука за:

3.1. Безбедносно работење и превенција во текот на работењето

- Знаења за соодветно однесување и работа во микробиолошката лабораторија.
- Безбедна работа со инфективен материјал. Потенцијални опасности и начини на превенција.
- Примена на различни нивоа на лична и колективна заштита

3.2. Стекнување на знаења за правилна изработка и интерпретација на сите тестови за испитување на осетливоста на микроорганизмите

- Правилна и стандардна обработка на тестовите за осетливост
- Проучување на микроорганизмите со вродена резистенција кон одредени антимикробни средства и нивното значење при интерпретацијата на наодите
- Брзо и одговорно соопштување на наодите на лекарот кој го води пациентот посебно кај пациентите во животно загрозувачка состојба

3.3. Одржување на добра лабораториска пракса

- Развивање на чувството за одговорност и обврска за континуирано учење и континуиран професионален развој, континуирано учество на значајни работилници, курсеви, конференции и други стручни манифестации
- Анализа на вештини за развивање, оптимизирање и воведување на нови методи и можности за испитувања во рамките на одделните области од микробиологијата
- Развивање на интерес за учество во научно – истражувачка работа
- Развивање на потребата од колективна соработка, размена на искуства и почитување на фактите базирани на научна основа
- Континуирано консултирање на соодветна референтна и современа литература од светски познати експерти (медицина базирана на докази)

3.4 Стекнување на организациони способности потребни за водење на лабораториската дејност и на осигурување на квалитетот на работата

- Стекнување на способност за континуирана медицинска едукација
- Професионално однесување базирано на етички кодекси
- Стекнување на способност за комуникација со сите нивои на медицински работници за непречено и современо извршување на сите активности во рамките на специјалноста
- Развој на мултидисциплинарен тим, работни и лидерски вештини

3.5. Информативно технолошки (ИТ) вештини

- Користење на информатичката технологија (онлајн средства, датабази итн)
- Стекнување на знаење за начин на употреба на ИТ-технологијата за промовирање на добра лабораториска работа и интерпретација на резултатите, поврзано со in-house софтверски реченија онлајн извори и датабази
- Познавање на безбедноста на податоците
- Пратење на општата здравствена политика, целите и приоритетите

ПЛАН И ПРОГРАМА НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ПО НУКЛЕАРНА МЕДИЦИНА

Специјалистичкиот стаж трае 48 месеци

- Нуклеарна медицина 36 месеци
- Радиологија 2 месеци
- Кардиологија 1,5 месец
- Пулмологија 1 месеци
- Хематологија 1 месец
- Нефроурологија 1 месец
- Ендокринологија 1,5 месец
- Гастроентерохепатологија 1 месец
- Неврологија 1 месец
- Ортопедија 1 месец
- Онкологија 1 месец

Програмата за теоретска настава е предвидено да се изведува како предавања, семинари, работа во мали групи	
Прва и втора година	Задолжителна теоретска настава предвидена за сите специјализанти – Научно истражувачка работа – Донесување на клиничка одлука – Комуникациски вештини – Јавно здравство – Способност за стекнување и пренесување на знаење – Етика и прописи – Промоција на здравјето

1.План:

	Настава (часови)	Стаж (месеци)	Стажот се изведува во установи што вршат дејност по:
Прва година			
1.Основи на нуклеарна медицина	20	2	Нуклеарна медицина
2.Радиофармација,радиохемија радиобиологија	20	2	Нуклеарна медицина
3. Дозиметрија и заштита	20	1	Нуклеарна медицина
4. Инструменти за детекција, мерење и визуелизација на радиоактивност во нуклеарна	20	1	Нуклеарна медицина

медицина и нивна контрола на квалитет			
5. Нуклеарномедицински In vitro дијагностички методи	10	1,5	Нуклеарна медицина
6.Нуклеарна медицина во тироидологијата	20	2	Нуклеарна медицина
7. In vitro дијагностички тестови во тироидологијата	5	1	Нуклеарна медицина
8. Терапија со радиоактивни изотопи	20	1,5	Нуклеарна медицина
Втора година			
9. Нуклеарна медицина во ендокринологија / *Ендокринологија*	33	2 + *1,5*	Нуклеарна медицина *Ендокринологија*
10. Нуклеарна медицина и мускулоскелетен систем / *Ортопедија*	30	2 + *1*	Нуклеарна медицина *Ортопедија*
11. Нуклеарна медицина во нефрологија/ Нефрологија	30	2 + *1*	Нуклеарна медицина *Нефрологија*
12. Нуклеарномедицински методи во хематологија / *Хематологија*	15	1,5 + *1*	Нуклеарна медицина *Хематологија*
Трета година			
13. Нуклеарна медицина во пулмологија / *Пулмологија*	25	2 + *1*	Нуклеарна медицина *Пулмологија*
14. Нуклеарна медицина во кардиологија/ *Кардиологија*	35	2 + *1,5*	Нуклеарна медицина *Кардиологија*
15. Нуклеарна медицина во гастроентерологија/ *Гастроентерологија*	15	1,5 + *1*	Нуклеарна медицина *Гастроентерологија*
16. Радиоизотопни методи во хепатологија	10	1,5	Нуклеарна медицина
17. Нуклеарномедицинска дијагноза на инфекции и инфламации	15	1,5	Нуклеарна медицина
Четврта година			
18. Нуклеарно медицинска дијагноза на болести на ЦНС/*Неврологија*	25	2 + *1*	Нуклеарна медицина *Неврологија*
19. Нуклеарна медицина во педијатриска пракса	20	2	Нуклеарна медицина
20. Нуклеарна медицина во онкологија / *Онкологија*	25	2 + *1*	Нуклеарна медицина *Онкологија*
21. Информатичка технологија во нуклеарна медицина	3	1	Нуклеарна медицина
22. Комплементари стуктурни дијагностички модалитети / *Радиологија*	2	*2*	*Радиологија*
23. Изработка на стручен труд и семинарска работа	/	1	Нуклеарна медицина

2. Програма:

2.1. Теоретски дел:/

	ОСНОВИ НА НУКЛЕАРНА МЕДИЦИНА
	Поим, дефиниција и место на нуклеарната медицина
	Структура на материјата. Атом. Радиоактивност. Радиоактивен распад. Видови на радиоактивни зрачења. Интеракција на зрачењето со материјата
	Извори на јонизирачко зрачење, природна и вештачка радиоактивност. Производство на радионуклиди во нуклеарни реактори, акцелератори, циклотрони, генераторски системи
	Кинетички модели. Поим, дефиниција, цел на примената на кинетичките модели. Радиоактивните материи како индикатори. Математички пристап кон кинетичките модели. Едно- и повекекомпартмански системи
	Радиофармација, радиохемија и радиобиологија
	Карактеристики на радионуклидите. Радиофармацевтски препарати (РФ). Принцип на радиотрасерските методи. Припрема на основните РФ. Обележување на протеини и клетките. Хемиски, радиохемиски и радиоизотопни својства на РФ. Биолошки и физиолошки својства на РФ. Контрола на квалитетот на РФ
	Биолошки ефекти на зрачењето. Акутна радијациона болест. Хронично озрачување. Принципи на терапија на радијационите повреди.
	Дозиметрија и заштита
	Вовед во дозиметрија
	Нуклеарномедицинска дозиметрија
	Дозиметрија при сликање со комјутеризира томографија
	Основи на заштита од радиоактивно зрачење. Методи за ограничување на професинална експозиција на зрачење. Методи за ограничување на изложеност на зрачење на пациент и негова околина. Принцип на деконтаминација. Диспозиција на радиоактивниот отпад. Здравствена контрола на професионално експонираните лица.
	Законска регулатива во врска со работата со отворените извори на зрачење
	Инструменти за детекција, мерење и визуелизација на радиоактивност во нуклеарна медицина и нивна контрола на квалитет
	Принцип на детекција на радиоактивно зрачење
	Јонизациони детектори
	Сцинтилациони детектори
	Инструменти за визуелизација на радиоактивноста
	Еднофотонска комјутеризирана томографија (SPECT)
	Позитронска емисиона томографија (PET)
	Хибридни визуелизациони модалитети (SPECT/CT и PET/CT)
	Реконструкција на слики, обработка и прикажување
	Контрола на квалитет
	Нуклеарномедицински In vitro дијагностички методи
	In vitro дијагностика: радиоимунолошка аналитика и други сродни in vitro аналитички постапки Принцип на РИА методите:реакција антиген-антитело,

	компоненти на системот, константа на рамнотежа, методи за сепарација на фракциите, осетливост на методот, контрола на квалитет.
	Имунорадиометриска анализа.
	Компетитивни анализи.
	Нуклеарна медицина во тироидологија
	Принципи на примената на радиоизотопите за дијагностика и терапија на тиоридните заболувања.
	Морфолошки и функционални нарушувања на тироидната жлезда. Радиоизотопи за функционална и морфолошка проценка на тироидната жлезда.
	In vivo, функционална и морфолошка дијагностика во тироидологијата: одредување на рана и доцна фиксација на радиојод и $^{99m}TcO_4^-$ во жлездата, фиксациона крива, перхлоратен тест, скенирања на тироидната жлезда
	In vitro дијагностички тестови во тироидологијата
	Функционална и имунолошка дијагностика со in vitro методи
	Терапија со радиоактивни изотопи
	Основни принципи на терапевтска примена на радионуклиди
	Лекување на хипертироидизам
	Терапија на диференциран тироиден карцином
	Други терапевтски процедури (палијативно третирање на болка индуцирана со скелетни секундарни депозити, лекување на невроендокрини тумори, радиоимунотерапија, радионуклидна синовиектомија
	Нуклеарна медицина во ендокринологија
	Сцинграфска дијагноза на заболувањата на надбубрежната жлезда,
	Сцинтиграфија на паратироидните жлезди
	In vitro дијагностички тестови во ендокринологијата
	Нуклеарна медицина и мускулоскелетен систем
	Основи на скенската дијагностика на остеоартикуларните заболувања.
	Трофазна и статичка планарна сцинтиграфија на остеоартикуларниот систем.
	SPECT дијагностика на остеоартикуларните заболувања
	Квантитативни параметри при скелетната сцинтиграфија
	Морфолошки комплементарни методи во остеологијата
	Нуклеарна медицина во нефрологија
	Динамска сцинтиграфија на бубрезите со ГФР и РПГ
	Каптоприлска динамска сцинтиграфија
	Диуретска динамска сцинтиграфија
	Скенска евалуација на трансплантиран бубрег
	Статичка сцинтиграфија на бубрезите
	Радионуклидна директна и индиректна цистографија
	Сцинтиграфија на скротум
	Нуклеарномедицински методи во хематологија
	Радиоизотопско иследување на ферокинетиката
	Обележување на автологните ертироцити и нивна примена во одредувањето

	на крвните волумени и полуживотот на еритроцити со место на нивната патолошка деструкција
	Сцинтиграфија на коскена срцевина
	Обележување на тромбоцити и нивна примена
	Обележување на леукоцити и нивна примена
	Лимфосцинтиграфија во неонколошка патологија
	Сцинтиграфија на слезена
	Радионуклидни испитувања кај пернициозна анемија
	Нуклеарна медицина во пулмологија
	Основи на сцинтиграфска дијагностика на белодробните заболувања
	Перфузиона белодробна сцинтиграфија со проточна веносцинтиграфија
	Вентилациона белодробна сцинтиграфија
	Сцинтиграфска дијагностика на тумори на бел дроб и медијастинум
	Улога на SPECT во пулмологијата
	Сцинтиграфска проценка на муко-цилијарниот клиренс
	Одредување на белодробниот епителен пермеабилитет
	Нуклеарна медицина во кардиологија
	Миокардна перфузиона томосцинтиграфија (Gated SPECT МПС)
	Сцинтиграфска дијагноза на акутен миокарден инфаркт
	Радиоангиокардиографија – детекција на лево/десен шант
	Скенска детекција на десно/лев шант
	Радинуклидна вентрикулографија – метод на прв премин на радиотрасерот и еквилибриумска РНВ (планарна, SPECT)
	Скенска процена на адренергичната инервација на миокардот
	PET во кардиологијата
	Скенска дијагностика на периферните васкуларни болести
	Нуклеарна медицина во гастроентерологија
	Сцинтиграфија на плунковните жлезди
	Радиоизотопска поценка на езофагеалниот транзит
	Радиоизотопска проценка на гастричното празнење и гастричен рефлукс
	Сцинтиграфска детекција на ектопичната гастрична мукоза
	Сцинтиграфска детекција на интестинални крварења
	Радиоизотопна детекција на губиток на протеини преку дигестивниот тракт
	Сцинтиграфски процедури без визуелизација
	Радиоизотопни методи во хепатологија
	Сцинтиграфија на црн дроб и слезенка
	Сцинтиграфска проценка на хепаталниот проток и хепаталната контрибуција
	Сцинтиграфска дијагностика на црнодробен хемангиом
	Холесцинтиграфија
	Нуклеарномедицинска дијагноза на инфекции и инфламации
	Методи и препарати за сцинтиграфија на инфламација
	Методи и радиофармацевтици за сцинтиграфија на инфекција
	Нуклеарна медицина и треска со непознато потекло

	Нуклеарно медицинска дијагноза на болести на ЦНС
	Сцинтиграфска дијагноза на мозочна смрт
	Конвенционален скен на мозок
	SPECT на мозок
	PET, PET/CT и PET/MRI во дијагностицирање на мозочна патологија
	Радионуклидна цистернографија и детекција на рино и отореја
	Радионуклидна шантографија
	Нуклеарна медицина во педијатриска пракса
	Специфики на нуклерномедицински процедури во педијатријата
	Нуклеарна медицина во онкологија
	Основи на радиоизотопна дијагноза на туморите
	Сцинтиграфија на туморите со специфични и неспецифични туморотропни радиопрепарати
	Скенска детекција на sentinel-ен лимфен јазол
	PET и хибридни модалитети во онкологијата
	Информатичка технологија во нуклеарна медицина
	Информатички системи, комјутери во нуклеарна медицина, обработка на слика
	DICOM
	PACS
	Комплементари морфолошки дијагностички модалитети
	Трансмисиона комјутеризирана томографија
	Нуклеарна магнетна резонанца
	Ултрасонографија
	Изработка на специјалистички труд

2.2. Практичен дел со спроведување на потребниот вид и број на постапки и интервенции:

1. Основи на нуклеарна медицина		Број
	Добивање на радионуклид од генераторски систем	10
2. Радиофармација, радиохемија, радиобиологија		
	Обележување на радиофармацевтици со $^{99m}TcO_4^-$	20
	Контрола на квалитет на РФП	15
	Ракување и дистрибуција на РФП	30
3. Дозиметрија и заштита		
	Одредување на радијациони дози	50
	Деконтаминација	5
	Ракување со радиоактивниот отпад	5
4. Инструменти за детекција, мерење и визуелизација на радиоактивност во нуклеарна медицина и нивна контрола на квалитет		

	Мерење на радиоактивност in vivo	200
	Мерење на радиоактивност in vitro	100
	Сцинтиграфија	50
	Контрола на квалитет	20
5. Нуклеарномедицински In vitro дијагностички методи		
	Одредување на тироидни хормони, TCX, противтироидни противтела, TSI	20
6. Нуклеарна медицина во тироидологија		
	Рана и доцна фиксација на радиојодот и ^{99m}Tc	10
	Фиксациона крива, перхлоратен тест	10
	Скенирања на тироидната жлезда	20
	Дијагностика на тироиден карцином	20
	Преглед и третман на тироиден пациент	200
7. In vitro дијагностички тестови во тироидологија		
	Радиоимунолошка аналитика	10
	Имунорадиометриска анализа	5
8. Терапија со радиоактивни изотопи		
	Терапија на тироидни функционални заболувања со радиојод	50
9. Нуклеарна медицина во ендокринологија		
	Паратироидна сцинтиграфија	20
	Адренална сцинтиграфија	2
10. Нуклеарна медицина и мускулоскелетен систем		
	Трофазна и статичка планарна сцинтиграфија	500
	SPECT скелетна сцинтиграфија	50
11. Нуклеарна медицина во нефрологија		
	Динамска сцинтиграфија на бубрезите со ГФР и РПГ	300
	Каптоприлска динамска сцинтиграфија	50
	Диуретска динамска сцинтиграфија	100
	Скенска евалуација на трансплантиран бубрег	15
	Статичка сцинтиграфија на бубрезите	150
	Радионуклидна цистографија	20
	Сцинтиграфија на скротум	5
12. Нуклеарномедицински методи во хематологија		
	Обележување на крвни клетки	10
	Одредување на крвен волумен	5
13. Нуклеарна медицина во пулмологија		
	Перфузиона белодробна сцинтиграфија	30
	Инхалациона белодробна сцинтиграфија	10
	Интерпретација на комбиниран V/Q белодробен скен	80

14. Нуклеарна медицина во кардиологија		
	Миокардна перфузиона томосцинтиграфија	30
	Интерпретација на МПС	50
	Радиоангиокардиографија	80
	Радинуклидна вентрикулографија	80
	Скенска дијагностика на периферните васкуларни болести	20
15. Нуклеарна медицина во гастроентерологија		
	Сцинтиграфија на плунковни жлезди	15
	Одредување на езофагеално транзитно време	10
	Испитување на гастрично празнење и рефлукс	10
	Детекција на ектопична гастрична мукоза	5
	Детекција на крварење во ГИТ	5
16. Радиоизотопни методи во хепатологија		
	Хепатобилијарна сцинтиграфија	20
	Сцинтиграфска детекција на црнодробен хемангиом	10
	Сцинтиграфија на црн дроб и слезена	10
17. Нуклеарномедицинска дијагноза на инфекции и инфламации		
	Сцинтиграфија со обележени автологни леукоцити	10
18. Нуклеарно медицинска дијагноза на болести на ЦНС		
	Перфузиона мозочна сцинтиграфија	20
	Радионуклидна цистернографија	5
	Радионуклидна шантографија	2
19. Нуклеарна медицина во педијатриска пракса		
	Директна и индиректна цистоуретрографија	15
	Скелетна сцинтиграфија	20
20. Нуклеарна медицина во онкологија		
	Сцинтиграфија на туморите со специфични и неспецифични туморотропни радиопрепарати	50
	Скенска детекција на sentinel-ен лимфен јазол	10
	Терапевтска апликација на радиофармацевтски препарат	20
21. Информатичка технологија во нуклеарна медицина		
	Обработка на слики	50
22. Комплементари морфолошки дијагностички модалитети		
	Интерпретација на радиолошки наод	30
	Ултрасонографија на штитна жлезда	120
23. Изработка на стручен труд и семинарска работа		

3. Програмата опфаќа и обука за:

3.1 Добра клиничка пракса

- Обука за соодветен приод кон пациент следејќи ги сите етички норми и правила
- Обука за добра опсервација
- Обука за постепено соопштување на лоши вести

3.2. Тимски и комуникациски вештини

- Развивање на добри комуникациски вештини

3.3. Усовршување и континуиран професионален развој

3.4 Придржување кон установените процедури за согласност и доверливост

3.5 Во текот на специјализацијата, со самостојна изработка на нуклеарно-медицинската процедура специјализантот ги стекнува следните вештини:

- клиничка обработка на пациентот (добивање анамнестички податоци, регистрирање на податоците од клиничко-биохемиски иследувања од комплементарните методи, елементарен физикален преглед),
- процена на индикацијата за скенска дијагностика,
- подготовка на пациентот,
- апликација на радиопрепаратот,
- скенирање (позиционирање, аквизиција на податоците),
- компјутерска обработка на податоците,
- интерпретација на скеновите

3.6 Вештините што специјализантот ги стекнува при апликација на радиоизотопска терапија се:

- поставување индикација за терапија,
- назначување на видот на подготовка на пациентот,
- проценка на големината на аплицираната доза на радиоизотопот со помош на конкретни квантитативни показатели,
- апликација на радиотерапијата,
- давање упатство за изолација и радијациона и дозиметриска безбедност на пациентот и околината во посттерапевтскиот период.

План и програма за специјализација по Патологија

Практични вештини во општиот дел од специјализацијата по патологија со дефиниран број на постапки и интервенции по турнуси

Реден број	Турнус	Траење и начин на изведување	
	Постапка/интервенција	Самостојно	Асистенција
I	**Аутопсија**	**6 месеци**	
1	Аутопсиски техники (основни и продлабочени)	50	50
2	Подготовка на трупот пред и по аутопсија	50	50
3	Примена на прописите за постапување со мртвите и нивните роднини, како и процедурите при мртвозорството	50	50
4	Земање на материјал за хистопатолошки, цитолошки, микробиолошки и хемиски анализи	50	50
5	Формирање на обдукционен протокол со релевантен стручен заклучок	50	50
6	Самостојна подготовка на обдукцискиот материјал за клиничко-патолошки конференции	50	50
II	**Вовед во општа биопсиска дијагностика**	**2 месеци**	
1	Макроскопски опис на материјалот и видливите патолошки промени	100	100
2	Макроскопска дисекција и земање на материјал за хистопатолошка анализа	100	100
3	Микроскопска анализа на препаратите со поставување на дијагноза и диференцијално дијагностички можности	100	100
4	Поставување индикација за специјални хистохемиски, имунохистохемиски и други методи за решавање на диференцијално дијагностичките проблеми	50	50
5	Запознавање со начинот на интерпретација на специјалните методи како и дометот на истите	50	50
6	Формирање на текстуален хистопатолошки наод	100	100
7	Архивирање на материјалот и негово шифрирање	100	100
III	**Лабораториски техники**	**1 месец**	

План и програма за специјализација по Патологија

1	Стекнување на основни вештини за апаратурата и техниките при хистохемиските и имунохистохемиските анализи	10	10
2	Стекнување на основни вештини за апаратурата и техниките при имунофлуоресценција	10	10
3	Стекнување на основни вештини за апаратурата и техниките при електронска микроскопија	5	10
4	Стекнување на основни вештини за апаратурата и техниките во молекуларната патологија и хистоморфометријата	5	10

Практични вештини во специјалниот (насочен) дел од специјализацијата по патологија со дефиниран број на постапки и интервенции по турнуси

Реден број	Турнус	Траење и начин на изведување	
	Постапка/интервенција	Самостојно	Асистенција/ Архивски материјал
I	**Насочена хируршка и интернистичка патологија**	**19 месеци**	
1	Аутопсиски техники	50	50
2	Хистолошка анализа со дијагноза и мислење	2000	1000
3	Интерпретација на цитолошки размаски и мислење	1000	1000
4	Анализа на смрзнати хистолошки пресеци со дијагноза и мислење	150	150
II	**Невропатологија**	**3 месеци**	
1	Аутопсиски техники	25	25
2	Хистолошка анализа со дијагноза и мислење	300	300
III	**Онкопатологија**	**6 месеци**	
1	Аутопсиски техники	20	20

План и програма за специјализација по Патологија

2	Хистолошка анализа со дијагноза и мислење	1000	1000

IV	**Гинеколошка патологија**	**3 месеци**	
1	Аутопсиски техники (аутопсии на фетуси и неонатуси)	30	30
2	Хистолошка анализа со дијагноза и мислење	750	750
3	Гинеколошко-цитолошка анализа со мислење	500	500

V	**Цитопатологија**	**4 месеци**	
1	Интерпретација на цитолошки размаски и мислење	1200	1200

VI	**Форензична патологија**	**3 месеци**	
1	Аутопсиски техники при насилна смрт со изготвување на судско-медицински протокол	10	10
2	Аутопсиски техники при сообраќаен травматизам со изготвување на судско-медицински протокол	10	10
3	Аутопсиски техники при интоксикации со изготвување на судско-медицински протокол	5	5
4	Увид на лице место	10	

Практични вештини во делот од продлабочена насочена патологија со дефиниран број на постапки и интервенции по турнуси
Специјализантот избира една од 5-те наведени програми
Во текот на турнусот е задолжителна изработка на најмалку еден стручен труд и учество на еден домашен или меѓународен стручен состанок

Реден број	**Турнус**	**Траење и начин на изведување**	
	Постапка/интервенција	Самостојно	Асистенција/ Архивски материјал

I	**Хируршка патологија**	**12 месеци**

План и програма за специјализација по Патологија

1	Аутопсиски техники со изготвување на обдукциски протокол и клиничко-патолошка корелација	20	20
2	Хистолошка анализа (70% биопсиски материјал и 30% оперативен материјал) со дијагноза и мислење	1200	1200
3	Анализа на смрзнати хистолошки пресеци со дијагноза и мислење	250	250
4	Интерпретација на цитолошки размаски и мислење	1000	1000
5	Активно учество на клиничко-патолошки конференции	20	

II	Интернистичка патологија	12 месеци	
1	Аутопсиски техники со изготвување на обдукциски протокол и клиничко-патолошка корелација	20	20
2	Хистолошка анализа (70% биопсиски материјал и 30% оперативен материјал) со дијагноза и мислење	1200	1200
3	Анализа на смрзнати хистолошки пресеци со дијагноза и мислење	250	250
4	Интерпретација на цитолошки размаски и мислење	500	500
5	Активно учество на клиничко-патолошки конференции	20	

III	Невропатологија	12 месеци	
1	Аутопсиски техники со изготвување на обдукциски протокол и клиничко-патолошка корелација	20	20
2	Секција на централен нервен систем	20	20
3	Преглед на биопсиски материјал од централен нервен систем	250	250
4	Преглед на биопсиски материјал од периферен нервен систем	50	50
5	Преглед на биопсиски материјал од мускуло-скелетна патологија	15	30
6	Активно учество на клиничко-патолошки конференции	20	

IV	Цитопатологија	12 месеци	
1	Интерпретација на цитолошки размаски од града и мислење	500	500
2	Интерпретација на цитолошки размаски од лимфниот систем и мислење	300	300

Услови што кандидатот треба да ги исполнува за да отпочне со специјализацијата се: завршен филозофски факултет, група за психологија. Специјализацијата се одвива по принцип на менторство, при што на специјализантот му се назначува ментор при отпочнувањето со специјализацијата. Менторството го водат наставник од Катедрата по психијатрија заедно со специјалист по медицинска психологија при Клниката за психијатрија и го водат до крај на специјализацијата.

Програмата за специјализација по медицинска психологија се состои главно од две едукативни компоненти и евалуациска компонента:

1. Теориско/дидактичка компонента (предавања, семинари за специјализанти, консултации)
2. Клиничка компонента (турнуси и работа со пациенти)
3. Евалуациска компонента (колоквиуми, прикази на случаи, семинарски излагања од самите специјализанти)

ТЕОРИСКО ДИДАКТИЧКИ КУРИКУЛУМ

Теориско дидактичкиот курикулум е составен од:

- Базични науки
- Дијагностичка проценка
- Етиопатогенеза и психопатологија на менталните процеси
- Третман
- Прогноза
- Превенција и промоција на менталното здравје
- Општи смерници

I. Базични науки

I.а. Човековиот раст и развој низ фазите на животниот циклус (нормален развој)

Цел: Специјализантите треба да бидат запознаени со нормалниот биолошки, психолошки и социјален развој од раѓањето до староста како и развој на психичките функции.

- Стадиуми на нормален развој;
- Влијанието на когнитивниот и емоционалниот развој врз етиологијата и презентацијата на психопатолошките нарушувања.
- Специфични начини на справување со психолошки стрес, траума и болест зависно од возраста;
- Фактори поврзани со вулнерабилноста кон психијатриските нарушувања, како и протективни фактори поврзани со психичката отпорност;
- Социо-културни фактори, семејни фактори, кои влијаат на развојот, манифестацијата на психијатриските нарушувања во различни периоди на животниот циклус;
- Развојни прашања врзани за маргинализирани/сиромашни групи, вклучувајќи релевантни историски и политички фактори, кои влијаеле врз нивното јавување;
- Справување со загуби, смрт, тагување, вклучувајќи го значењето на религиозните и културните фактори;

I.б. Базични науки (во потесна смисла)

Цел: Специјализантите треба да бидат запознаени со аспектите на психологијата како наука И нејзината поврзаност со биолошките И социолошките науки во разбирање на психијатриските нарушувања.

- Општа психологија и психички процеси,
- Клиничка психологија и психијатрија

- Развојна психологија
- Психологија на личност
- Психобиологија
- Бихејвиорални и социолошки науки важни за психијатриските растројства
- Теориски основи на модалитетите на третманот на психијатриските нарушувања што подразбира биолошки, психотераписки и социјални интервенции

II. Психодијагностичка проценка на психијатриските нарушувања

- Комуникациски вештини
- Развој на психодијагностички инструменти, конструирање и особености
- Психодијагностички инструменти нивна апликација и интерпретација/вештини
- Развој на сензитивност и емпатски однос кон лица со проблеми и психички нарушувања.

III. Базични знаења за етиопатогенезата, семиологијата, класификацијата на психијатриските растројства и состојби

-

III.а Етиопатогенеза

- Семејна генетика и фактори на ризик
- Раст и развој
- Бихејвиорални, социјални и културолошки фактори на ризик
- Невронаука и биолошки фактори на ризик
- Фактори на средина

III.б. Семиологија и класификација

- Симптоми и знаци на психијатриските нарушувања
- Главни синдроми во клиничката психијатрија
- Коморбидитет
- Класификација на психијатриските нарушувања (МКБ10 и ДСМ4)

IV. Третман

- Комуникација
- Развој на соодветни ставови и сензитивност кај специјализантите
- Психотераписки техники, индивидуални, како И психотераписки техники за работа во група
- Рехабилитација

- Итна и кризна интервенција
- Социјална психијатрија и психијатрија во заедницата
- Семејна динамика и психоедукација
- Консултација и лијезон психотераписки вештини и техники

VI. Превенција и промоција на ментално здравје

- Поткрепување на здравото однесување
- Нагласување на ментално-здравствена едукација
- Примарна, секундарна и терцијарна превенција

VII: Општи аспекти

- Поврзаност на медицинската психологија, психијатријата и останатите медицински гранки
- Форензичка психологија
- Политичко застапување за подобрување на условите кај пациентите со ментални нарушувања
- Дизајнирање на научно истражување во медицинската психологија
- Филозофија, психологија и религија
- Медицинска психологија и етика, како и етички аспекти на менталните болести

КЛИНИЧКИ ТУРНУСИ

За специјализација по Медицинска психологија

1. **ОПШТА ПСИХОПАТОЛОГИЈА**
(6 месеци)

- Клиника за психијатрија, ЈЗО Клнички центар, Скопје 4 месеци
- Психијатриска болница "Скопје", Бардовци, Скопје 2 месеци
(на Одел за хронични болни и геријатриски оддел)

2. **РАЗВОЈАНА ПСИХОЛОГИЈА СО ПСИХОПАТОЛОГИЈА** (6 месеци)

- Клиника за психијатрија, ЈЗО Клинички центар, Скопје 4 месеци
- Завод за ментално здравје на деца и млади, Скопје 2 месеци

3. **ПСИХОДИЈАГНОСТИКА** (10 месеци)

- Клиника за психијатрија, ЈЗО Клинички центар, Скопје 6 месеци

- Психијатриска болница “Скопје”, Бардовци, Скопје 2 месеци
- Клиника за неврологија, ЈЗО Клнички центар, Скопје 2 месеци

4. **ПСИХОТЕРАПИЈА** (6месеци)
   - Клиника за психијатрија, ЈЗО Клинички центар, Скопје 4 месеци
   - Психијатриска болница”Скопје”, Скопје 2 месеци

   (Во Центар за ментално здравје и Центар за зависности)

5. **ПСИХОЛОГИЈА НА ЛИЧНОСТА** (2 месеци)
   - Клиника за психијатрија, ЈЗО Клинички центар, Скопје

6. **ПСИХОЛОШКО СОВЕТУВАЊЕ СО ОСНОВИ НА ПРЕВЕНТИВНА И КРИЗНА ИНТЕРВЕНЦИЈА** (2 месеци)
   - Клиника за психијатрија, ЈЗО Клинички центар, Скопје

7. **ФОРЕНЗИЧНА ПСИХОЛОГИЈА** (2 месеци)
   - Клиника за психијатрија, ЈЗО Клинички центар, Скопје

8. **МЕТОДИ НА НА НАУЧНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ВО МЕДИЦИНСКАТА(КЛИНИЧКАТА) ПСИХОЛОГИЈА**

(2 месеци)
   - Клиника за психијатрија, ЈЗО Клнички центар, Скопје

После секој изведен турнус специјализантот треба да полага колоквиум пред одговорниот наставник и менторот. Предвидени се вкупно 8 колоквиуми, по сите задолжителни турнуси: општа психопатологија, развојна психологија со психопатологија, психодијагнстика, психотерапија, психологија на личност, психолошко советување со основи на превентивна и кризна интервенција, форензична психологија и методи на научното исражување во медицинската психологија и тоа на следниот начин. Услов за полагање на колоквиумот по психодијагностика е поминат турнус во определено време и во определан установа како и 20 целосни психолошки експертизи предадени на увид на менторот и најмалку три јавни прикази пред определениот наставник и менторот.

Турнусот и колоквиумот од психологија на личност ќе се одвива со припрема на семинарска тема од дадената област..

Турнусот и колоквиумот од методи на научното исражување во медицинската психологија ќе се состои во изведено истражување од област договорена со менторот во кое ќе бидат практично применети методите за научно истражување.

Турнусот од форензичка психологија ќе се изведува на тој начин што специјализантот треба да биде вклучен во најмалку 4 судско-психијатриски експертизи, изготвувајќи под менторство самостојни психолошки проценки и мислења во контекст на бараната судско психијатриска експертиза.

СЕМИНАРСКИ ТЕМИ

Семинарските теми се препорачува да бидат изведувани како од страна на наставниците на катедрата, специјалистите и субспецијалистите во определени области, така и од самите специјализанти. Содржината на семинарски презентираниот материјал по одредени теми ќе се преклопува со семинарските теми предвидени со програмата за специјализација по психијатрија.

ЕВАЛУАЦИЈА

Општи аспекти:

- Евалуацијата на специјализантот треба да се темели врз основа на објективни показатели на знаењето, односот кон барателите на психолошка помош, комуникациските вештини, професионалноста и емпатските квалитети.
- Евалуацијата како и стручното водење на специјализантот се обезбедува со назначување менторство, наставник од катедрата по психијатрија и специјалист по медицинска психологија при отпочнување на специјализацијата, кои имат задача да го следат развојот, едукацијата, ангажманот на специјализантот и да ја насочува неговата работа, да ги следи постигнатите резултат и да води евиденција за тоа.
- Специјализантот во тек на изведување на специјализацијата треба да има на располагање можности за работа, редовен контакт со своите ментори, можности за консултација, пристап до интернет, списанија и книги од релевантните области.

Евалуациски компоненти:

- Континуирана работа во тек на клиничкиот турнус на специјализантот водена од менторите кои го супервизираат и насочуваат ангажманот во договор со шефот на одделот на кој специјализантот престојува;
- Презентација на психолошки експертизи пред менторите, подговтвени од специјализантот, презентации пред Одделот на кој се изведува турнусот , како и на презентации пред стручниот колегиумот во институцијата каде го изведува турнусот;
- Стручни презентации на теми од областа која се посочува со најнови истражувања при што е користен интернет, нови списанија, книги;
- Семинарски презентации на определени аспекти на посочените теми во договор со менторите ;
- Полагање колоквиуми од областа на клиничкиот турнус кој го изведувал специјализантот (после секој турнус)
- Сите аспекти на евалуацијата треба да бидат евидентирани во специјализантска книшка која за таа цел ја води самио т специјализант, како и неговите ментори ментори;
- Полагање на завршен испит пред тројца наставници, двајца психијатри и еден психолог со увид во неговото ангажирање во тек на турнусите;

ПЛАН И ПРОГРАМА НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ПО МЕДИЦИНСКА НУКЛЕАРНА ФИЗИКА

Специјалистичкиот стаж трае 36 месеци (3 години)

Специјализацијата по медицинска физика е едукативен процес во тек на кој специјализантот стекнува теоретско и практично знаење од областа на медицинската нуклеарна физика. Оваа специјализација наменета е за физичари кои се во постојан работен однос во здравствени установи. Специјализацијата содржи ОПШТ ДЕЛ НА КЛИНИЧКА ФИЗИКА во траење од 12 месеци и ПОСЕБЕН ДЕЛ НА КЛИНИЧКА ФИЗИКА во траење од 24 месеци. Посебниот дел од клиничка физика се реализира со усмерување во:

1. ФИЗИКА ВО НУКЛЕАРНА МЕДИЦИНА

2. ФИЗИКА ВО РАДИОТЕРАПИЈА

3. ФИЗИКА ВО РАДИОЛОГИЈА

Општиот дел е заеднички за сите три групи. Предметите од специјализацијата се состојат од теоретски и практичен дел. Теоретската и практичната настава се изведува на Медицински факултет Скопје на Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија, Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина, Универзитетската клиника за радиологија.

ОПШТ ДЕЛ

1. Вовед во анатомија и физиологија	2 месеци
2. Радијациона физика	2 месеци
3. Основи на имиџинг во медицината	2 месеци
4. Професионален и научен развој	2 месеци
5. Вовед во научно истражувачка работа и едукативна дејност	2 месеци
6. Физика во нуклеарна медицина/радиологија /радиотерапија*	2 + 2 месеци

* Во зависност од усмерувањето на специјализантот: специјализант по Физика во нуклеарна медицина слуша Физика во радиотерапија и физика во радиологија, специјализант по Физика во радиотерапија слуша физика во нуклеарна медицина и физика во радиологија, а специјализант по Физика во радиологија слуша физика во нуклеарна медицина и физика во радиотерапија

ПОСЕБЕН ДЕЛ:

1. За Физика во нуклеарна медицина:

1.1 Радијациона заштита	2 месеци
1.2 Радиобиологија	2 месеци
1.3 Набавка на опрема, тестови на прифаќање и одржување	2 месеци
1.4 Мерења на радиоактивност и интерна дозиметрија	2 месеци
1.5 Контрола на квалитет на опремата во нуклеарна медицина	2 месеци
1.6 Радионуклеидна терапија со примена на отворени извори на зрачење	2 месеци
1.7 Примена на компјутери и мрежно поврзување	2 месеци
1.8 Клиничка апликација	2 месеци
1.9 Подготвување и контрола на квалитет на Радиофармацевтици	2 месеци
1.10 Истражувачки проект	4 месеци

2. За Физика во радиотерапија

2.1 Радиобиологија	2 месеци
2.2 Дозиметрија во радиотерапија	3 месеци
2.3 Радијациона заштита	2 месеци
2.4 Физика во радијациона онкологија	3 месеци
2.5 Планирање на радиотераписки третман	3 месеци
2.6 Обезбедување квалитет	3 месеци
2.7 Брахитерапија	2 месеци
2.8 Истражувачки проект	4 месеци

3. За Физика во радиологија

3.1 Физички карактеристики на радиодијагностика	2 месеци

3.2. Основи на радиолошка физика	2 месеци
3.3 Дозиметрија на јонизирачки зрачења	3 месеци
3.4 Инструменти, калибрација и опрема во радиодијагностика	2 месеци
3.5. Радијациона заштита и безбедност	2 месеци
3.6 Тестови за контрола на квалитет на опремата	3 месеци
3.7 Технологија на управување	2 месеци
3.8 Оптимизација	2 месеци
3.9 Истражувачки проект	4 месеци

	Настава (часови)	Стаж (месеци)	Установи во кои се изведува стажот
Прва година			
1.Вовед во анатомија и физиологија	20	2	Институт за анатомија и физиологија
2. Радијациона физика	20	2	НМ/радиотерапија и радиологија
3. Основи на имиџинг во медицината	20	2	НМ/радиотерапија и радиологија
4. Професионален и научен развој	20	2	Мед. факултет
5.Вовед во научно истражувачка работа и едукативна дејност	20	2	НМ/радиотерапија и радиологија
6. Физика во нуклеарна медицина/радиологија /радиотерапија*	20	2	НМ/радиотерапија и радиологија
Втора година - Нуклеарна медицина			
1. Физика во /радио-логија /радиотерапија*	20	2	радиотерапија или радиологија
2. Радијациона заштита	20	2	Нуклеарна медицина
3. Радиобиологија	10	2	Нуклеарна медицина
4. Подготвување и контрола на квалитет на Радиофармацевтици	10	2	Нуклеарна медицина
5. Мерења на радиоактивност и	20	2	Нуклеарна медицина

интерна дозиметрија			
6. Контрола на квалитет на опремата во нуклеарна медицина	20	2	Нуклеарна медицина
Трета година - нуклеарна медицина			
1. Радионуклеидна терапија со примена на отворени извори на зрачење	10	2	Нуклеарна медицина
2. Примена на компјутери и мрежно поврзување	10	2	Нуклеарна медицина
3. Клиничка апликација	5	2	Нуклеарна медицина
4. Набавка на опрема, тестови на прифаќање и одржување	5	2	Нуклеарна медицина
5. Истражувачки проект и Пријава на специјалистички труд	20	4	Нуклеарна медицина
Втора година - радиотерапија			
1. Физика во НМ или радиологија*	20	2	НМ или радиологија
2. Планирање на радиотераписки третман	20	3	Радиотерапија
3.Дозиметрија во радиотерапија	20	3	Радиотерапија
4. Радијациона заштита	10	2	Радиотерапија
5.Физика во радијациона онкологија	20	3	Радиотерапија
Трета година - радиотерапија			
1. Радиобиологија	10	2	Радиотерапија
2. Обезбедување квалитет	20	3	Радиотерапија
3. Брахитерапија	10	2	Радиотерапија
5. Истражувачки проект и Пријава на	20	4	Радиотерапија

специјалистички труд			
Втора година - Радиологија			
1. Физика во НМ /радиотерапија*	20	2	радиотерапија или НМ
2. Физички карактеристики на радиодијагностика	20	3	Радиологија
3. Основи на радиолошка физика	10	2	Радиологија
4. Дозиметрија на јонизирачки зрачења	10	2	Радиологија
5. Инструменти, калибрација и опрема во радиодијагностика	20	2	Радиологија
Трета година - радиологија			
1.Радијациона заштита и безбедност	10	2	Радиологија
2. Тестови за контрола на квалитет на опремата	20	3	Радиологија
3. Технологија на управување	10	2	Радиологија
4. Оптимизација	10	2	Радиологија
5. Истражувачки проект и Пријава на специјалистички труд	20	4	Радиологија

Избор за тема на специјализтички труд - од областа на насочување на специјализантот

Вкупен број на часови во секоја насока - 270 часа

2. Програма:

2.1 ОПШТ ДЕЛ:

1	**Вовед во анатомија и физиологија (20 часа)**
	Номенклатура во анатомијата
	Потекло на анатомските имиња
	Префикси и суфикси
	Терминологија за анатомска позиција и рамнини на телото
	Структура, физиологија, патологија и радиографско прикажување (x зраци, КТ, МНР и имиџинг во нуклеарната медицина) на: • Мускуло скелетен систем • Централниот нервен систем (CNS) • Респираторен систем • Дигестивен систем • Репродуктивен систем • Лимфатичен систем • Ендокрин систем • Кардиоваскуларен систем • Хематопоетски систем • Уринарен систем
2	**Радијациона физика (20 часа)**
	Преглед на современата физика
	Историски преглед
	Атомска и нуклеарна структура
	Радиоактивен распад
	Елементарна квантна механика
	Фотонски интеракции
	Неутронски интеракции
	Интеракции на наелектризираните честички
	Теории на повеќекратни расејувања

	Сопирна моќ
	Линеарен енергетски трансфер (ЛЕТ)
	Транспортна равенка
	Успорување на наелектризирани честички
	Апроксимација на континуирано успорување (КСДА)
	Вовед во Монте Карло техниките
	Преглед на нејонизирачката радијациона физика
	Дозиметрија на мали полиња (фундаментални аспекти)
3	**Основи на имиџинг во медицината (20 часа)**
	Математички методи
	Дигитални системи за имиџинг и процесирање на слики
	Техники на томографски конструкции
	Линеарни системи
	Вовед во добивање на слика и нејзино процесирање
	Перцепција
	Регистрација, сегментирање и фузија
	Оцена на квалитетот на сликата, концепти и величини
4	**Професионален и научен развој (20 часа)**
	Етика - Хелсиншки договор - Основа на клинички патеки - Етички прегледи комитети
	Професионализам - Клиничко однесување - Менаџмент на квалитет

	- Код на однесување - Менаџирање со медицинска опрема
	Статистички методи во истражувања
	Алати за пресметување и анализа
	Прегледи за часописи
	Вештини за презентирање
	Научна комуникација
	Техники на инструкција
5	**Вовед во научно истражувачка работа и едукативна дејност (20 часа)**
	Итражување и развој
	Едукација
6	**Физика во нуклеарна медицина (20 часа)**
	o Продукција на радионуклиди и радиофармацевтици o Детектори и електроника o Мерни инструменти • Дозни калибратори, Well бројачи • Проби o Имиџинг инструментација • Планарна, цело тело • СПЕКТ/КТ • ПЕТ/КТ • Хибриден имиџинг o Интерна дозиметрија (Medical Internal Radiation Dose (MIRD) формализам, биокинетичко моделирање и компартментална анализа) o Квантитативен имиџинг o Радионуклидна терапија o Квалитет на сликата и шум o Принципи на менаџирање на квалитетот во нуклеарната медицина

7	**Физика во радиологија (20 часа)**
	o Продукција и спектар на x зраците o Параметри на експозицијата и нивно влијание на квалитетот на сликата o Имиџинг со x зраци • Радиографија • Мамографија • КТ • Флуороскопија и интервентна радиологија • DXA, dental и томографија • Доза на пациент и систем на оптимизација o Ултразвучен имиџинг • Акустични својства на биолошките ткива • Бранот, движењето и пропагацијата, акустичната моќ • Модови на скенирање • Трансдусери • Доплер • Сигурност o Нуклеарна магнетна резонанца • Физика на НМР • Формирање на слика • Инструментација • Методи на НМР • Контраст и квалитет на слика • Сигурност o Клинички примени и артефакти o Двоен и повеќекратен имиџинг модалитет o Принципи на менаџмент на квалитетот во радиологијата
8	**Физика во радиотерапија (20 часа)**
	Преглед на клиничката радиотерапија и основи на радиобиологијата o Апарати за радијациона терапија • Принципи на функционирање на медицинските акцелератори • Формирање на зрачен електронски сноп • Формирање на зрачен фотонски сноп • Апарат за телекобалт терапија • Принцип на работа на циклотрон • Апарати за киловолтажна терапија

	o Основна фотонска радиотерапија o Поставување на пациент, позиционирање и имобилизација o Симулација, виртуелна симулација, дигитално реконструирани радиографи (DRRs), регистрација на слики o Дозиметриски функции и основи на планирање на третманот o Алгоритми за пресметување на дозата и корекции на хетерогеностите o Пропишување, бележење и рапортирање според ICRU Reports 50, 62 и83 o Основи на терапијата со електрони, ICRU Report 71 o Брахитерапија вклучувајќи ги ICRU Report 38 и AAPM TG 43 формализмите • Висока јачина на доза (HDR) и ниска јачина на доза (LDR) • Опрема и извори • Планирање на третманот o Инверзно планирање и оптимизација за интензитетно модулирана радиотерапија (IMRT) o Опрема и техники за радиотерапија со мали полиња (стереотактична радиотерапија (SRT) и радиохирургија (SRS), стереотактична радиотерапија на тело (SBRT), IMRT, Томотерапија, Cyberknife, Gammaknife, VERO, и т.н.) o Верификација во радиотерапијата и терапија водена со имиџинг (Cone beam CT (CBCT), ултразвук (US), портален имиџинг, in-vivo дозиметрија (IVD), регистрација на слики) o Информациони системи во радијационата терапија o Принципи на менаџмент на квалитет во радијационата онкологија

1. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД НУКЛЕАРНА МЕДИЦИНА

1.1 Радијациона заштита	2 месеци
1.2 Радиобиологија	2 месеци
1.3 Набавка на опрема, тестови на прифаќање и одржување	2 месеци
1.4 Мерења на радиоактивност и интерна дозиметрија	2 месеци
1.5 Контрола на квалитет на опремата во нуклеарна медицина	2 месеци
1.6 Радионуклеидна терапија со примена на отворени извори на зрачење	2 месеци
1.7 Примена на компјутери и мрежно поврзување	2 месеци
1.8 Клиничка апликација	2 месеци
1.9 Подготвување и контрола на квалитет на Радиофармацевтици	2 месеци
1.10 Истражувачки проект	4 месеци

1.1	**РАДИЈАЦИОНА ЗАШТИТА**
	Мониторирање на радијациони нивоа, персонален мониторинг
	Изложеност на отворени извори и ризик од контаминација
	АЛАРА концепт и мерки на радијациона заштита во нуклеарна медицина
	Процена на ризик и препораки до персоналот, пациентите и останатите лица за радијациониот ризик
	Означување на простории за примена на отворени радиоактивни извори
	Аспект на радијациона заштита при дизајнирање на нови објекти
	Регулаторна контрола и останата регулатива за безбедно користење на јонизирачки зрачења во нуклеарна медицина
1.2	**РАДИОБИОЛОГИЈА**
	Класификација на радијацијата во радиобилогија
	Клеточен циклус и смрт на клетката

	Ефект од озрачување на клетката кислороден ефект
	Типови на оштетување од зрачењето (ткиво, орган и цело тело)
	Крива на клеточно преживување
	Крива доза одговор
	Рани и доцни ефекти од зрачењето (детерминистички, стохастички и тератогени), ефекти на ембрионот
	Моделирање , линеарно-квадратичен модел (LQ) α/β однос
	Фракционирање 2 Gy по фракција еквивалентна тотална доза EQD2Gy
	Ефект на јачината на дозата
	Веројатност за контрола на туморот (TCP) веројатност за компликации на нормалните ткива (NTCP), еквивалентна униформна доза (EUD)
	Толерантни дози и волумени, квантитативна анализа на нормални ефекти на ткивата во клиника (QUANTEC).
	Терапевтски однос за нормалните клетки и за туморските клетки
	Радио-сензитатори, протектори
1.3	**НАБАВКА НА ОПРЕМА, ТЕСТОВИ НА ПРИФАЌАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ**
	Аквизиција и одржување (животен век на опремата)
	Дозен калибратор (тест на прифаќање) и контрола на квалитет
	Сцинтилациона сонда и бунарест бројач (тест на прифаќање)
	Гама камера СПЕКТ, СПЕКТ/КТ (тест на прифаќање и одржување)
	ПЕТ/КТ (тест на прифаќање и одржување)
1.4	**МЕРЕЊЕ НА РАДИОАКТИВНОСТ И ИНТЕРНА ДОЗИМЕТРИЈА**
	Примена на препознатливи стандарди за радиоактивни мерења
	Формализам и апликација на интерна дозиметрија
	Радијациони дози на радиофармацевтици во дијагностичка нуклеарна медицина
1.5	**КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ (КК) НА ОПРЕМАТА ВО НУКЛЕАРНА**

	МЕДИЦИНА
	Дизајн и супервизија на програмата за КК
	КК на дозен калибратор
	КК на сцинтилациона сонда и бунарест бројач
	КК на гама камера, СПЕКТ, СПЕКТ/КТ
	КК на ПЕТ/КТ систем
	КК на дисплеј и уреди за копирање
	КК на ДХА системи
1.6	**РАДИОНУКЛИДНА ТЕРАПИЈА СО ПРИМЕНА НА ОТВОРЕНИ ИЗВОРИ НА ЗРАЧЕЊЕ**
	Принципи на радионуклидна терапија
	Дизајн на оддел за радионуклидна
	Процедура на третманот
	Избор на радиофармацевтици за терапија во нуклеарна медицина
	Дозиметрија на радионуклидни терапевтски процедури
	Мерки на радијациона заштита при примена на отворени радионуклиди за терапија
1.7	**ПРИМЕНА НА КОМПЈУТЕРИ И МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ**
	Протоколи за аквизиција и станици за процесирање
	Управување со компјутерски системи
	Прва линија на проблеми во компјутерските системи
	Техники на процесирање на слики
	Анализа на слики на висок програмски јазик (изборно)
	Реконструкција на слики, регистрација, фузија и кинетички модели
	Стандардни фајлови на формати на слики во нуклеарна медицина
	Мрежно поврзување, PAKS, RIS и HIS

	Валидација на софтвер: компјутерски симулации, фантоми и клинички податоци
1.8	**КЛИНИЧКА АПЛИКАЦИЈА**
	Протоколи за рутински клинички процедури
	Вообичаени артефакти на клиничките слики
	Анализа на вообичаени клинички студии извори на грешки
	Принципи и физиолошки основи на клинички студии
	Развој на клинички протоколи за процена на дозиметрија кај пациенти
	Оптимизација
	Физиолошки основи на ПЕТ методата
1.9	**ПОДГОТВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА РАДИОФАРМАЦЕВТИЦИ**
	Производство и подготовка на радиофармацевтици
	Контрола на квалитет на радиофармацевтици
1.10	**ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ**

2. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РАДИОТЕРАПИЈА И ОНКОЛОГИЈА

2.1 Радиобиологија

2.2 Дозиметрија во радиотерапија

2.3 Радијациона заштита

2.4 Физика во радијациона онкологија

2.5 Планирање на радиотераписки третман

2.6 Обезбедување квалитет

2.7 Брахитерапија

2.8 Истражувачки проект

2.1	**РАДИОБИОЛОГИЈА**
	Класификација на радијацијата во радиобилогија
	Клеточен циклус и смрт на клетката
	Ефект од озрачување на клетката кислороден ефект
	Типови на оштетување од зрачењето (ткиво, орган и цело тело)
	Крива на клеточно преживување
	Крива доза одговор
	Рани и доцни ефекти од зрачењето (детерминистички, стохастички и тератогени), ефекти на ембрионот
	Моделирање , линеарно-квадратичен модел (LQ)α/βоднос
	Фракционирање 2Gy по фракција еквивалентна тотална доза EQD2Gy
	Ефект на јачината на дозата
	Веројатност за контрола на туморот (TCP) веројатност за компликации на нормалните ткива (NTCP), еквивалентна униформна доза (EUD)
	Толерантни дози и волумени, квантитативна анализа на нормални ефекти на ткивата во клиника (QUANTEC).

	Терапевтски однос за нормалните клетки и за туморските клетки
	Радио-сензитатори, протектори
2.2	**ДОЗИМЕТРИЈА ВО РАДИОТЕРАПИЈА**
	Величини и единици
	Рамнотежа на наелектризирани честици
	Теорема на Фано
	Теорија на шуплини
	Радијациони стандарди
	Следливост и калибрација
	Калибрациони коефициенти (апсорбирана доза во воздух и вода)
	Јонизациони комори, термолуминисцентни дозиметри, филмови и гелови осетливи на радијација
	Мерење на дозата - определување на апсолутната доза, релативни мерења на дозата, протоколи за мерење на дозата и референтна дозиметрија
	Дозиметрија на мали полиња (фундаментални аспекти)
2.3	**РАДИЈАЦИОНА ЗАШТИТА**
	Вовед, извори на зрачење
	Детекција и мерење во заштита од зрачење(Гајгер Милеров бројач, пропорционални бројачи, сцинтилатори, термо-луминисцентни дозиметри, јонизациони комори, неутронски детектори)
	Експоненцијално ослабување, филтерска-полувредност (HVL), закон на обратниот квадрат, слој на десеткратно ослабување (TVL)
	Пресметки за заштита
	Операциона дозиметрија, еквивалентна доза, ефективна доза итн
	Правна рамка за заштита од зрачење
	Професионална, јавна изложеност и годишни граници на изложеност
	Процедури на итност

	АЛАРА концепт
	Принципи на заштита
	Транспорт на радиоактивен материјал и управување со отпад
	Процена на ризик и комуницирање за ризикот
2.4	**ФИЗИКА ВО РАДИЈАЦИОНА ОНКОЛОГИЈА**
	Киловолтажни рендген апарати, Линеарни акцелератори, кобалт-60 апарати, симулатори, апарати за снимање на порталите
	Карактеристики на киловолтажни снопови, карактеристики на мегаволтажни снопови, мануелно пресметување на дозата во фотонски снопови, карактеристики на електронски снопови
	Поставување на пациент, позиционирање и имобилизација Симулација, виртуелна симулација, дигитално реконструирани радиографи (DRRs), регистрација на слики Дозиметриски функции и основи на планирање на третманот Алгоритми за пресметување на дозата и корекции на хетерогеностите Пропишување, бележење и рапортирање според ICRU Reports 50, 62 и83 Основи на терапијата со електрони, ICRU Report 71 Инверзно планирање и оптимизација за интензитетно модулирана радиотерапија (IMRT) Опрема и техники за радиотерапија со мали полиња (стереотактична радиотерапија (SRT) и радиохирургија (SRS), стереотактична радиотерапија на тело (SBRT), IMRT, Томотерапија, Cyberknife, Gammaknife, VERO, и т.н.) Верификација во радиотерапијата и терапија водена со имиџинг (Cone beam CT (CBCT), ултразвук (US), портален имиџинг, in-vivo дозиметрија (IVD), регистрација на слики) Принципи на менаџмент на квалитет во радијационата онкологија
	Протоколи за аквизиција и станици за процесирање, управување со компјутерски системи, прва линија на проблеми во компјутерските системи, техники на процесирање на слики, анализа на слики на висок програмски јазик (изборно), реконструкција на слики, регистрација,

	фузија и кинетички модели, стандардни фајлови на формати на слики во нуклеарна медицина, мрежно поврзување, PAKS, RIS и HIS, валидација на софтвер: компјутерски симулации, фантоми и клинички податоци
2.5	**ПЛАНИРАЊЕ НА РАДИОТЕРАПИСКИ ТРЕТМАН**
	Принципи на пресметување на дозата кај пациенти, пресметување на дозата за фотонски снопови, пресметување на дозата за електронски снопови, пресметување со методата на Монте Карло
	Техники на изведување на радиотераписки третман - конформална терапија, интензитетно модулирана терапија, протонска терапија, стереотактична терапија, терапија на цело тело
	Планирање на третманот - Дефинирање на целниот волумен, прибирање на волуменски податоци за пациентот – компјутеризирана томографија, НМР за планирање на третманот, виртуелна симулација, техники за планирање на третманот со фотонски снопови, техники за планирање на третманот со електронски снопови, оценка на третманскиот план
2.6	**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ**
	Контрола на квалитет на киловолтажни и мегаволтажните апарати, обезбедување квалитет на планирањето на третманот, контрола на квалитет на изведувањето на третманот, DICOM и верификација
	Контрола на квалитет на уреди за симулација на радиотерапискиот третман
2.7	**БРАХИТЕРАПИЈА**
	Вовед во клиничката брахитерапија, калибрација и обезбедување квалитет на изворите, afterloading опрема, пресметување на дозата, радиобиологија на брахитерапијата
	ICRU Report 38 и AAPM TG 43 формализмите • Висока јачина на доза (HDR) и ниска јачина на доза (LDR) • Опрема и извори • Планирање на третманот
2.8	**ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ**

3. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РАДИОДИЈАГНОСТИКА И ИНТЕРВЕНТНА РАДИОЛОГИЈА

3.1 Физички карактеристики на радиодијагностика	2 месеци
3.2. Основи на радиолошка физика	2 месеци
3.3 Дозиметрија на јонизирачки зрачења	3 месеци
3.4 Инструменти, калибрација и опрема во радиодијагностика	2 месеци
3.5. Радијациона заштита и безбедност	2 месеци
3.6 Тестови за контрола на квалитет на опремата	3 месеци
3.7 Технологија на управување	2 месеци
3.8 Оптимизација	2 месеци
3.9 Истражувачки проект	4 месеци

3.1	**ФИЗИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РАДИОДИЈАГНОСТИКА**
	Основи на класична рендген дијагностика
	Основи на ултразвучна дијагностика
	Основи на компјутерска томографија
	Основи на магнетна резонанца
	Основи на нуклеарна медицина
	Основи на антомија и физиологија
	Основи на патологија
	Основи на радиотерапија и онкологија
3.2	**ОСНОВИ НА РАДИОЛОШКА ФИЗИКА**
	Градба на атомот - Атомско јадро - Нуклеарни сили

	- Енергија на врска - Нукиди и нивна класификација - Изотопи, изобари, изотони - Орбитални електрони - Јонизирачко зрачење - Јонизација и ексцитација на атомот - Карактеристични рендген зраци и Ожеови електрони
	Рентгенско зрачење (Х) - Историјат - Рентгенска цевка - Закочно зрачење – континуиран спектар на (Х)зрачење - Карактеристично зрачење. Линиски спектар - Филтри и квалитет на (Х) зрачење. Филтерска полувредност - Интеракција на (Х) зрачење и материјата - Апсорпција на (Х) зрачење во материјата - Основни својства на (Х)раците
	Основи на радиоактивноста - Природна радиоактивност - Алфа распад - Бета распад, Електронски зафат - Гама распад, Интерна конверзија - Неутронско зрачење - Некои законитости на дезинтеграција на радиоизотопите - Вештачка радиоактивност - Добивање на вештачки радиоизотопи

	Одбрани делови од оптика
3.3	**ДОЗИМЕТРИЈА НА ЈОНИЗИРАЧКИ ЗРАЧЕЊА**
	Рентгенска и рентгенографска техника Рентген апарат (Видови на рентген апарати, Составни делови, Рентгенски генератор, трансформатор, автотрансформатор, Рентгенска цевка, заштита на рентгенска цевка, Екран, електронски светлосен појачувач на сликата, држач, командна или регулацина маса, кабли, конструкција и видови на рентгенски апарати, касети, фолија, рентгенски филм, темна комора и фотографска обработка на филмот, расеани зраци во дијагностика, средства и мерки за нивна елиминација, расеани зраци и рентгенска снимка, стеснување на зрачниот сноп, компресија, секундарна брана (решетка)
	Основи на рентгенска слика и рентгенска симптоматологија
	Заштита од јонизирачко зрачење
	Нови дијагностички методи: - Компјутерска томографија - Ултрасонографија - Магнетна резонанца
	Рентгенологија на: - респираторен систем - Дигестивен тракт - Хепатобилијарен тракт и панкреас - Коскен систем
	Радиологија на дојка - Ехо дијагностика - мамографија

	Ревизија на доза, дозиметрија кај деца, процена на доза кај фетус
3.4	**ИНСТРУМЕНТИ, КАЛИБРАЦИЈА И ОПРЕМА ВО РАДИОДИЈАГНОСТИКА**
	- Радијациона дозиметрија и принципи на мерење на јонизација - опрема, калибрација на системот - нејонизирачки честици и принципи на мерење.
3.5	**РАДИЈАЦИОНА ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ**
	Персонална дозиметрија
	Процена на опасност од радијација
	Заштита од радијација и безбедност
	Намалување на доза – персонално и јавно
	Ненамерно и случајно изложување на зрачење во дијагностичка радиологија
	Безбедност при изведување на имиџинг со магнетна резонанца
3.6	**ТЕСТОВИ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА ИМИЏИНГ ОПРЕМАТА**
	Екран, филм, Филм за обработка и темна соба, Општа радиографија, дигитална флуороскопија, Компјутеризирана и дигитална радиографија, автоматска експозиција и уред за контрола, мамографија, Компјутеризирана томографија, Магнетна резонанца, ултразвук, прикажување и печатење, стоматолошка радиографија, двојна енергија на ретгенски зраци
	- Процена на квалитет на слика со фантом - Процена на квалитет на слика со клинички пациент
3.7	**ТЕХНОЛОГИЈА НА УПРАВУВАЊЕ**
	Квалитет на системот, Животен циклус на опремата, Тестови на прифаќање и пуштање во работа, рутинска контрола на квалитет и управување, Обработка на слики, оддел за дизајн
3.8	**ОПТИМИЗАЦИЈА** - Ризик од радијација на пациент во дијагностичка радиологија

	- Оптимизациски процеси
3.9	ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ

ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

Во текот на специјализантскиот стаж, специјализантот треба да ги совлада и практичните вештини од следниве области:

1. Дозиметрија		Број
	- Да умее да ја применува опремата за мерење на дози, да ја разбере смислата на дозиметријата и ограничувањето во таа проблематика	20
	- да применува различни дозиметри во различни клинички ситуации	20
	да умее да специфицира во кои состојби кој дозиметриски систем ќе се примени	20
	- да изврши процена на несигурноста во мерење на дозите	20
2. Радиобилогија		
	да ја објасни примената на радиобиолошки модели: LQ, TCP, NTCP	20
	да знае кои модели и параметри се имплементирани во локален систем за планирање	20
	да пресмета практично пример на примена на LQ моделот и да ги пресмета паузите на третманот	50
3. **Радиотерапија**		
	Калибрација на високоенергетски фотонски и електронски сноп	50
	Релативна дозиметрија на високоенергетски фотонски и електронски сноп со воден фантом	20
	Проверка на механичките параметри на радиотераписки	50

	уред	
	Дневни проверки на радиотераписки уред	100
	Изработка на радиотераписки третмански планови за различни регии и техники	1000
	Калибрација на in-vivo дозиметри	10
	Предтретманска верификација за радиотераписки третмани со модулиран сноп	50
	Филм и портал дозиметрија на радиотераписки сноп	50
	Контрола на квалитет на тераписка машина за напредни радиотераписки техники со модулиран интензитет на сноп	50
	Контрола на квалитет на компјутерски томограф за симулација на радиотераписки третман	20
	Контрола на квалитет на класичен рендгенски симулатор на радиотераписи третман	20
	Амбиентално дозиметриски мерења	30
	Калибрација на ортоволтажен радиотераписки сноп	20
	Регистрација на компјутерски томограм со слика од други дијагностички модалитети (МР, ПЕТ итн)	50
	Одредување на електронски третман на пациент на линеарен акцелератор	50
	Користење на радиотераписки уред во клинички и сервисен мод	100
4. Брахитерапија		
	- Опрема	20
	спецификација на извори	10
	- техники на зрачење, планирање и калкулација на дози	100
5. Заштита од зрачење		

	Да знае да ги објасни принципите на заштита	10
	Да врши евалуација на регулативите и препораките кои локално се користат	10
	да измери доза во околината каде работи со соодветна опрема	10
	да знае да ја објасни примената на ТЛД	5
	да изврши процена на ризик фактори во работната средина	5
	- да изработи план за евакуација во итни случаи	2
	да знае да пресмета заштита на бункери (акцелератор, симулатор, брахитерапија, КТ)	5
	да процени привремено сместување на потрошени радиоактивни извори до нивната замена или транспорт)	10
6. Радиодијагностика		
	Методи за добивање на дијагностичка слика	50
	методи и техники на снимање	30
	Програма за контрола на квалитет	30
	ЕХО дијагностика	30
	Физички принципи на магнетна резонанца	20
	МР како спектроскопска метода и нејзина примена во биохемија	20
	Клиничка примена	30
	- МР ангиографија	30
	Артефакти во МР	20
	Мерки на заштита	30

7. Нуклеарна медицина		
	Обука за правилно ракување со радионуклиди	20
	Гама камера (СПЕКТ, СПЕКТ/КТ, ПЕТ/КТ)	200
	Производство и особини на радиоизотопи кои се користат во медицината	20
	Дијагностички постапки кои се изведуваат со радионуклиди	500
	Терапија со радионуклиди	30
	Принципи на работа со отворени извори на зрачење	20
	Сигурносна контрола на квалитет при изведување на терапија и дијагностика со радионуклиди	20
	Процесирање на излезни резултати	500

ЛИТЕРАТУРА:

Нуклеарна медицина:

1. INTERNATIOANAL ATOMIC ENERGY AGENCY, International basic Safety Standards for Protection against Ionizing radiation and for the safety of Radiation Sources, safety Series No. 115, IAEA, Vienna (1996).
2. INTERNATIOANAL ATOMIC ENERGY AGENCY, Clinical training of medical physicist specializing in Nuclear Medicine, Training Course Series, 50, IAEA, Vienna(2011).
3. Quantitative Nuclear Medicine Imaging: Concepts, Requirements and Methods. IAEA Human Health reports No. 9.
4. INTERNATIONAL ORGANIZATION FOR MEDICAL PHYSICS, IOMP Policy Statement No.2, Basic. Requirements for Education and Training.
5. AMERICAN ASSOCIATION OF PHYSICISTS IN MEDICINE, Alternative Clinical pathways for medical Physicists, AAPM Rep. 133, New York (2008).

6. Nuclear medicine Physics: A Handbook for Teachers and Students. ISBN 978-92-0-143810-2/ STI/PUB/1617

7. PET/CT Atlas on Quality Control and Image Artifacts, IAEA Human health Series No.27

8. Radiation Science for Physicians and Public Health Workers, Marco Zeider and Harald H.Rossi, Kluwer Academic/Plenum Publisher, New York, 2001.

9. Physics of Radiation Protection, James E. Martin, Wiley-VCH Verlag GmbH Co. KgaA, Weinheim, 2004.

10. Radiation Protection Dosimetry: Radionuclide and Radiation Protection, Data Handbook 2002, D. Delacroix, J.P. Guerre, P. Leblanc, C. Hickman, Nuclear Technology Publishing 2002.

11. Physics in Nuclear Medicine, Cherry, Simon R. Saunders-Elsevier, 2003.

12. Radiation Dosimetry, Michael Stabin, Springer and Verlag, 2010.

13. Radiation Protection: A Guide for Scientists, Regulators and Physicians, Fourth Edition, Jacob Shapiro, Harvard University Press, 2002.

Дијагностичка радиологија:

1. INTERNATIOANAL ATOMIC ENERGY AGENCY, Clinical training of medical physicist specializing in Diagnostic radiology, Training course Series, No 47, IAEA, Vienna (2010).

2. Diagnostic Radiology Physics: A handbook for Teachers and Students ISBN 978-92-0-131010-1 STI/PUB/1564 (2014)

3. Dosimetry in Diagnostic Radiology for Pediatric Patients, IAEA Human Health Series No. 24 (2014)

4. Quality assurance Programme for Computed Tomography: diagnostic and Therapy Applications. IAEA Human Health Series No. 19

5. Radiation Protection in Pediatric Radiology. Safety Reports Series No.71.

6. INTERNATIONAL ORGANIZATION FOR MEDICAL PHYSICS, IOMP Policy Statement No.2, Basic. Requirements for Education and Training.

7. Roles and Responsibilities, and Education and Training Requirements for Clinically Qualified medical Physicists, IAEA Human Health series No. 25. ISBN 978-92-0-142010-7. STI/PUB/1610

8. Practical Radiation Protection in Health Care, C.J.Martin and D.G. Sutton, Oxford University Press, 2002.

9. Radiation Protection: A Guide for Scientists, Regulators and Physicians, Fourth Edition, Jacob Shapiro, Harvard University Press, 2002.

10. Radiation Dosimetry, Michael Stabin, Springer and Verlag, 2010

Радиотерапија:

1. Introduction to Health Physics, Fourth Edition, Herman Cember, Thomas E. Johnson, McGraw-Hill, 2009.

2. Physics of Radiation Protection, James E. Martin, Wiley-VCH Verlag GmbH Co. KgaA, Weinheim, 2004.

3. Radiation, detection and measurement. Knoll, Glen, Fourth Edition, John Wiley&Sons Inc, 2010.

4. Digital Image Processing for Medical Applications, Geoff Dougherty, Cambridge University Press, 2009.

5. The Physicis of Radiation Therapy, Fourth Edition, Khan F. M., Lippincott Williams and Wilkins, 2010.

6. The Physics of Radiology, Fourth Edition, Johns H. S., Cunningham J.R.; Charles C Thomas, 1983.

7. Fundamentals of Radiation Dosimetry, Seconnd Edition, Greening J. R., Adam Hilger, 1985.

8. Basic Clinical Radiobiology, Joiner M., van der Kogel A., Hodder Arnold, 2009.

9. Medical Electron accelerators, Karzmark C. J., Nunan C. S., Tanabe E.; McGraw-Hill, 1993.

10. Radiation Oncology Physics: A Handbook for Teachers and Students, IAEA Vienna, 2005.

11. Handbook of Radiotherapy Physics, Theory and Practice,; Mayles P., Nahum A., Rosenwald J.C. editors; CRC Press, 2007.

12. Introduction to Radiological Physics and Radiation Dosimetry, Attix F. H., John Wiley &Sons, 1986.

Journals

1. JAMA
2. Health Physics (www.health-physics.com)
3. Nuclear Medicine Communications
4. European Journal of Nuclear Medicine & molecular Imaging http://ejnmmigateway.net
5. World Journal of Nuclear Medicine
6. MedicalPhysics (http://scitation.aip.org/content/aapm/journal/medphys/browse
7. Physics in Medicine and Biology http://iopscience.iop.org/0031-9155/

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29, Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Татијана Лалчевска
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2021 година изнесува 12.200 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово

ISSN 0354-1622
Цената на овој број е 450 денари.